РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:

## КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЈАВНОТО И ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО


Ментор: Проф.д-р Оливер Бакрески

Кандидат: Даниела Велкова


Февруари, 2015

Скопје

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 5

ГЛАВА I ..... 10

ТЕРМИНОЛОШКИ ДИВЕРГЕНЦИИ НА ПОИМОТ ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ..... 10

1. ОПШТО ЗА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 12
2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ..... 15
3. ПОТРЕБАТА ЗА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ..... 19
4. УЛОГА НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 21

5. РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 23

6. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 25

ГЛАВА II ..... 29

ПРИВАТНОТО И ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО КАКО КЛУЧЕН КОНЦЕПТ ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 29

1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И КОНТИНУИТЕТ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 31

2. ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО И ГЕНЕРАЛНИТЕ ТРЕНДОВИ ЗА НЕГО ..... 36

3. ВАЖНОСТА ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ..... 40

4. ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО И ОСНОВНИТЕ БАЗИ ЗА НЕГОВО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ..... 45

5. ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ КОИ ШТО СЕ ДЕЛ ОД ПРИЗМАТА НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО ОДНОС НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ..... 51

6. МОМЕНТАЛНИОТ СТАТУС НА ВРСКАТА ПОМЕЃУ ПОЛИЦИЈАТА И ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ..... 54

7. ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУКТУРАТА И РЕСУРСИТЕ ВО ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ..... 57

8. ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА И ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО ОДНОС НА НИВНОТО ПАРТНЕРСТВО ..... 58

9. ПРЕДНОСТИ ВО СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ..... 59

10. ПРИЧИНИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ КОН НЕУСПЕХ НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ..... 63

ГЛАВА III ..... 66

ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО И НАПОРИТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛОТ И КРИМИНАЛНИТЕ ДЕЛА ..... 66

1. ОПШТА РЕТРОСПЕКТИВА ЗА КРИМИНАЛОТ И НЕГОВОТО РАЗОРНО ДЕЈСТВО ВРЗ ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА ВООПШТО ..... 68

2. СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО ОДНОС НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЕДЕНИ КРИМИНАЛНИ ДЕЛА ..... 69

3. ЈАВНОТО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО СПРАВУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА КРИМИНАЛНИТЕ ДЕЛА ..... 71

4. УЛОГАТА НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ ..... 74

ГЛАВА IV ..... 76

ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МОЖНОСТИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ..... 76

1. ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 78

2. ПРИВАТНИ АГЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 79

3. ДЕЈНОСТИ КОИ ГИ ВРШАТ ПРИВАТНИТЕ АГЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ..... 81

4. НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ПРИВАТНИТЕ АГЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 83

5. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 84

ГЛАВА V ..... 87

КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД БАЛКАНОТ – КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА ..... 87

1. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ НА БАЛКАНОТ ..... 89

2. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА ..... 89

2.1 Развојот на приватната безбедност во Србија ..... 89

2.2 Приватни агенции за обезбедување во Република Србија ..... 91

2.3 Услуги кои ги извршуваат приватните компании за обезбедување ..... 92

2.4 Надзор над активностите и работата на агенциите за приватно обезбедување во Република Србија ..... 93

2.5 Концептот на приватното-јавно партнерство во однос на приватна безбедност во Србија ..... 94

3. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ..... 96

3.1 Општи одредби за приватната безбедност во Хрватска ....96

3.2 Приватни агенции за обезбедување во Република Хрватска ....97

3.3 Услуги кои ги извршуваат приватните агенции за обезбедување ....98

3.4 Надзор над активностите и работата на агенциите за обезбедување во Република Хрватска ....99

3.5 Коцептот на приватно – јавно партнерство во однос на приватната безбедност во Хрватска ....100

4. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ....101

4.1 Општи одредби за концептот на приватна безбедност во Босна и Херцеговина ....101

4.2 Приватни агенции за обезбедување во Босна и Херцеговина ....102

4.3 Услуги кои ги извршуваат приватните агенции за обезбедување ....104

4.4 Надзор над работата на приватните агенции за обезбедување во Босна и Херцеговина ....105

4.5 Концептот на приватно – јавно партнерство во однос на приватната безбедност во Босна и Херцеговина ....106

5. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА ЗА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА, РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ....106

ГЛАВА VI ....109

ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ....109

1. АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ВО ВРСКА СО СФАЌАЊЕТО НА КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЈАВНОТО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ....111

1.1 Опфат на истражувањето ....111

1.2 Интерпретација на прашањата и одговорите од спроведениот прашалник ....111

1.3 Заклучок од спроведениот прашалник ....121

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ....124

БИБЛИОГРАФИЈА: ....130

## ВОВЕД

Приватната безбедност е еден исклучителен феномен во глобалната безбедносна агенда. Се манифестира со различни облици на дејствување и соработка со јавниот сектор, при што ја генерира потребата за негово целосно препознавање и истражување. Со цел навремена и ефикасна превенција на инфраструктурата на нацијата, мора да се дејствува заеднички, бидејќи никој не ги поседува потребните ресурси и можности за да дејствува сам. Во однос на тоа дека приватниот сектор поседува и штити 85 % од инфраструктурата на државата, може да се констатира дека сите витални информации се во негови раце. Со цел подлабоко распознавање на односите со приватниот и јавниот сектор, се презентираат многу истражувања, како и зголемената достапност на соодветните информации, кои ја откриваат срж̀та на овие односи.

Општо е познато дека безбедноста на секого е неоспорен фактор кој зависи од многу елементи. Меѓутоа за да се исполни, онака како што очекува секој поединец, неопходно е сузбивање на тие сосем мали разлики, и создавање на едно јадро кое ќе ги опфаќа сите приватни – јавни мерки и активности, насочени кон воздигнување на една состојба која ќе резултира со сигурност и енергичност на нацијата.

Релацијата по која се движи приватната безбедност често соодвестува со релацијата на јавната безбедност. Нивниот правец оди кон извршување на сите традиционални активности кои придонесуваат за заштита на луѓето, имотот, превентива на клучни и тајни информации, како и мерки и активности кон продонес за националниот обид за заштита на земјата од внатрешни и надворешни закани. Важноста, како и зголемувањето на придонесот за заедничко дејствување и сложена координација, бара зголемување на нивото на партнерство меѓу полицијата и приватното обезбедување. Подобар одговор на сите терористички напади, превенција од криминалот, здобивање на информации од витално значење, заштита на домашната безбедност, како и безбедноста на луѓето, на сопственоста, го поттикнуваат тој напор да се вклопи во една целина од заедничко дејствување и соработка. Оваа релација на односи го добива своето значење во услови на кризи, каде секоја информација и секое мислење е важно, во услови кога човековиот живот е под постојана закана, така што е неопходно спојување на сите ресурси, сили на моќ, со цел континуирана и постојана

заштита на целокупната територија на една земја. Полицијата и приватните безбедносни компании беа формирани за решавање на голем број на критични потреби: да се спречи или одговори на терористичките напади, поддршка на урбаните центри за ревитализација, маршал ресурси за борба против финансискиот криминал, надоместоци за намалување на буџетот за спроведување на законот, подобрување на безбедноста на специјални настани, подобрување на безбедноста на инфраструктурата на нацијата, намалување на буџетот во однос на спроведување на законот.[1]

Користејќи истражувачки методи и техники низ ова научно истражување ќе се анализираат механизмите за соработка помеѓу приватните и јавните партнерства, организациската поставеност, активностите кои се воспоставени како долгорочна алтернатива, меѓузависноста и функционалноста помеѓу истите, предностите и слабостите со и без нивна соработка, како и можностите/неможностите со финансирањето, во однос на остварувањето на своите цели.

Конкретно ова истражување има за цел да придонесе кон сознанието дали и колку концептот на приватната безбедност е остварлив низ партнерството помеѓу јавниот и приватниот сектор и дали таа соработка има големо влијание во осигурување на безбедноста. Притоа како тоа се одразува врз демократските слободи и права на граѓаните. Преку содржината на трудот ќе се истражуваат следните проблематики:

- Ќе се согледаат односите помеѓу приватното и јавно партнерство во безбедносниот сектор;
- Ќе се истражи комплекстоста на надлежните институции во остварувањето на безбедноста, во релација на приватното и јавно партнерство;
- Ќе се види колку приватната безбедност, низ призмата на приватните и јавни партнерства, е клучна претпоставка за ефикасно остварување на безбедноста;
- Ќе се утврди кои се најчестите предизвици со кои се соочуваме денес, а ја засегаат приватната безбедност, и безбедноста воопшто, и зошто е тоа така. Дали тоа се закани по животот на човекот, неговиот интегритет, неговата состојба, дали тие закани може да ескалираат во конфликт од поголем

[1] Пошироко види: U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership – Trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington, p. 5

размер, во криминал и тероризам, и дали и колку истите можат да се елиминираат со взаемна соработка;

- Ќе се утврди функционалноста на приватните и јавните установи, во заедничкото функционирање, како и слабостите и бенефитите од нивната не/соработка;
- Ќе се согледа каква е законската регулатива и уставно – правната рамка на дејствување на приватниот и јавниот сектор во осигурување на безбедноста.

Во последните неколку децении, постојано се јавуваат закани кои директно или индиректно влијаат на загрозување на безбедноста. Независно дали тоа ќе бидат закани спроведени преку криминални дела и активности, или закани кои ќе ескалираат во терористички напади, сепак претставуваат една сериозна симбиоза на нарушување на државниот интегритет и независност. Глобализацијата, брзиот технолошки развој, соработката помеѓу државите која еруптира во "поголема слобода" се погодно тло за развивање на нови форми на терористичко и криминално однесување. Токму овие негативни импликации, влијаат доста сериозно како на безбедноста воопшто, така и на приватната безбедност. Дали поголемиот дел од територијата ќе биде загрозен, или пак животот на нацијата, секако еден ќе излезе повреден. Мора да се преземаат низа на активности и неопходни мерки со цел да се спречат секакви идни нарушувања и злонамери, насочени кон безбедносната состојба. Веројатноста сите напори да резултираат со поголем успех мора да резултираат и со поголема сила на моќ, како и соработка помеѓу различни тела. Од горенаведеното произлегува дека полицијата во соработка со приватните компании, и обратно, може да придонесат кон зголемување на напорот за елиминирање на сите негативни импликации, со што воопшто нема да се игнорираат разликите меѓу полицијата и приватната безбедност, како посебни структури, но со слична цел на дејствување.

*"Сигурна и безбедна заедница како што е важна за нашите гости и членовите на нашиот тим, исто така е важна и за нас. Ние создаваме концентриран напор преку цел за слобода, за спроведување на експертизата и ресурсите и спроведување*

*на законот во секое ниво, низ целата земја, бидејќи ние веруваме дека кога заедниците се безбедни, сите се победници."*[2]

Сигурната и безбедносна заедница, е резултат на напорот да се обединат обата сектори, при што ќе се допринесе до значително располагање со неопходни ресурси, нивно квалитетно и рационално искористување, зголемување на моќта на издржливоста и храброста, како и поттикот да се одигра најдобро. Приватната безбедност, како и безбедносните сили се во состојба на професионално доставување на безбедноста, по разумна цена, на начин кој помага во осигурувањето дека правдата за сите поединци и групи во општеството е сервирана.[3]

Ако извршиме анализа на многу истражувања добиени од страна на светските аналитичари, ќе дојдеме до заклучок дека приватната и јавна безбедност, резултираат во приватно – јавно партнерство, кое има значително влијание врз осигурување на безбедноста. Додека во некои земји е непознато и сеуште неразвиено, во други станува глобален пратечки тренд прикосновен кон постојано и правовремено решавање на проблеми, кои може да ескалираат во енормни катастрофи. Ова партнерство нуди голем број на бенефиции за обете страни:

- Креативно и оптимално решавање на проблемите, уште пред да ескалираат во катастрофи од поголем размер;
- Зголемување на можностите за обука, како предуслов за правовремено надополнување на критериумите на знаења и вештини;
- Информации, податоци, како и достигнување на врвната кулминација на размена на разузнавачки информации;
- Овозможување на повеќекратна и повеќестепена сила и моќ;
- Овозможен слободен пристап до заедницата преку обемната комуникациска технологија во приватниот сектор;
- Размена на идеи и сознанија, кои може да преставуваат клучна основа за понатамошна соработка.

Ова може да има големо влијание и да придонесе кон осигурување на мирот и стабилноста, како адекватен одговор на опасностите по безбедноста. Тоа би се движело

[2] Tim Baer Executive Vice President and General Counsel Target Corporation

[3] Security Sector Reform and Intergovernmental Organisations, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces, 05/2009

во релација на елиминирање на соодветни ризици и закани по безбедноста, кои се карактеризираат со високо ниво на непредвидливост, негативна енергија и транснационалност, откривање на размерот на несакани дејствија кои можат да влијаат негативно врз опстанокот на приватните корпорации. Заедничкиот сооднос се стреми кон заедничка визија, заедничка одговорност и заеднички успех. Гледајќи наназад, може да дојдеме до заклучок дека јавниот сектор е главен и одговорен водич и орган за превенција, во однос на сите опасности и закани кои биле присутни. Не е исклучок дека и денес, во поголем број на земји се уште нема воспоставено повисок степен на соработка, бидејќи постои верувањето дека моќта за сѐ е во рацете на државата, иако и приватните компании се дел од тоа "моќно" јадро. Негативните ефекти од непостоењето на овој однос, се едни од клучните показатели кои го детерминираат економскиот, политичкиот и безбедносниот систем на една држава. Потребно е да се стави акцент на јавното – приватно партнерство, со цел поуспешно дејствување и оградување на сложена стратегија, како соодветен одговор на сите негативни современи импликации предизвикани од широките ограноци на криминалот, нелегалната трговија со дрога, со луѓе, перењето на пари, економскиот криминал како "огнен јазол" по безбедноста на една држава. Со самото тоа, ќе се развие и поткрепи концептот на демократија, успешно спроведување и заштита на човековите права, како и проширување на степенот на соработка со воените компании, со што ќе се соgради еквивалентна соодветност во севкупната одбрана и заштита на државите. Акцентирајќи го анализираниот напор, ќе се отвори и едно идеално гледиште за активностите на правните субјекти од аспект на нивната подготвеност и професионалност, за тоа како најуспешно, најбрзо, најкреативно и без големи штети, да се одговори на нападите и заканите, од страна на одредени криминогени структури.

Како резултат на севкупноста на овие елементи, како и актуелноста на оваа проблематика, со сигурност може да се каже дека истражувачкиот проблем го заслужува потребното внимание.

## ГЛАВА I

# ТЕРМИНОЛОШКИ ДИВЕРГЕНЦИИ НА ПОИМОТ ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. ОПШТО ЗА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Самото проширување и продлабочување на меѓународната агенда не доведе до поголема ефикасност и успешност во справувањето со акутните и хроничните безбедносни проблеми. Не помогна ниту богатата и разновидна планета на референтни објекти на безбедноста, бидејќи сè уште доминираат старо – новите методи за разрешување на безбедносните предизвици.[4] Постојаното продлабочување и проширување на концептот на безбедност, ја нагласува потребата од поголема заштита на човекот, заштита на идентитетот, на имотот. Ова доведе на безбедносната агенда да бидат прифатени нови безбедносни концепти како "хумана безбедност", "енергетска безбедност", "приватна безбедност" , "корпоративна безбедност".[5]

Дали приватната безбедност е нов феномен, или не? Во повеќето академски трудови се тврди дека во текот на последните децении приватното обезбедување расте во важност и обем. По години академско заостанување, приватната безбедност ги покажа почетоците на доминација на централната бина во науката. Постојат различни теоретски насоки кои укажуваат за растечката доминација на приватната безбедност и служба. Почетоците на приватната безбедност датираат уште од праисторијата, од самиот развој на човекот, од тој миг кога група на луѓе се заштитувале себе си и своите фамилии од напади на диви ѕверови и диверзантски непријатели[6]. Исто како развојот на човештвото во целиот свет, така и приватната безбедност ја добила својата форма и облик во локалната област[7]. Во одреден број на земји таа се состоела од група на поединци, приватни лица, истражители, со единствена цел заштита на себе и другите. После извесен период, приватната безбедност зазема големи размери, со што ја начнува потребата од единствено означување на своите припадници, преку групна униформа, платен работен труд и организирана поставеност. Токму овие потези укажуваат на тоа дека приватната безбедност, е многу стар поим, при што по децении понапред таа еволуира во најзначајна гранка на безбедноста. Се издвојува како посебен ентитет, со посебна и сериозна организациона стуктура, со врвни нивоа на раководење и умешност во извршување на конкретни и сложени проблематики.

[4] Билјана Ванковска, Меѓународна безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 11.
[5] Оливер Бакрески, Драган Триван, Сашо Митевски, Корпорациски безбедносен систем, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје 2012, стр. 26.
[6] Johan S. Dempsey, Introduction to private security (second edition), USA, 2011, p.2.
[7] Edward J. Maggio, Private Security in the 21st Century: Concepts and Applications, 2008, USA, p.1

Денес приватната безбедност е одговорна не само за заштита на многу од институциите на нацијата и на системите на критичната инфраструктура, туку и за заштита на интелектуалната сопственост и чувствителните корпоративни информации.[8] Се забележува голема тенденција во однос на зголемување на дејноста на приватната безбедност. Постојат само мал број држави во кои не се одвива овој процес на приватизација. Зголемувањето на бројот и значењето на приватните компании кои даваат услуги од воен и безбедносен карактер и услуги во делот на физички – техничките обезбедувања, претставуваат глобален феномен кон крајот на XX и почетокот на XXI век. Со тоа државата и нејзините институции не се веќе единствени субјекти кои се грижат за надворешната и внатрешната безбедност на своите граѓани.[9] Достапните податоци водат кон тезата за енормен пораст на севкупните активности и позитивни последици од истото. Таа претставува симбол и стереотип за "Приватно око", каде секоја инфомација е битна, каде секој потег е забележан, и каде од секој збор се открива безбедносна закана. Комплексноста на поимот, произлегува од неговата употреба, како и проблематичноста околу дефинирањето поради различните ставови на теоретичарите. Обемот на приватната безбедност се проширува, со оглед на тоа дека преку создавањето на приватните компании, се зголемува и бројот на субјектите кои учествуваат во борбата против секое нужно зло, како криминал, трговија со луѓе, оружје, дрога, и сл. Приватната безбедност е резултат на бројните идеи, концепти, историски услови и општествени ситуации, а денес е составен дел во секојдневното работење на институциите, бизнис заедницата, индустријата и воопшто при организирањето на општеството[10]. Истата денес го опфаќа вкупниот конгломерат на компании кои се активни во сите постоечки и можни области во безбедноста. Така таа ја има клучната улога во однос на овозможување на идеална состојба, во која преовладува, стабилност, сигурност, безбедност. Токму затоа тенденцијата кон зголемување на опсегот на приватната безбедност е во постојан раст, а и бројот на лица вклучени во севкупните активности енормно се зголемува, со оглед на фактот дека безбедноста и понатаму ја задржува и продлабочува главната улога во елиминирање на сите безбедносни закани и

[8] Kevin Strom, PhD; Marcus Berzofsky, MS; Bonnie Shook-Sa, MAS; Kelle Barrick, PhD; Crystal Daye, MPA; Nicole Horstmann, BS;Susan Kinsey, BS., The Private Security Industry: A Review of the Definitions, Available Data Sources, and Paths Moving Forward, Department of Justice, December 2010, p. 1-1.

[9] Schreier F. and Caparini M., Privatising Security: Law, Practise and Governance of Private Military and Security Companies, Geneva, DCAF, 2005, p.1.

[10] Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год., стр. 141

воспоставување на трајна состојба на безбедност, која реално никогаш не може да го достигне идеалното ниво на рамнотежа. Иако преовладуваат различни размислувања за зголемување на степенот на приватизација, а со самото тоа и зголемување на акцентот на приватната безбедност, според некои аналитичари главната причина лежи во слабата држава, која е претставена со висока неефикасност на системот за безбедност поврзан со неспособноста на владата да ги врши основните безбедносни функции. Постојат различни ставови за тоа кои се основните причини што доведуваат до зголемување на приватизацијата на безбедноста. Според некои аналитичари, се смета дека слабата држава е основната причина за приватизација на безбедноста. Во државите со развиена демократија зголемувањето на развојот на приватните компании доаѓа по Студената војна кога се напушта концептот на големите војски и либерално – демократските држави спроведуваат радикални реформи на вооружените сили со желба да се намали нивната бројност, да се зголеми техничката опременост, да се зголеми нивната способност за брзо реагирање на современите ризици и закани. На ова влијае и брзиот развој на процесот на приватизација на секторот на безбедност, бидејќи повеќето припадници на вооружените сили своето искуство од областа на безбедноста го валоризирале во приватните компании. Сосема е друга ситуацијата со слабите држави во кои безбедносниот сектор се обликува, се насочува и се финансира од страна на државните институции, но на еден изразит неефикасен начин. Неефикасноста на системот на безбедноста е во директна врска со неспособноста на владата да ги врши основните безбедносни функции. Оттука се наметнува потребата за приватизација на безбедноста и за поголема улога на компаниите кои ќе нудат "безбедност" ставајќи се во улога на сериозен партнер заедно со државните безбедносни структури во обезбедувањето на потребното ниво на безбедност.[11]

Поради ова доаѓа до постепено зголемување на влијанието на приватната безбедност, при тоа валоризирајќи ја нејзината заштитна функција. Како добра аналогија за приватната безбедност е високопрофилниот униформиран сектор, како и воспоставените насоки кон постојано подобрување на квалитетот и врската со обичниот граѓанин.

Како соодветен доказ и показание за постојаната и зголемена улога на приватната безбедност говори и Конфедерацијата за европски безбедносни служби

[11] Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год., стр. 141

(CoESS), која се состои од 26 национални приватни компании и служби за безбедност. Предвидено е зголемување на бројот на јавни клиенти, почнувајќи од Министерства/Институции на Европската Унија, па кон нуклеарни централи, аеродроми, критични инфраструктурни објекти, национални владини агенции и институции (јавни болници, универзитети, и сл.). Клучната цел е да ги брани интересите на нејзините национални федерации, на членовите, во однос на остварувањето на услуги од приватната безбедност, на Европско и на меѓународно ниво, потоа да ги претставува заедничките интереси врз база на усогласување со законодавството и прописите на приватната безбедност.[12]

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ

Ако го земеме предвид фактот дека безбедноста е комплексен поим, кој не може да се дефинира соодветно, бидејќи во секој поглед нешто ќе недостасува, и нема да е терминолошки потенцирано, тогаш приватната безбедност делумно ја елиминира таа проблематика, иако и при нејзино дефинирање се соочуваме со различни пристапи и мислења, засновани на поткрепени и слични ставови, од страна на врвни експерти.

Од многуте автори кои ја имаат проучувано приватната безбедност, може да констатитаме дека, нејзиното дефинирање ја задржува истата основа кај секој од нив, при што суштината е делумно иста, иако концептот на дефиницијата може да биде различен. Експертите не се согласуваат за тоа што претставува приватната безбедност, при што дефинициските разлики произлегуваат од фокусот на работните задачи, влијанието на профитот и корисникот на услугата и сл. Тоа е показател дека приватната безбедност, има доминација сегде, со исти или слични цели на дејствување, и што е најважно е се повеќе присутна во државите.

CoESS (Конфедерацијата на Европски безбедносни служби) ја усвои следната дефиниција за приватната безбедност: Приватната безбедност опфаќа збир на активности кои се состојат од превенција, следење и следење на собирање на

---

[12] http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/public consultation/2013/pdf/0027/organisations/coess-confederation-of-european-security-services_en.pdf, преземено на 04.07.2014

информации, советување и контрола околу понудата за плаќање од страна на приватни лица на слободниот пазар на други приватни и јавни личности. Понатаму, двете компоненти на фразата "приватната безбедност" ја означуваат нејзината содржина. Компонентата "приватна" значи дека безбедносната компанија која врши обезбедување на безбедносните служби е невладина организација, при што нудењето на овие услуги се поткрепени со комерцијална основа. Компонентата "безбедност" треба да се сфати во смисла на безбедност поврзана со криминал. Ова ја отфрла безбедноста поврзана со катастрофи, како што се пожари во згради или здравствени проблеми.[13] Оваа поширока дефиниција не само што ги опфаќа "редовните" безбедносни компании кои обезбедуваат персонал и опрема, но исто така и консултантски услуги било или не по пат на посебна судска консултантска поделба, со цел да се придонесе за подобрување на безбедноста на компаниите во однос на криминалот.

RAND корпорацијата ја има дефинирано приватната безбедност како: сите видови на приватни организации и поединци кои ги обезбедуваат сите видови на безбедносни услуги, вклучувајќи истрага, патрола, чувари, детектор за лаги, оклопен транспорт. (Kakalik & Wildhorn, 1971b, p. 3).

Грин (Green, 1981) ја дефинира приватната безбедност како – оние поединци, организации, и услуги кои се законски спроведувани од јавните агенции, при што првенствено се занимаваат со превенција на криминалот, загуби или оштетувања на одредени поединци, организации или установи.

Американското друштво за индустриска безбедност (ASIS) како најголема асоцијација за приватна безбедност на професионалците во САД, ја имаат дефинирано приватната безбедност како: невладин приватен сектор, кој практикува заштита на луѓето, имотот, информациите, спроведување на истраги и заштита на средствата на организацијата. ASIS понатаму тврди дека приватната безбедност има улога во помагање на приватниот сектор за обезбедување на својот бизнис и на критичната инфраструктура, без разлика дали е од природни катастрофи, несреќи или планирани активности како што се теористички напади, вандализам итн.

---

[13] Karen Verpoest, Maarten van Dijck,Ghent University, Inventory and evaluation of private security sector contributions, 31 Aug, 2005, p. 4/21

Поширока дефиниција која најчесто се користи денес е дека поимот приватна безбедност може да претставува широк спектар на организации, вклучувајќи ја и корпоративната безбедност, чувари на компании, блендирани автомобили на претпријатија, истражувачки служби и многу други.[14]

Приватната безбедност може да се дефинира како состојба на битието, во која поединци или групи може да ги извршуваат своите цели без прекин, без штета и без страв од загуба или повреда. Понатаму, за организацијата е значајно да биде во можност да се продолжи со деловните активности, меѓутоа без прекин од кривични закани или природни катастрофи. Од ова произлегува дека приватната безбедност има две основи: кои се однесуваат на поединецот или групата, и кои се однесуваат на самата организација.[15]

Саут (South, 1988) дискутирајќи ја дефиницијата за приватната безбедност, преферира да не се употребува изразот "приватна полиција" за да се опишат луѓето кои работат во оваа индустрија. Тој признава дека "приватната безбедност е многу широк поим"(South, 1983, 2), и концептот "безбедност" е комплексен. Додека Shearing (1980, 16) претендира дефинирање на безбедноста која се врти околу заштита на информации, лица и имот, и нагласува дека постои разлика помеѓу полицијата и приватната безбедност во поглед на *правниот статус, контролата и одговорноста*.

Приватната безбедност не е јасно дефинирана хомогена група, туку "мноштво на индустрии" големи и мали, сите некако поврзани со обезбедувањето на безбедносните служби. Тоа обично вклучува работа на безбедносни чувари, корпоративна безбедност и загуба на кадар за превенција, аларм и специјалистички надзор, приватни истражувачи, персонал на околопни возила, производители на безбедносна опрема, безбедносни консултанти и инженери, како и поединци кои што се вклучени во различни улоги поврзани со научници од приватни форензичарски лаборатории, кон заштита на кучиња специјалисти, тренирани за пронаоѓање на дрога. (Forst 2000: 22)

---

14 Kevin Strom, PhD; Marcus Berzofsky, MS; Bonnie Shook-Sa, MAS; Kelle Barrick, PhD; Crystal Daye, MPA; Nicole Horstmann, BS; Susan Kinsey, BS, The Private Security Industry: A Review of the Definitions, Available Data Sources, and Paths Moving Forward, RTI International under Cooperative Agreement Number 2009–BJ–CX–K045 from the Bureau of Justice Statistics (BJS), December 2010, p. 2-3.

15 Mark Golsby, POLICE AND PRIVATE SECURITY WORKING TOGETHER IN A CO-OPERATIVE APPROACH TO CRIME PREVENTION AND PUBLIC SAFETY, Australian Institute of Criminology and the National Campaign Against Violence and Crime and held in Hobart, 1998, p. 23.

Според Љ. Стајиќ приватната (корпорациска) безбедност е планска, организирана и врз основа на закон формирана самостојна или заедничка дејност и функција на организациите, приватни и(ли) професионални агенции, насочени кон сопствена заштита или заштита на други, како и заштита на соодветни лица, простори, објекти, работења или дејности, а кои не се покриени со ексклузивна заштита од страна на државните органи.[16]

Федералната влада, како спонзорирана задача од силите на приватната безбедност, истата ја дефинира: "Оние самовработени лица и приватно финансирани деловни субјекти и организации, кои обезбедуваат безбедносни услуги за специфични муштерии кои за тоа плаќаат одредена парична надокнада, за поединец или правно лице кое ги користи првенствено за заштита на себе, приватната сопственост и интересите од различни опасности."[17]

Приватната безбедност е гранка на безбедноста, која организира самостојни или заеднички систематски и плански активности од страна на поединци, организација или приватна професионална компанија, за обезбедување на лична заштита или заштита на другите , како и соодветна заштита на високи личности, простор, бизнис, а која не е во надлежност на државните органи.[18]

Како анализа на сите дефиниции, без разлика на изворот од каде потекнуваат, можеме да дојдеме до заклучок дека суштината на истите, се одвива во идентична насока. Нема сомневање дека, приватната безбедност го зазема ставот на извршување на безбедносни услуги, кои се движат кон севкупна заштита на човекот и човековите добра, како и стабилна и цврста потпора кон превенција на криминалните дела и активности.

Може да констатираме битни елементи кои што се карактеристични за сите облици на дефинирање на приватната безбедност. Тие се следните:

- Приватната безбедност е дефинирана како законска дејност;
- Претендира кон превенција од криминал, терористички напади;
- Заштита на приватноста и сигурноста кај физички и правни лица;

[16] Стајић Љубомир, "Правни оквир приватне безбедности", Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, бр. 1-2/2008, стр. 383.
[17] Johan S. Dempsey, "Introduction to private security, 2nd edition, USA, 2011, p.2."
[18] Dr. sci. Armin Kržalić, STANJE PRIVATNE SIGURNOSTI U BOSNI I HERCEGOVINI, Cenar za sigurnosne studije – BiH, Septembar 2009, s. 10

- Неможност за ексклузивна заштита од страна на државните органи.

Анализирајќи ја комплексноста на поимот приватна безбедност, како и фундаменталните карактеристики на истиот, принципите и функциите во неговиот домен, може да дадеме наше дефинирање на поимот приватна безбедност, кое се темели на севкупната извршена анализа од дефинирањето на овој поим од страна на многу автори.

Па според тоа, приватната безбедност претставува, дел од невладинот приватен сектор, организација формирана врз законски основи, која своето финансиско опстојување го темели врз база на платен труд, со единствена цел, комплетно извршување на услугите на клиентите и обезбедување на врвна заштита на информации, дејност или работа, со што се гарантира ефикасно демократско почитување на индивидуалните слободи и права на човекот.

## 3. ПОТРЕБАТА ЗА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ

Потребата од приватна безбедност е поврзана со енормно зголемување на повикот за високо ниво на квалитет и гаранција, за оние кои се потенцијални корисници на приватните безбедносни услуги, испорачани на професионален начин, во кој нема простор за злоупотреба.[19] Таа нуди широк спектар на услуги, кои како централен елемент ги имаат човековите права, манифестирајќи ги со комбинација на висока технологија и безбедносна опрема. Ова придонесува кон развивање на приватната безбедност на едно професионално ниво, создавајќи слика за една сериозна организација, која зависи од добро обучен и високо квалификуван персонал. Растот на приватната безбедност ги покопува прашањата за сериозното влијание на комерцијалните принципи на етика, правда и одговорност. Нејзината постојана активност во голема мера може да придонесе кон можност за решавање на критични прашања во однос на современото управување, како и предлози по решенијата за сериозно спречување на современото зло, интерпретирано од опасни вооружени групи, кои неосомнено претат на националната безбедност на една држава. Со цел да дојдеме

[19] 4th European conference private security "Towards a European Model of Private Security" Joint declaration by CoESS and UNI-Europa, Madrid, 14&15 October 2004, p. 1

до комплетна анализа за улогата на приватната безбедност, може да кажеме дека таа настапува во неколку широко дефинирани области:

- Борба против домашниот и меѓународниот криминал и создавање на слика дека таа подлежи на сериозна контрола и санкции од страна на секоја домашна Влада;
- Превенција од злоупотреба и уништување, и целокупна заштита на ресурсите на една земја, со цел обезбедување на стабилна подлога и безбедна платформа за создавање на национален мир;
- Превенција, намалување или пак искоренување на заканите кои покрај тоа што претат на приватната безбедност, претставуваат и сериозен знак на уништување и нарушување на националната безбедност.[20]

Потребата од приватната безбедност е измерена со помош на три варијабли:

- Приватното обезбедување е неопходно во општеството;
- Важноста на приватната безбедност во општеството;
- Присуството на приватната безбедност и човековите права[21].

Целосниот исход од поставените варијабли, е да ја поттикне значајната улога на приватната безбедност, во рамките на едно општество, држава. Како приоритет во однос на сигурноста на човекот, таа зазема една исклучителна позиција, во насока на обезбедување на рамнотежа помеѓу значајната соработка меѓу приватните и јавни структури, превенција од криминал, трговија со дрога, оружје, перење на пари – како еден исклучителен феномен кој постојано се шири и сл. Стабилната состојба во општеството во голема мера е постигната како резултат на успешното спроведување на приватната безбедност, покрај другите значајни фактори. Неопходноста од приватната безбедност ја претставува најважната алка во целосно спроведување на безбедноста. Приватната безбедност ги поттикнува конвенционалните претпоставки за улогата на националната држава како главен протагонист во воените работи и како исклучителен гарант за физичката – приватната безбедност на своите жители. Оттука големото значење на приватната безбедност го задржува своето место. Со анализа на третата

[20] Jelle van Buuren, Supervisor Prof. Dr. Monica den Boer, Department of Governance Studies, VU University Amsterdam, 'A report on the ethical issues raised by the increasing role of private security professionals in security analysis and provision', December 2009, p. 29.

[21] DOUW GERBRAND STEENKAMP,MA (UNIZUL), THE ROLE OF PRIVATE SECURITY IN CRIME PREVENTION, University of Zululand, January 2002, p. 68

варијабла, можеме да заклучиме дека зависноста во релација на приватна безбедност -> човекови права е оправдана, во однос на тоа дека приватната безбедност не ја губи битката со кривичните дела, дека настапува во заштита на човекот и неговиот живот, притоа секогаш ставајќи ги на пиедестал човековите права. Безбедноста на една личност и безбедноста на нечиј имот се широко видени како основни човекови права и се од суштинско значење за целокупниот квалитет на животот на заедницата. Каква би била приватната безбедност, доколку човекот не е заштитен, доколку секоја закана прети на неговата слобода. Тогаш потребата од нејзе, сигурно дека ќе се намали. Нејзиното настојување е во заштита на правата и легалните интереси на своите клиенти, со цел одржување на редот и мирот. Безбедноста од криминалот, од стравот и тероризмот е важна основа за економскиот и социјален развој на една држава. Според упатствата на Обединетите Нации[22], за превенција на криминалот, во кое државата ја има примарната улога, се нагласува дека јавната безбедност и превенција од криминалот не се само единствена одговорност на Владата. Поединците, невладините организации, како и приватниот сектор, а со тоа и приватната безбедност имаат огромно значење во подобрување на безбедноста и безбедноста на заедниците. Зголемената улогата на приватната безбедност, поттикнува кон тоа дека соодветните приватни и легални структури се создадени со цел олеснување на почитувањето и спроведувањето на националните и меѓународните правила и прописи, вклучувајќи ги и стандардите за човековите права.

## 4. УЛОГА НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Приватната безбедност се означува како дополнителен пар на уши и очи, во наизменични облици во борбата против тероризмот, против специфични локални, национални или меѓународни криминални феномени. Таа го означува човековото срце, и ритамот по кој се движи животот на секоја индивидуа. Покрај тоа што има улога на превенција и заштита, таа го зазема основниот удел во однос на обезбедување на мирно "утре". Повеќе прашањата за приватната безбедност не се фокусираат на регулирањето на приватното обезбедување, туку на дефинирањето на улогата на приватната безбедност во еден поширок контекст во стратегијата за безбедност.

[22] Economic and Social Council resolution 2002/13, annex.

CoESS како официјална конфедерација на Европски безбедносни компании, препорачува дека иднината на приватната безбедност треба да се фокусира на:

- Превенција и подготвеност. Потребно е да се развојат алатки за процена на ризик, планови, обуки, јавен-приватен дијалог, размена на најдобрите практики за поддршка на земјите членки, власти и учесници во наредните години. Се инсистира кон зголемена улога на значењето на Стратегијата за внатрешна безбедност, заштита од организираниот криминал, трговија со луѓе, гранични контроли, тероризам, справување со катастрофи.
- Обезбедување посебно внимание на жртвите од криминалот, преку развивање на рамка за трети лица на ЕУ.
- Практичен пристап преку подобрување на јавното-приватно партнерство, за да се докаже дека развиените политички рамки се вистинска вредност на земјата и на оние кои се директно одговорни и се занимаваат со безбедноста на дневна основа.
- Истражувањата остануваат фундаментални за да се осигура дека во иднина политиките на приватната безбедност се основа за цврсто и сеопфатно знаење.

Со цел навремено извршување на секоја задача, и секоја преземена алтернатива за успешно спроведување на истата, се јавува можноста, поголемиот дел од активностите да се извршуваат во согласност со прописите и законите, во однос на воспоставување на соработка помеѓу нив и јавните институции. Како резултат на ефикасноста и квалитетот на CoESS, во однос на услугите кои ги спроведува, довербата помеѓу јавните и приватните служби за безбедност значително растеше, како клучен елемент за успех на воспоставеното партнерство. Улогата и значењето на приватните безбедносни служби како првостепен еквивалент на јавните служби за безбедност, привлекуваат значително внимание во однос на нивното функционирање, така што дејноста со која се занимаваат бележи значителен напредок во однос на признавањето во националното законодавство, безбедносните програми, политики и стратегии.

Приватните безбедносни компании, како соодветен претставник на приватната безбедност, претставуваат комплементарен партнер во севкупното управување со

безбедноста.[23] Токму тој придонес кои го овозможуваат тие, во однос на остварување на концептот на приватната безбедност е значаен дел од успешното раководење со предизвиците и заканите, кои се претставени како негативен конституент во големите огранoци на безбедноста.

Улогите кои се дел од корпусот на приватната безбедност можат да се поделат во две категории:

- Комерцијална или корпорациска безбедност;
- Договор со приватни безбедносни компании[24].

Корпорациската безбедност генерално се однесува на безбедносните служби кои постојат во рамките на бизнисите или корпорациите. Таа е нов концепт кој се грижи за работите поврзани со безбедноста во компаниите и кој што едноставно го дефинираат како заштита на имотот и работењето на компаниите со што би се постигнала поголема превенција и намалување на материјалните загуби заради осигурување на интересите на сопствениците, профитот и имотот од различни опасности.[25] Договорот со безбедносните компании се отвора низ продавање на безбедносните услуги на јавноста, вклучувајќи ги и компаниите, сопствениците на куќи, банки и сл.

## 5. РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Приватните безбедносни компании играат се поголема улога на пазарот на безбедноста и надзорот. Овие фирми се претставени како "помлади партнери" на државата: тие само ќе ги преземаат едноставните полициски задачи. Во реалноста уделот на пазарот е многу поголем. Тие не само што се заштита за приватната сопственост и простории, тие дури ги надминуваат државните власти во спречување на економскиот криминал и измама.(Oling and Timmerman, 2001-2002). Ова претставува

[23] http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/publicconsultation/2013/pdf/0027/organisations/coess-confederation-of-european-security-services_en.pdf, преземено на 12.08.2014

[24] U.S. Department of Justice, Office of Justice Programs, Bureau of Justice Assistance, Written by Andrew Morabito and Sheldon Greenberg, Engaging the Private Sector To Promote Homeland Security: Law Enforcement-Private Security Partnerships, p.2

[25] Оливер Бакрески, Драган Триван, Сашо Митевски, Корпорациски безбедносен систем, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје 2012, стр. 46

една точка, за индикативен раст на приватната безбедност. Соодветниот сектор како една глобална целина стана покомплексен во однос на организацијата и пософистициран во однос на извршувањето на поставените задачи, како енормен резултат во однос на зголемување на квалитетот на барањата. Се тежнее кон значителен раст, преку регулација, односно Регулатива со закон, со цел доаѓање до едно ниво на експертски професионализам.

Продлабочувајќи го ова, треба да се долови сознанието дека во Европа регулативата е ставена на државно ниво. Од тука, како резултат на ова, две прашања можат да бидат препознаени:

1. Целокупна регистрација и регулатива на оние компании кои се активни и сериозни играчи во спроведувањето на приватната безбедност (ова може да биде изразено во однос на доделување на признанија, сертификати, пофалници и сл.)
2. Регулатива во однос на заштита на (лични) податоци, од аспект на нивно складирање и последователна електронска обработка на истите[26].

Во 2000-тите, приватните безбедносни и истражни дејства се карактеризирале со растечка вредност. Во последните години, бројот на вработените во овој сектор постојано се зголемува на ниво на ЕУ, дури и за време на неодамнешната економска криза, иако со променливи распони на нацонално ниво. Експанзијата на ширење е како резултат на разни фактори (на врвот организираниот криминал) , притоа вклучувајќи го и ширењето на аутсорсинг феноменот.

Регулативата за приватното обезбедување се разликува од земја до земја, главните причини за законските прописи во одреден степен се идентични на глобално ниво. Цврстите уставни, јавни и институционални интереси биле и сеуште се движечка сила зад овој вид на законодавство во општествата. Причините и целите се групирани во три категории:

Прво, постоење на уставни и законски барања, како што се заштита на човековите права и слободи, намалување на обемот на насилството и криминалот, а со самото тоа одржување на државниот монопол против насилство, успешна поделба на

[26]http://www.coess.eu/_Uploads/dbsAttachedFiles/Inventory_and_evaluation_of_private_security_sector_contributions.pdf, преземено на 24.08.2014

трудот во однос на јавна/приватна релација, за целокупно и целисходно извршување на безбедносните обврски и задолженија.

Второ, постоење на барања и услови, окарактеризирани како услови од јавен интерес, во кои што се вбројуваат изземањето на несоодветни елементи од индустријата, како гаранција за стабилна состојба преку соодветна и строга контрола на оружјето.

Трето, најзначаен акцент се става на професионалните барања, во чии рамки припаѓаат следните насоки: отстранување на "несоодветни, манипулаторски" компании од бизнисот, поставување на соодветно ниво на одговорност во кое ќе преовладуваат стандардите за етика и квалитет во однос на извршување на активностите од оваа бранша, организација и спроведување на обука со која ќе се гарантира законското право за вработување на соодветен кадар.

## 6. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Безбедноста како поширок поим кој не може да се дефинира конкретно, има концептуална рамка, според која му се определени низа на карактеристики, одлики и функции. Во однос на приватната безбедност може да се каже дека постојат голем број на начини за категоризирање/дефинирање на главните сегменти на истата. Овде ќе се задржиме само на одреден број.

Вилиам Канингем (William C. Cunningham) и Тод Тејлор (Todd H. Taylor) - (двајца од авторите на Hallcrest Reports) ја делат приватната безбедносна индустрија на три концептуални подрачја:

Физичка безбедност: еквивалент на заштита на човекот и имотот. Како дел од поголемиот опсег на активности на физичката безбедност се вбројуваат следните: спречување на кражби, одржување на јавниот ред и мир, овозможување на присутност на чуварска патрола на влезовите од згради, претпријатија и сл.

Безбедност на информации: еквивалент на заштита и тајност на информации. Овде се вбројуваат: заштита од неовластена употреба на компјутерски програми, апликации и податоци, заштита од неовластено користење на развојни планови, идеи значајни за спречување на криминални дела и активности.

Персонал за безбедност: еквивалент на заштита на луѓето. Овде припаѓаат следните активности: заштита на познатите/славните, истраги на потенцијалните вработени.

ASIS (Американско друштво за индустриска безбедност) ја има поделено приватната безбедносна индустрија во четири големи концептуални дисциплини и тоа:

1) Физичка безбедност;
2) Безбедност на информациите;
3) Персонал за безбедност;
4) Сигурност на информациските системи[27].

*Физичка безбедност.* Физичката безбедност се фокусира на заштита на луѓе, имот, објекти, преку употреба на безбедносни сили, системи и процедури. Персоналот на физичката безбедност врши надгледување на безбедносните операции; идентификување на барањата на безбедносниот систем; пристап до средствата за внатрешни и надворешни закани; развивање на политики, планови, процедури и физички заштитни мерки за да спречат овие закани. Користењето на бариери, аларми, брави, контрола на пристапот, заштитно осветлување и друга технологија за безбедност, се дел од физичката безбедност.

*Безбедност на информациите.* Безбедноста на информациите вклучува заштита на чувствителни информации, класифицирани информации, приватност на личните податоци, комерцијални информации, тајни информации и интелектуална сопственост. Безбедноста на информациите се занимава со прашања за пристапот до информациите, како да се контролираат, распространуваат и отстрануваат.

*Персонал за безбедност.* Основна задача е обезбедување на интегритетот и доверливоста на работната сила на организацијата. Персоналот за безбедност го опфаќа тестирањето за дрога, скрининг техники пред вработување, во прилог на давање безбедносни сертификати, пофалници, како и благодарници за успешно извршената работа.

[27] Johan S. Dempsey, Introduction to private security, 2nd edition, USA, 2011, p. 33

*Сигурност на информациските системи.* Одржувањето на доверливоста, сигурноста и достапноста на креирањето на податоци, обработувањето, складирањето и пренесувањето преку автоматизирани информациони системи, се дел од информациските системи за безбедност. Се претендира развивање на постапки и заштитни мерки за одбрана од хакери и други неовластени корисници кои користат неовластен пристап до податоците, во прилог на заштита од вируси и други закани кои претат на информатичките системи.

Друг обид за класификација на приватната безбедност е обезбедена од страна на Hallcrest II, која е идентификувана во девет различни области на приватната безбедносна индустрија:

- Сопствена безбедност (во домот): Особено компанија која има сопствен безбедносен оддел;
- Договор помеѓу стражата и патролните служби. Договор за безбедносните услуги кои се под закуп или изнајмени на друга компанија;
- Аларм услуги;
- Приватни истраги;
- Услуги поврзани со блиндирани автомобили;
- Производители на безбедносна опрема;
- Обезбедување на брави;
- Безбедносни консултанти и инженери;
- Други категории како што се кучиња-чувари, тестирање за дрога, форензички активности, тестирање на чесност[28].

Економистите го делат приватното обезбедување во четири широки категории:

- Чувари. Вклучува вооружени и невооружени чувари, аларми и електронска опрема за видео надзор и заштита на власта;
- Управување со ризик. Вклучува одредени фирми кои ги советуваат другите компании за методите на заштита од ризиците од криминалот;

[28] William C. Cunningham, John J. Strauchs, and Clifford W.Van Meter, The Hallcrest Report II: Private Security Trends:1970–2000 (Boston: Butterworth-Heinemann, 1990), p. 2.

- Истрага и откривање. Вклучува истражување на злосторства, историја на вработениот и сл. ;
- Контрола во системот за кривична правда. Ова вклучува ангажирање на приватните компании за обезбедување во системот за кривична правда со цел извршување на одредени задачи[29].

.

[29] "Policing for Profit," p. 23

# ГЛАВА II

## ПРИВАТНОТО И ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО КАКО КЛУЧЕН КОНЦЕПТ ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И КОНТИНУИТЕТ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР

Гледано години наназад, јавниот сектор ја имал, но и денес до одреден степен сеуште ја има главната улога во однос на овозможување на стабилен и безбеден развој на една држава. Во текот на 1980-те и 1990-те години, со оглед на големиот раст на приватната безбедност, како и можноста на човекот да биде имун, односно заштитен од грозоморните закани, ја истакнува потребата од истовремена и заедничка соработка помеѓу приватниот и јавниот сектор. На повидок, е ставот дека во согласност со законот, соработката и партнерството ќе резултира во костантна борба против криминалот, тероризмот како и намалување на злоупотребата на ресурсите во заедницата. Многу од функциите кои ги има полицијата се преземени од приватните безбедносни компании, со што безбедносната индустрија прими силен поттик за понатамошен раст. Успешните јавни и приватни односи можат да бидат основен показател за решавање на заеднички проблеми, во однос на насилството, дрогата и сл.

Областа на јавната безбедност се дели на јавен и приватен сектор. Во првиот случај работите околу обезбедување на јавниот ред и мир во најширока смисла ги извршуваат државните органи (пред се полицијата). Во вториот случај, работите околу имотната и личната безбедност и заштита на приватните лица и компаниите на комерцијална основа ги извршуваат приватните компании кои даваат услуги за безбедност, како и службите за обезбедување кои ги поседуваат јавно – државните претпријатија или претпријатијата воопшто. Односите помеѓу овие два сектора во најголем број земји се регулирани со позитивни правни прописи, при што државата има евиденција, увид и одреден вид контрола над приватниот сектор на безбедноста.[30]

Потребата за јавно – приватно партнерство постепено се развива од почетокот на осудесетите години на XX век, кога се појавија сериозни критики за неефикасноста на спроведените јавни услуги и неможноста адекватно да се одговори на потребите на испитаниците[31].

[30] Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год., стр. 144
[31] Dusan Damjanovic, Tatijana Pavlovic – Krizanic, Gabor Peteri, Partnerstvo javnog I privatnog sektora, Dobra I losa iskustva u odabranim zemljama u tranziciji, Beograd, 2010, str. 9

И покрај сите предности во однос на силната соработка помеѓу приватниот и јавниот сектор, во согласност со законот, нивните односи не биле секогаш силни. Се претпоставува дека некои од раните примери на соработка, потекнуваат од одбранбената индустрија, што било една од основните причини за развојот на многу друштва, чија дејност се одвива во рамките на индустриската безбедност. Таков случај било со основањето на Американското друштво за индустриска безбедност (ASIS) во средината на 1950-те години. Меѓутоа соработката повторно стивнува со оглед на фактот дека после една деценија лицата во приватниот сектор биле гледани како несоодветен кадар во полициската индустрија. И покрај високиот експертски став, и покрај силните научни достигнувања на офицерите и научниците, продолжило игнорирањето во врска со придонесите од страна на приватното обезбедување. Со оглед на фактот дека недоразбирањата продолжуваат, продолжуваат и проблемите во однос на криминалните дела. Како негативен предзнак се истакнува и недоволниот степен на доверба во приватните корпорации, во однос на издавање на информации од витално значење, како и деловни тајни, кои го карактеризираат опстанокот на државата.

Треба да се истакне дека и покрај сличните интереси кои ги имаат приватните компании за обезбедување и полицијата, во однос на спречување на криминалот и низа криминални и терористички дела, сепак тие ретко соработувале. Истакнато е дека само 5% до 10% од извршните директори, земаат учество во партнерствата со приватните институции, и при одговор на катастрофи во однос на тероризмот и други злонамерни нарушувања, тенденцијата води кон постојано вклучување на полицијата, владини органи, но сепак изоставувајќи ги приватните безбедносни компании. Како главна пречка за несоработката се наведувало незадоволството на полицијата од обуките, стандардите, сертификацијата на персоналот во приватната безбедносна индустрија, и дејствувањето заедно со нив претставувало закана за нивната дејност, успешност и приоритетност на деловен план. Тие се сомневале во тоа дека приватните безбедносни експерти, верувале дека полицијата има многу малку разбирање за широкиот спектар на функции во однос на безбедносниот домен, и затоа не успевале да ја ценат важноста на нејзината улога во спречување и решавање на проблемите.

Несоработката помеѓу приватниот и јавен сектор, во однос на безбедноста, било резултат на одредени фактори:

Првиот проблем, произлегува од нејасното дефинирање на улогите и одговорностите, особено во однос на приватното обезбедување. Јавниот сектор не е запознаен со широк спектар на улоги, кои ги имаат приватните безбедносни корпорации. Во многу случаи полициските службеници ја идентификуваат целта и природата на приватната безбедносна индустрија како сплет од "ограничени искуства, со ограничена обука, недостаток на сертификати и признанија, и ниско платен кадар". Ова во голема мера придонесува за губење на довербата и голема празнина и отсуство на почит помеѓу јавните и приватните субјекти. Тие сметале дека постои голема неефикасност од страна на приватниот сектор за безбедност, во помагањето да се намали обемот и спречувањето на криминалот и криминалните контролни функции. Ова било малку изненадувачки со оглед на фактот дека има поединци кои имаат искуство во спроведувањето на јавното право, а работат во приватното обезбедување. Историски гледано, улогата на полицијата, адекватно не ги следела барањата на системот. Карактеристично е што системот за обезбедување на лица и имот, во однос на компаниите, секогаш во својот развој се развивал еден чекор пред државата, односно полицијата, поради примарната функција која произлегува од неговата основна улога за обезбедување и заштита, кои индиректно влијаеле на зголемување на профитот.

Одредени експерти тврдат дека конкуренцијата помеѓу приватниот и јавен сектор лачат проблеми. Примарните бариери за ефективна соработка вклучуваат недостаток на информации за споделување, голем степен на недоверба и дезинформации. Полицискиот кадар смета дека приватните лица од безбедносните служби генерално немаат образование и обука и претставуваат сериозна закана за нивниот полициски домен (професионалци наспроти непрофесионалци). Од друга страна приватниот безбедносен сектор, смета дека јавниот сектор има ограничено познавање за приватната безбедносна индустрија и не го ценат напорот и улогата кои тие ја играат во решавање и спречување на криминалот.

За да се елиминираат некои од овие предизвици, и обата сектори се одговорни за спроведувањето и едукацијата на нивните способности, заемно. Во однос на одржувањето на самити, утврдено е дека на Националниот политички самит во 2004-та

година, информациите кои биле презентирани на различни приватни конференции за безбедност и конференции за јавна безбедност, во голема мера биле слични, така што се истакнува важната улога во насока на овозможување на нивната меѓусебна соработка. Вредно е да се спомене дека на конференциите биле присутни професионалци од двете индустрии, што ја потенцира можноста да се во заедничка мрежа на извршување на нивните дејности. Некои од овие конференции довеле до директни промени, некои не. На самитот било одлучено и јавниот и приватниот сектор да се вклучат во размена на информации и активности лице во лице пред случување на криза.[32] Исто така врз основа на постоечките знаења и искуства, да се овозможи спроведување на законот, влучувајќи ја помошта од приватните корпорации во спречување на тероризмот, и одржување на јавниот ред и мир.

Лекциите од историјата, ни покажаа дека ниту јавниот, ниту пак приватниот сектор, своите работни задачи не можат да ги извршуваат сами, тие си требаат едни со други. Многу автори, тврдеа дека во иднина мора да постои тесна соработка помеѓу приватните безбедносни компании и полицијата, потоа меѓу приватните безбедносни компании и невладините агенции, владините агенции и сл. со што голем дел од обостраните обврски ќе бидат намалени, а со тоа и квалитетно извршени. Се покажа дека нивното тврдење зазема цврсто место и е вистинито.

Приватниот и јавниот сектор може да ги координираат заедничките напори за заштита на критичната инфраструктура за која приватната безбедност е одговорна, координација на плановите во врска со евакуација, поголема заштита на луѓето во однос на цврста соработка. Приватизацијата на функциите на полицијата се одиграле на многу нивоа. Таа се повлекува од извршување на одредени задачи, и приватното обезбедување ја пополнува таа празнина. Преголемата ангажираност, резултирала со повлекување чекор наназад и предавање на дел од своите активности на агенциите за приватно обезбедување. Полицијата зема дел од прописите во приватните агенции за обезбедување, при што се забележува дека се врши наплаќање за услугите и прифаќање спонзорство.

Раководењето со полициските системи бара еден нов модел кој во сложени и отворени општествени односи, со добро осмислена безбедносна политика и стратегија

[32] Kevin Strom, Marcus Berzofsky, Bonnie Shook-Sa, Kelle Barrick, Crystal Daye, Nicole Horstmann, Susan Kinsey, The Private Security Industry: A Review of the Definitions, Available Data Sources, and Paths Moving Forward, December 2010, p. 61

ќе овозможи вкупното дејствување да биде засновано на научно – стручни и искуствени премиси. Меѓутоа за да може ефикасно да се имплементираат сите активности потребно е целосно ангажирање на човечкиот фактор[33].

Постојат две генерации во развојот на приватното – јавно партнерство, со цел да се премости јазот меѓу интересите на приватниот и јавниот сектор.[34]

- Првата генерација на јавното – приватно партнерство

Голем дел од инвестициите на приватниот сектор во безбедноста во 1980 – тите и 1990 – тите години беа ограничени на заштита на имотот или поединците, од висок ризик од кривично дело, додека ангажманите на приватниот и јавниот сектор биле често ограничени и во насока на заштита на комерцијалната сопственост. Овие предупредувања биле ефикасни од аспект на значително намалување на ризиците од кражби, но сепак се пречка врз основа на приодот кон ситуационата превенција и пристапите кои вклучуваат максимизирање на ризиците и минимизирање на наградите за потенцијалните криминалци. Овие чекори можат да се наречат прва генерација на јавно приватно партнерство, со оглед на отсуството на значителното разбирање на причините за криминал или видот на превенција за криминалните активности со кои треба да се соочуваат во текот на подолг период.

- Втората генерација на јавното – приватно партнерство

Заедниците кои се фокусирани на јавното – приватно партнерство, во однос на користење на различни пристапи за спречување на криминалот и насилството, вклучувајќи го и решавањето на некои од причинските фактори, како и заемна поддршка кон иновативни или пилот проекти, се обврзуваат за истражување за криминалот и промовирање на криминалните превентивни мерки. Тие имаат тенденција кон поседување на корпоративна општествена одговорност и заедничко разбирање на природата на урбаниот развој. Овие односи може да се сметаат за втора генерација на јавно приватно партнерство.

[33] Филозофски факултет, Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир, Безбедносни дијалози, Списание од областа на безбедноста, одбраната и мировнните науки, број 2, година I, 2010.
[34] International Centre for the Prevention of Crime (ICPC), Public-Private Partnerships and Community Safety: Guide to Action, September 2011, p. 30-31

Успешните јавно приватни партнерства , почиваат на четири категории:

- Јавни приватни партнерства кои обезбедуваат општа поддршка за институциите заинтересирани за сигурноста и безбедносните политики на заедницата;
- Јавни приватни партнерства кои ги поддржуваат проектите во насока на креирање на алтернативни пристапи и услуги;
- Јавни приватни партнерства се вклучени во иницијативите за превенција на криминалот и напорите да се развие културата на мир и законитост;
- Јавни приватни партнерства кои се вклучени во проекти за превенција на одредени кризни региони каде преовладувааат високи стапки на криминал. [35]

Во однос на историјата, и во однос на тоа што е денес, може да констатираме дека соработката помеѓу приватните и јавни партнерства во значителна мера е зголемена, како резултат на зголемување на ефикасноста и ефективноста во однос на спречување на криминални дела и активности, заштита на секоја индивидуа, и создавање на една состојба каде секој би се чувствувал безбеден.

## 2. ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО И ГЕНЕРАЛНИТЕ ТРЕНДОВИ ЗА НЕГО

Како што видовме во претходниот дел, напорите од минатото, како и голем дел од несогласувањата во однос на заедничко сплотување и соработка, денес се показател на голем број на склучени партнерства помеѓу приватниот и јавниот сектор. Некои партнерства од минатото биле прекинати, но бројот на долгата листа на партнерства бележи значителен раст во текот на изминатата деценија. Општо земено преживеаните партнерства се оние кои се институционализирале, односно оние кои имаат структура, извор на финансирање, организациона единица или некои други карактеристики, кои го прават партнерството многу повеќе од само добри работни односи помеѓу неколку луѓе. Според многу аналитичари приватната безбедносна индустрија претставува

[35] International Centre for the Prevention of Crime (ICPC), Public-Private Partnerships and Community Safety: Guide to Action, September 2011, p. 31.

"помлад" заменик партнер на полицијата, а таа "контролор" во спроведување и решавање на многу безбедносни задачи и предизвици. Може да се констатира дека постои значителен раст на оваа соработка после грозоморниот чин од 9/11. Од тогаш па наваму, неофицијално, се склучени голем број на партнерства, како клучен аспект во однос на "држење под контрола" на безбедносната ситуација во една земја.

Приватното - јавно партнерство ја истакнува соработката на приватниот сектор со владините и невладините организации, полицијата, заштитата на животната средина, образованието и сл. Овде ќе се насочиме кон соработката помеѓу приватните агенции за обезбедување и полицијата. Од тој аспект приватното јавно партнерство претставува спој од најмалку два члена, од кои едниот е претставник во однос на придржување до законот и спроведување на истиот, а другиот е член на одредена приватна безбедносна организација. Главна и основна цел кон која се насочуваат е справување со криминалот, различни терористички дела и други подли акции кои претат на безбедноста во секоја можна смисла. Овде доаѓа до сплотување на некои основни карактеристики во однос на јавноста/приватноста. Правните овластувања и обуката која е дел од секојдневните активности на полицискиот кадар доаѓа во склоп со стручноста и големината на приватното обезбедување во однос на профитабилно и добро искористување на ресурси, без злоупотреба, употреба на висока технологија за откривање и спречување на криминални дела, истрага врз основа на економскиот криминал, уникатни односи – кои придонесуваат во реализирањето на голем корпус на активности во однос на справување со одредени кривични цели, насилства или компјутерски криминал. Овде се повлекува онаа црвена линија каде соработката кулминира, и притоа дава експресен резултат, кој се огледува во решавањето на заеднички проблеми. Во последниве години, партнерството расте, со оглед на фактот дека е посочено поголемо внимание од аспект на соработката, размената на информации и добрите меѓучовечки односи, како диспозитив во функционирањето на една серизона организација.

Успехот на приватното-јавно партнерство зависи од неколку клучни фактори:

- Мисија која ќе овозможи задржување на постојаните членови, но и привлекување на нови;
- Надворешна поддршка на моделите за формација;
- Силни, активни основачи и лидери;

- Редовна комуникација (состаноци, обуки, билтени, е-пошта, веб страници, итн.);
- Воспоставени методи за одржување на структурата и доволност на потребните ресурси[36].

Постојат девет генерални трендови во партнерството помеѓу полицијата и приватното обезбедување:

1. Зголемување на бројот на партнерства, имајќи ги предвид законските регулативи. Со самиот тој чин, соработката ќе расне, а заканите ќе се намалуваат, достигнувајќи го минималниот праг на загриженост во однос на безбедноста. Се забележува значителен пораст во основањето на овие партнерства.
2. Партнерите и партнерствата и нивното задоволство. Врз основа на многу испитувања е заклучено дека поголем процент, дури 87,8% од испитаниците, изјавиле дека нивното задоволство резултира со "добро" или "одлично". Се согледува сликата на задоволство помеѓу приватните и јавни партнерства, врз основа на нивните дела и активности.
3. Лидерски промени. Порано склучените партнерства главно биле предводени од страна на полицијата, која обично обезбедувала информации кои биле насочени кон членовите на партнерството. Меѓутоа иако бил мал бројот, постоеле и партнерства кои биле предводени од приватното обезбедување. Промените во однос на тимскиот водич, резултираат со промени, кои можат да бидат позитивни, во однос на воведување на новини, и доколку постоеле исправање на сите можни грешки, и воспоставување на соодветни критериуми за успешност и квалитет.
4. Повеќе подобности за членовите. Ова повеќе резултира со пронаоѓање на нови членови кои би ги искусиле подобностите кои се понудени од страна на склученото партнерство. Обично на светските полициски веб страници, на видно место, е поставена објава за пронаоѓање на

[36] Kevin Strom, Marcus Berzofsky, Bonnie Shook-Sa, Kelle Barrick, Crystal Daye, Nicole Horstmann, Susan Kinsey, The Private Security Industry: A Review of the Definitions, Available Data Sources, and Paths Moving Forward, December 2010, p. 62

соодветни членови, за нивното информирање деталите можат да бидат побарани.

5. Поголем број на активности. Голем број на партнерства при решавање на своите проблеми, се соочиле со активности кои го зголемувале нивниот корпус на задачи. Така што тие го прошириле својот делокруг со цел да се справат со многу други проблеми. Со справувањето со препоставените проблеми, развиени се голем дел на активности, кои се доследни на потребите.
6. Подобра размена на информации. Размената на информации традиционално претставува една од главните активности на приватните-јавни партнерства, меѓутоа денес е во значителен напредок со оглед на фактот дека технологијата е постојано во развој, и целата комуникација се одвива преку електронска пошта, пораки преку мобилен телефон, со што комуникацијата и размената на информации станува подобра. Дури некои организациони мрежи располагаат со сопствени програми за размена на тајни информации, видеа, фотографии, изјави, разузнавачки информации и сл.
7. Приватните одредби и спроведувањето на законот. Делот на активности кои ги извршуваат приватните безбедносни организации се предвидени од страна на полицијата. Во многу случаи се тежнее кон намалување на трошоците или зголемување на покриеноста, кога локалните агенции за спроведување на законот се премногу ангажирани.
8. Проширување на ресурсите. Приватните – јавни партнерства често обезбедуваат место за споделување на ресурси, особено споделување на ресурсите на приватната безбедност, во склад со јавната безбедност. Партнерствата се направени, за да можат полесно двете страни да овозможат совпаѓање на ресурсите, со цел обезбедување на поефикасни и правни средства , при што приватни компании можат да овозможат и дадат средства или други ресурси за спроведување на јавната безбедност.
9. Институционализација на партнерствата. Силата на едно партнерство зависи пред се од раководството, финансирањето, интересот кај партнерите како и многу други фактори. Бројот на партнерства постојано расте и се проширува, при што е забележан значителен напредок во

последните десетина години. Партнерствата од минатото опстојуваат како резултат на постојаната структура, изворот на финансирање, правејќи го партнерството како одлична работна средина, во која владее хармонија во извршувањето на поставените задачи. Овде треба да се нагласи и потребата од промена на членството, во однос на оној кој претставува "глава" на организацијата, со што при нова промена, доаѓа и до создавање на нови дела и подвизи[37].

Јавен сектор. Општинските власти, одделенијата или секретаријатите за официјалната безбедност во заедницата, полицијата, се примери на јавни тела кои би можеле да бидат идеални партнери за приватниот сектор во напорите за спречување на криминалот и насилството. Се забележува поголема тенденција на соработка помеѓу приватниот сектор, застапуван од приватните агенции за обезбедување и полицијата.

Приватен сектор. Во рамките на приватниот сектор кореспондираат многу организации кои се основани за приватни цели и идеи, меѓутоа во однос на безбедноста и нејзиното осигурување, најголемо значење заземаат приватните агенции за обезбедување.

## 3. ВАЖНОСТА ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО

Во интерес на двете страни е да работат заедно, со заеднички сили и ресурси, заеднички ставови и идеи, заеднички заклучоци... Создавањето на соработка, создава една слика од многу замисли и надополнувања. Приватното обезбедување е најважниот дел од соработката, во однос на евентуална итна потреба од помош, која може да се одвива во округот на:

- Координирање на напорите со цел да се заштити целокупната критична инфраструктура на нацијата;
- Добивање на бесплатна обука и услуги, кои стојат на располагање на секого;
- Дополнителен персонал, ресурси и експертиза;

[37]U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership, Trends and Practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, July 2009, p.40

- Специјализација и ефектите од неа во однос на спроведување на истата, од аспект на откривање на сајбер криминалот, како и мудроста во однос на "обработката" на напредната технологија, каде посебно се истакнува користа која се има од приватниот сектор;
- Подобра идентификација и препознавање на секаков вид на инциденти, преку известување од страна на безбедносните служби;
- Дополнителен квантум на ителегенција, знаење и мудрост;
- Намалување на повиците, во однос на помош, услуга и сл.

Континуираната и координирана соработка, има најголем удел во обезбедувањето на сигурноста и стабилноста на секоја индивидуа. Придобивките не значат ништо, во споредба со задоволството и чувството на безбедност на една нација. Голем е уделот во однос на координација на целокупните планови и идеи, кои врзани едни за други создаваат синџир отпорен на закани и ризици, кој функционира потхранет од цврста и безбедна размена на идеи и информации, кои се сигурни, тајни и значајни во однос на криминалните трендови. Овие информации, се стабилни тогаш кога постои цврста и единствена основа на меѓучовечки односи и разбирања, при што се добиваат комплетни линии на поврзување и координација помеѓу персоналот, и притоа како главна цел се наметнува почитувањето на законот во однос на безбедноста и безбедносните потреби.

На сликата подолу е објаснета важноста и добивката од приватното – јавно партнерство:




Постои значајно вклопување на обостраните активности, во склоп на приватното – јавно партнерство. Овде доаѓаат до израз, предностите од заедничкото дејствување, со оглед на фактот дека јавниот сектор често е мета на постојани закани кон информации од приритетно значење, додека приватниот сектор, се карактеризира со високо ниво на контрола, насочена кон ранливите сајтови. Градењето на партнерствата е од исклучително и големо значење за домашната безбедност. Се соочуваме со една суштинска реалност дека приватниот и јавен сектор во однос на приватната безбедност стануваат зависни еден од друг.

Изградени се пет препораки во однос на она што треба да се направи како и важноста, потребата, организацијата за постоењето на приватното – јавно партнерство. Првите четири препораки се на национално ниво, окарактеризирани како долгорочни напори, додека петатта препорака се однесува на локалните и регионалните напори, кои што можат да се започнат веднаш. Со тек на време петатта препорака ќе биде поддржана од претходните четири. Листата на препораки е следна:

1. Лидерите на јавната и приватната безбедност треба да направат формална заложба за соработка;
2. Министерството за внатрешни работи и/или Министерството за правда треба да ги финансираат истражувањата и обуките за релевантните закони, приватната безбедност, како и приватното-јавно партнерство.
3. Министерството за внатрешни работи и/или Министерството за правда треба да создаде Советодавен орган, кој ќе биде составен од претставници од јавната и приватната безбедност, при што ќе се надгледува спроведувањето на прашањата во однос на приватното-јавно партнерство за спроведување на безбедноста од ден за ден. Советодавното тело треба да работи со цел иниституционализирање на партнерствата, во однос на тактички прашања и размена на разузнавачки информации, подобрување на насоките и стандардот за избор на лица во корпусот на приватната безбедност и сл.
4. Двете министерства, во заедничка соработката треба да се погрижат оваа агенда да продолжи и во иднина.
5. Локалните партнерства треба да постават свои приоритети за решавање на клучни проблеми. Локалните и регионалните активности вклучуваат:
    - Подобар заеднички одговор на критичните инциденти;
    - Координација за подобра заштита на инфраструктурата;
    - Подобрување на комуникацијата и податоците за интероперабилност;
    - Закнување на информациите и размена на разузнавачки информации;
    - Превенција и истрага во однос на криминалот;

- Создавање на решение за елиминација на насилството на работното место.[38]

Со извршувањето на овие препораки подобро ќе се извршува традиционалната борба против криминалот, притоа користејќи поволни безбедносни ресурси во заедницата. Јавното – приватно партнерство е моќна полициска техника, во однос на остварувањето на приватната безбедност. Приватните корпорации ќе имаат можност слободно да ги извршуваат своите задачи и да ја оправдаат нивната мисија за заштита на нивните клиенти, имотот, како и информациите, а во исто време да и служат на безбедноста на самата земја, и нивните заедници. Како соодветен повратен одговор на ова, секоја нација би се чувствувала безбедно, имајќи корист од зголемената ефикасност од приватното-јавно партнерство. Со самото тоа предизвикот за домашната безбедност во значителна мера би се "нормализирал", искористеноста на ресурсите ќе кореспондира со соодветната ограниченост, а односите помеѓу етничките и правни прашања во значителна мера ќе се нормализираат.

Значи приватните корпорации за обезбедување и полицијата мора да формираат силни врски на соработка, кои би траеле со години. Промената на криминалните обрасци, сè повеќе зголемените и тешки проблеми, без разлика дали во високиот криминал, урбаните области или високо – технолошките локации, како и на интернет, барат различни пристапи и групни активности, кои не можат да се реализираат само со индивидуални напори. Тука се надоврзува заканата од тероризмот, кој налага голема соработка, со цел обезбедување на максимални ресурси. За борба против овие закани, и за ефикасно совладување на истите, приватното – јавно партнерство во остварувањето на приватната безбедност, мора да биде вклучено во програмите на домашната безбедност, на локално, државно, национално ниво. Овие фактори можат да придонесат кон изградбата на цврсто и стабилно партнерство.

Интерес на двете страни е да работат заедно. На пример, за спроведување на законот, односно ефикасно функционирање на полицијата, голем удел се огледува во можноста за подготовка на приватното обезбедување за помош во итни случаи, воздигнување на напорите со цел заштита на критичната инфраструктура на нацијата, големото мнозинство чија безбедност е во сопственост на приватното обезбедување,

[38] National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004, p. 3

добивање на бесплатна обука и услуги, дополнителни ресурси. Овде се вбројува големата корист од страна на приватното обезбедување, која опфаќа: голем корпус од знаења и специјализација во однос на сајбер криминалот и напредната технологија, се карактеризираат со подобро препознавање на инциденти, со што ќе се овозможи добивање на дополнително количество на интелегенција, знаење, и склоп од различни размислувања, кои завршуваат како една цел, преточена во сигурна мисија, изразена со постигнување на мир и стабилност.

Од друга страна приватната безбедност може да добие многу од ова партнерство. Тоа се огледува во можноста за координација на плановите, идеите, размислувањата на јавниот сектор во однос на некои итни прашања, во кои спаѓаат евакуација, транспорт и сл. , добивање на информации поврзани со спроведување на законот во врска со заканите проследени од криминалот како врвно зло, развивање на добра комуникација и добри соработнички односи при што се отвораат линии на добри кадарски врски, каде е лесно да се поврзеш со потребното лице за споделување на важни информации, доверливост во однос на законските средства и потребите на приватната безбедност во согласност со јавната.

Други фактори со кои се зголемува важноста на прватно – јавната соработка, ги опфаќаат информациите кои се поврзани со "современ" криминал (компјутери и висока технологија), глобализација на бизнисот, зголемување на меѓународните операции од страна на полицијата, меѓузависноста на критичните инфраструктури.

## 4. ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО И ОСНОВНИТЕ БАЗИ ЗА НЕГОВО ФУНКЦИОНИРАЊЕ

Функционирањето на приватното – јавно партнерство е сложен процес, содржан од низа на активности, планови, идеи и акции, кои се стремат кон успешно извршување на секоја не/планирана дејност, во согласност со одредбите на соодветниот закон. Одвивањето на неговата работа, почива врз основа на неколку клучни бази, карактеристични за активното дејствување на истото:

- *Успешна крајна визија*. Една од основните и клучни бази, во однос на постоењето на приватното - јавно партнерство. Токму таа визија, ќе ги

мотивира луѓето кон постојан напор за приклучување, градење на стабилни односи, цврста структура на организација, и опстанок на партнерството. Фокусот не треба да се одвива само кон една огромна мисија, туку да има релевантност во однос на постоењто на повеќе мисии, и соодветна хиерархија во однос на извршување на истите. Трошокот, времето и планирањето се најважни компоненти на крајниот резултат. Сплотеноста треба да ескалира во успешно одржување на приватното – јавно партнерство. Тоа ќе биде предизвик за постојано вклучување на нови членови, но и значаен фактор во задржување на постојаните. Партнерството секогаш мора да има мисија и визија кон која ќе се придржува, сега и во иднина, или спротивно на тоа ќе престане да постои. Визијата на партнерството најдобро се постигнува ако е утврдена во писмена форма. Според многу автори и светски експерти визијата е слика за идинината. Таа ја изразува целокупната насока на соодветните промени и притоа врши поедноставување на голем број подетални одлуки. Всушност ги прави првите чекори кон вистинската насока, во релација на преземање на акција, и на брз и ефикасен начин успева во координацијата на активностите на кадарот во партнерството.

Визијата го овозможува следното

- Ја појаснува општата насока на промените, со тоа ги поедноставува сите подетални одлуки;
- Ги мотивира луѓето кон преземање акција во вистинската насока;
- Координација на активностите[39].

- *Надворешна поддршка.* Успешното приватно – јавно партнерство за да продолжи да функционира, треба да се залага за постојана поддршка од страна на одредени надворешни партнерства. Покрај тоа што е неоспорен фактот дека треба да располага со добар буџет, соодветно на тоа и ресурси, сепак успехот е диктиран однадвор. Најголем замав земаат различни публикации и водачи, конференции, постојан континуитет на посетите со постојаните партнери/партнерства, постојана финансиска поддршка од надворешни извори, институционална поддршка од владини агенции и корпорации. Со ова ќе се реализираат

[39] Kotter, John P., Leading Change, Boston: Harvard Business School Press, 1996, p.67 - 68

голем дел од планираните активности, а покрај тоа ќе постои дополнителна "помош" во справувањето со многу закани и ризици, кои ја загрозуваат безбедноста, како и дополнителна сила и моќ, во спречувањето на криминални дела, дополнителен извор на информации и можност за консултации во состојба на двоумење.

- *Основачи, лидери и медијатори.* За да може да постои стабилно функционирање на приватното – јавно партнерство мора да постои личност која ќе има способност да го движи партнерството напред. Воспоставувањето на самото партнерство бара одговорност, која мора да биде понесена од соодветниот основач. Неговите потенцијали мора да се одвиваат во искажување на способноста за значењето на партнерството и неговата визија. Тие се одговорни за постојаната структура на партнерството, како и оневозможувањето на односите истото да излезе надвор од контрола, и способност за докажување на теоретски ставови во однос на важноста на концептот на приватната безбедност, токму низ нивното постоење. Лидерите ја преземаат одговорноста за прашањата за тоа како се донесуваат одлуки во критични ситуации, во кои како закана се јавува тероризмот, криминалот, трговијата со недозволливи мартерии, и за тоа во која насока ќе се одвива приватното – јавно партнерство.
- *Важноста на комуникацијата.* Информациите се основно средство за создавање на комплетна слика за критичната состојба. Со нивно споделување и анализирање, може да се спроведе успешен план за целосна елиминација на можноста за проширување на одреден конфликт. Комуникацијата зазема значајно место во секое партнерство, особено оние кои се од голема важност, како што е во корпусот на безбедноста. Редовната комуникација гради добри работни односи помеѓу членовите на приватното обезбедување и полицијата. Приватното – јавно партнерство споделува информации за најави за криминални сигнали, состаноци и обуки во врска со извршување на криминални вежби, тероризмот – презентиран од страна на одделите за домашна безбедност, и сл. Комуникацијата преку електронска пошта зазема најголем замав последната деценија. Токму преку тој канал се објавуваат криминални информации со преку 250 читатели. Споделените

информации се прочистени од класифицирани и високо чувствителни детали, но сепак содржат вредни податоци за ресурси, кои членовите на приватниот сектор за безбедност, поинаку не би можеле да ги добијат. Испраќањето на мејлови, се содржи во известување за одредени кражби, осомничени за измами, фалсификување на документи, исчезнати лица, како и слики и барања за информации.

- *Структура и ресурси.* Приватното – јавно партнерство како организациона структура мора да располага со ресурси, кои би предонеле за успешно функционирање. Со тоа би се постигнале двете првични цели, во однос на негово проширување и елиминирање на заканите по прватната безбедност. Тоа може да им помогне на полицијата и на приватното обезбедување во успешното извршување на своите задачи, во однос на располагање со севкупниот капацитет на оружје и опрема, соодветно ниво на опременост за извршување на обуки, да се обезбеди добро финансирање кое ќе произведе добар кадар и ефикасност во извршување на целокупните задачи. Одреден износ на ресурси ќе бидат потребни за да се одржи партнерството. Ова вклучува добар обрт на финансиски средства, простор, пресонал и сл. Со материјалните производи, и нивно искористување по намена и потреба, ќе се согледаат и резултатите.
- *Рани успеси.* Мотивацијата произлегува од фактот дека основата мисија за која е основано партнерството се реализира. Можеби во почетокот не се смета успехот од некоја позитивно извршена задача, но тоа е причина плус, за поттик за понатамошно извршување на истите. Доловената превенција од некое криминално дело, заштитата на лицата кои би можеле да бидат предмет на напад, се голем показател и двигател кон понатамошни успеси. Ова нема да е успех само за поединец, туку за целокупниот кадар, и воопшто за целото партнерство.
- *Јасна распределба на одговорностите.* Добро е кога секој си го знае своето работно место, работните задачи кои ги извршува, и функцијата во негова надлежност. Тука постои организација, која поттикнува посебни оддели, именувани за разрешување на посебни задачи и проблеми. Ова не го исклучува фактот за меѓусебно надополнување и

заедничко дејствување во случај на потребна помош при разрешување на одреден проблем, како и во итни ситуации, кои бараат брзи мерки и постапки.

- *Добра волја, доверба и почит.* Со нивно исполнување би се очекувала севкупна реализација на добри односи, кои градат успешно и стабилно партнерство.
- *Деловни средби со агенди за споделување на корисни информации.* Одржување на состаноци, на кои би биле споделени важни информации, кои би биле од корист за спречување на сериозно прекршително дело, обид или намера. Се потенцира тајноста на информациите, кои треба да останат во кругот на партнерството. Не се исклучува можноста за собирање на информации за други приватно – јавни партнерства, и приватната безбедност во други земји, притоа не користејќи ги злонамерно, туку искуство плус за ситуации кои во иднина доаѓаат.

Приватното- јавно партнерство ја црпи својата енергија од организационата структура, која го продолжува неговиот опстанок, кадарот која ја води организацијата напред, како и финансискиот дел, како постојан следбеник на секоја цел. За успешно остварување на приватната безбедност, партнерството подлежи на следните променливи: организационата структура, специфичноста на целта, раководството и изворот на финансирање, и работниот кадар. Современото функционирање на приватната безбедност, се потпира пред се на организационата структура и начинот на кој се спроведуваат сите планови и цели. Во зависност од квалитетот на организацијата, зависи и нејзината трајност. Организирање во делот на извршување на поставените задачи зазема значајно и функционално место, во однос на понатамошното постоење и можноста за откривање на многу криминогени фактори. Како ќе бидат поставени насоките и правците на извршување на активностите кои се дел од работата на партнерството, зависи од успешноста на организационата структура. Доколку постои цврста организација која се темели на стабилни ставови, доверба, може да се заклучи дека и најситното и најтешко криминално дело може да се земе во истрага, така што истовремено организационата структура од полицијата и приватните агенции за обезбедување ја креираат заедничката рамка на дејствување во самата корпорација. Кога целите на партнерството се тесно фокусирани, може да се констатира дека тие се и полесна мета за остварување. Во однос на разоткривање на

криминални дела, како и споделување на криминални информации, се развива систем кој ги поврзува полицијата и приватните безбедносни корпорации, така што при откривање на некоја кражба, инцидент, следува директно известување и предупредување до обете страни. Преку тој систем, и високото ниво на образование, се доаѓа до построги мерки за контрола на пристапот во приватниот сектор и значително намалување на кривичните дела.

Раководството како уште една значајна карактеристика која подлежи на разлики од едно во друго партнерство. Специфичноста на раководството зависи пред се од заложбите кои што се прават за самото партнерство, така што постои раководство за спроведување на законот и строго придржување кон него, потоа заедничко раководство во однос на полицијата и приватната безбедност преку агенциите за обезбедување, раководството во приватното обезбедување. Редот во партнерството ја гради симболиката на неговото функционирање. Конкретни идеи, преточени во конкретни планови, конкретни планови во конкретни активности, регулирани од страна на раководството, надлежно за регулација на севкупните односи и извршување на поставените цели. Раководството треба да води евиденција за финансиските извештаи, за да не дојде до колапс, во некоја итна ситуација.

Со функционирањето на приватното- јавно партнерство во остварување на приватната безбедност, финансиската контрола е задолжителна. Се тежнее кон рационално искористување на ресурсите како и зголемување на квантумот на знаење, за полесно совладување на евентуалните проблеми. Партнерството своја финансиска потпора има од страна на други партнерства, со кои е во тесна соработка, чие дејствување е сродно, и ги засега и двете страни. Но, како се ќе функционира и како се ќе се одвива, зависи од квалитетот на кадарот кој работи во партнерството. Посветеноста, меѓусебната доверба, желбата за напредок како и снаодливоста во решавање на сериозни проблеми, се клучни показатели кои го движат опстанокот напред.

## 5. ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ КОИ ШТО СЕ ДЕЛ ОД ПРИЗМАТА НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО ОДНОС НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Програмите и активностите кои се идентификувани во приватното – јавно партнерство се групирани во неколку категории

- Размена на информации;
- Обука;
- Споделување на ресурси;
- Контрола на криминалот и загуба на превенција;
- Подготовка и одговор за сите закани и опасности;
- Истражување, развој на политиката и законодавството[40].

Сумирано од голем број на испитаници, може да се утврди дека дури 90% од нивните изјави и ставови ја потврдуваат важноста на размената на информации, како клучна активност во партнерството. Како главна причина за постоењето и основањето на едно партнерство, е токму ова, размената на информации. Како најзначајни промени при размена на информации, се карактеризираат следните:

- Приватното – јавно партнерство користи технологии, кои дозволуваат непосредна размена на информации за кривични дела и други закани кои претат на јавната безбедност;
- Измени во партнерството и формирање на нови информации – споделени во партнерството, за да се одговори и да се спречи тероризмот и криминалот.[41]

Постојат голем број на партнерства кои ги користат постојаните напредни технологии за споделување и размена да информации, но сепак и покрај современите средства на комуникација, најважен одзив дава комуникацијата лице во лице. Покрај тоа што е најсигурна, и директно пренослива, таа од секогаш го задржува највисокото место. Размената на информации лице во лице, го поттикнува и одржувањето на состаноци, организација на средби и оперативни известувања, за безбедноста и

[40] U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership, trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington, p. 67
[41] Исто.

сигурноста на големите специјални настани, од аспект на приватната безбедност на нацијата. Секој тип на партнерство ги претендира дискусиите лице во лице, со цел да се изградат односи, поттикнување на поголема информираност и поголема размена на информации во иднина. Инаку, информациите и нивната размена, можат да се одвиваат и преку електронска пошта, пораки, безбедносни веб сајтови, сигурни радио мрежи за известување на одредени кривични настани и други закани за приватната безбедност. Во многу партнерства злосторствата се успешно спречени и решени. Успесите се препишуваат на заедничките радио системи на приватното јавно партнерство, кои вклучуваат непосредна комуникација за одредено насилство, фаќање на осомничени, подобра координација на специјални настани.

Обуката се наведува како втора значајна активност. Таа во партнерството варира во голема мера во однос на следното:

- Планирање и развој, кои можат да бидат направени од страна на полицијата, приватното обезбедување, или пак од страна на двете, со или без помош од страна на други експерти;
- Времетраењето на предавањата или демонстрациите на состаноците на партнерството, при што интензивните курсеви кулминираат во професионални сертификати;
- Наменета за публиката (приватното – јавно партнерство, или одделно, извршни директори, менаџери, граѓански групи итн.)
- Формат (предавања, демонстрации, вежби, теренски вежби, online курсеви)
- Предмет.[42]

Како соодветен одговор на обуката е постоечкиот критичен инцидент кој што е предвиден и откриен од полицијата и приватното обезбедување заедно. Се потврдува дека квалитетната обука е голем мотиватор за континуирано извршување на обврските во партнерството. Сè треба да кореспондира со висок потенцијал во однос на пронаоѓање време за планирање и произведување на програми за обука, идентификација на теми кои се релевантни за членовите на полицијата и членовите на

[42] U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership, trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington, p. 73.

приватното обезбедување, решавање на дилеми кои се поврзани со обуката. Како главна цел се насочува обезбедувањето на поретки, но поинтензивни обуки.

Секое јавно – приватно партнерство вклучува размена и споделување на витални ресурси на информации. Голем дел од партнерствата се карактеризираат со споделување на дополнителни ресурси, во однос на можностите за обука, истражни ресурси, техничка експертиза и сл. Друга димензија на приватното обезбедување и поддршката за спроведување на законот се донации на опрема, средства за поддршка во однос на спречување на криминалот, придржување кон законот за операциите кои се одвиваат на терен и поддршка на други заеднички цели. За едно партнерство да функционира во согласност со законоските одредби, треба да реализира соодветно планирање на капиталот со кој располага, како и негово искористување. Ако денес постои дел кој може да се искористи, а притоа средствата да бидат неповратни, со ителегенција и добро разбирање на одредбите кои се нудат, може во иднина да се постигне дополнителен обрт на средствата со кои располагаат.

Кога обуката и размената на информации се одвиваат во насока на постојана заложба за партнерството, како  и рационалното искористување на расположливите ресурси, може да се очекува и максимална посветеност во работата, во однос на предвремено откривање на криминални дела и активности, терористички инциденти, кои претат на приватната безбедност. Раната превенција е успешна превенција како резултат на континуираниот напор на персоналот, бидејќи ова современо зло, не стои, и не чека, тоа постојано се движи, а со развојот и напредокот на високата технологија, го зазема пиедесталот на смртни закани за човештвото и воопшто безбедноста. Постојаните подготовки, го даваат дополнителното искуство на работниот кадар во однос на справување со сите закани и опасности. Без разлика дали ти се одвиваат на национално или меѓународно тло, доколку тимот располага со знаења, вештини и тактики,  се може да се одвива барем блиску до она до кое се очекува. Подготовките вклучуваат постојани и напорни тренинзи, часови за користење на дополнителни вештини во однос на снаоѓање во критични ситуации, како и итрина за снаоѓање во ситуации во кои непријателот е во иста заедница со тебе. Комуникациските вештини се исто така дел од овој круг на подготовки, бидејќи понекогаш зборовите вредат многу повеќе од делата.

За се да функционира како што треба, одредбите од законот мора да бидат почитувани, па согласно нив да се дејствува успешно. Развојот на политиката, кореспондира со развојот на професионални стандарди и застапување на законската и регулативна промена. Ова се определува како водечка форма во соработката на приватното обезбедување и полицијата. Токму нивното партнерство е гаранција, за почитување на законот и неговите акти, како и дополнителна гаранција за постоење на партнерство каде приватната безбедност ја надополнува севкупната безбедност, и обратно.

Во групата на посебни фактори, кои ја зголемуваат улогата и важноста на приватното – јавно партнерство се вклучени:

- Раст на криминалот и стравот од него, кои како сериозна закана претат на поединците и организациите задолжени за нивната безбедност, како и на структурата на самата држава;
- Неможноста на полицијата да обезбеди поголем дел од услугите, кои се дел од побарувачката на јавноста;
- Приватизација на програми кои во голема мера влијаат на инволвирањето на приватниот сектор во одржувањето на безбедноста;
- Зголемена опасност од тероризмот.

## 6. МОМЕНТАЛНИОТ СТАТУС НА ВРСКАТА ПОМЕЃУ ПОЛИЦИЈАТА И ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Ова јавно – приватно партнерство е сплет на многу мислења и тврдења, кои иако различно перцепирани, се совпаѓаат во поголем дел од извршувањето и спроведувањето на активностите. Состојбата повеќе може да се окарактеризира како негативна, отколку позитивна. Недоразбирањата помеѓу јавниот и приватниот сектор и понатаму продолжуваат, повторно истакнувајќи ја конфузијата околу дилемата што ќе се прави во итен случај. Полицијата постојано го потврдува фактот на проширување на соработката со разни сектори на заедницата. Како совршена можност за проширување на ресурсите и намалување на дполнителните оптоварувања, се јавува простор за склопување на нови односи со приватната безбедност и пронаоѓање на зеднички начини за да работат заедно. Нивната взаемна улога се вклопува во надополнувањето во однос на тоа дека во слабостите на едната страна, се наоѓаат предностите на другата.

Како дел од негативностите кои се јавуваат меѓу соработката на јавното – приватно партнерство се наведуваат тешкотиите во размената на информациите. Приватните корпорации, го потврдуваат ставот дека се несигурни во однос на добивањето на навремени информации од полицијата, и дека доколку тие ги споделат информациите со неа, тие ќе завршат во весник. Додека пак, полицијата тврди дека, важноста на информациите треба да се одржи во тотална дискреција, за која што смета дека не може да ја добие од институциите на приватната безбендност. Како најголема динамика... 

Многу малку службеници во рамките на спроведување на законот знаат за приватното обезбедување. При итен случај помошта се бара од други сродни институции, а приватното обезбедување овде не го зазема потребното место. Постои недостаток на свест и знаење за приватните безбедносни компании и дејноста која ја вршат тие. Тоа произлегува како резултат на отсуство на кохезија во безбедноста.[43]

Во однос на елиминација на пречките за соработка, одговорноста ја преземаат двете страни. На многу конференции се опфатени истите теми, кои се од заемен интерес на полицијата и приватните агенции за обезбедување, а кои опфаќаат: истрага на компјутерски криминал, право на сопственост и приватност, човекови слободи и права. На конференциите кои се одржуваат од страна на полицијата треба да се зборува за придобивките со кои партнерството помеѓу полицијата и приватните безбедносни корпорации би се зајакнало и да ја истакнуваат позитивната страна од заедничкото функционирање, како неделлива единица, и обратно.

Овде треба да се земат во предност сите аспекти и придобивки кои можат да ги понудат обете страни. Соработката лице – во лице треба да се одржува, пред одредена криза да ескалира во конфликт. Ваквите средби и конференции се позитивен показател во однос на градење на доверба, како и партнерски односи. Секоја страна потребно е да ги презентира на другата страна своите способности, пред кризата да еруптира, така што може да се предвиди обемот и видот на помошта која може да се очекува.

[43] National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004, p. 8

Градењето на партнерства е од суштинско значење за приватната безбедност. Со ова се рушат постоечките баривери на размислување, така што доаѓа до балансирање на "конкурентските" интереси.

Во моментот, јавно – приватната соработка има многу форми и се случува на многу нивоа почнувајќи од национално ниво (за размена на информации), на локално ниво – оперативни партнерства. Соработката може да се состои од следното:

- Неформална, ad hoc соработка;
- Партнерства за одржување на добри односи, кои би опфаќале размена на информации или нивно споделување, разгледување и решавање на конкретни проблеми;
- Постигнати согласности во кои владините агенции се договорени со приватната безбедност за извршување на професионални обврски, кои традиционално се изведувале од страна на полицијата.
- Давање на значење на кадарот кој што е вработен во агенциите за обезбедување, како и нивно наградување, кое би се состоело од вработување на претходен полициски службеник.[44]

Успешното јавно – приватно партнерство, има дванаесет основни компоненти:

- Заеднички цели (договор за заеднички цели уште на самиот почеток) и изјава за посветеност;
- Заеднички задачи;
- Познавање на способностите и мисиите на агенциите кои се вклучени во заедничката соработка;
- Добро дефинирани проектирани резултати;
- Распоред;
- Образование, за сите кои се вклучени во партнерството;
- Материјални цели;
- Јасно идентификувани лидери;
- Оперативно планирање;
- Договор од страна на сите партнери за тоа како партнерството ќе продолжи;

[44] Исто.

- Заемна заложба за обезбедување на потребните ресурси;
- Проценка и известување.[45]

## 7. ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУКТУРАТА И РЕСУРСИТЕ ВО ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО

Организационата структура на партнерство претставува јадро за постоењето на една сериозна институција, која своите идеали на владеење ги гради врз општото добро на цела нација. Треба да постои таква формална структура која ќе овозможи извршување на првичните цели на партнерството поврзани со воспоставување на конкретна безбедносна состојба која ќе придонесе до стабилност, и до успешно извршување на мисијата за проширување на партнерството. Комплетноста на структурата на самото партнерство би била постигната со постоење на квалитетен кадар, кој е посветен на својата работа, на извршувањето на своите претпоставени активности, како и на остварувањето на идеалот за стабилна безбедносна состојба. Работата треба да биде прецизирана во однос на обемот и намената, како и одговорноста која се сноси, во однос на извршување на клучните задачи. Така секој ќе има целосен преглед и одговорност кон завршената работа, при што обидот да постапува уште поуспешно постојано ќе се зголемува. Обуката, настаните и достигнувањата во кариерата треба да подлежат на евиденција, набљудување и контрола, како едни од главните активности на взаемната соработка. Зајакнувањето на структурата ќе биде дел од привлекувањето на нови членови, и configурувањето на стабилна потпора на партнерството во однос на оправдување на идните барања за финансирање, доколку тие се поврзани со негово проширување. Со ова во голема мера би се истакнала ефикасноста и ефективноста на партнерството. [46] Столбовите врз кои е изградена структурната целина, треба да подлежат на цврста основа од многубројни идеали и решенија за висок раст на самото партнерство.

За партнерството да работи онака како што треба, во релација на постојано извршување на своите задачи и цели, преку преземање на одредени ризици за постигнување на посакуваниот краен резултат, за нивна реализација ќе биде потребна одредена сума на ресурси. Овде може да бидат вклучени просторот за средба, односно

[45] https://www.ncjrs.gov/pdffiles1/bja/210678.pdf, преземено на 04. 10. 2014
[46] National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004, p. 12.

простор за одржување на високи конференции, места за обуки кои би се квалификувале низ постојаната подготовка за интервенција и како соодветен показател за континуирано партнерство, обезбеденоста со компјутери, софтвери и друга опрема, како и тајно складиште за чување на важни документи, материјали, опрема од важноста за постоење на партнерството. Финансирањето на трудот и напорите, треба да се оправда со успешно извршување на посакуваните цели, и исходен резултат од тоа.

## 8. ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА И ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО ОДНОС НА НИВНОТО ПАРТНЕРСТВО

Постои голем спој на сличности во однос на начинот на функционирање на полицијата и приватните безбедносни корпорации. Иако на многу начини се комплементарни, постојат разлики во определени клучни аспекти.

Се смета дека обуката на полициските службеници е многу поригорозна од онаа на офицерите во приватното обезбедување. Сите признанија, сертификати имаат поголем степен на побараност во јавната безбедност, отколку во приватната. Меѓутоа, од друга страна, приватната безбедност има доволно средства и ресурси за развој на специјализација, која го надминува капацитетот на повеќето агенции од законот, а во која спаѓаат заштита на компјутерски мрежи, финансиски институции, хемиски фабрики, претпријатија од приоритетно значење и сл. Во склоп на ова се констатира дека развојот на пософистицираните средства како и постојаниот напредок на технологијата, се негативен показател во однос на современите закани. Се констатира дека линијата помеѓу полицијата и приватните безбедносни корпорации е се уште нејасна. Пензионирани полициски службеници на федерално, државно и локално ниво, мигрираат во приватното обезбедување, нивното искуство е гаранција за отчетноста, успехот и лекција за ситуациите со кои помладите генерации можат да се сретнат во иднина. Меѓутоа ова е и позитивен предзнак, преку пренесување на искуство, да се долови знаењето во безбедносниот кадар.[47]

Во склоп на фундаменталните карактеристики, кои соодветните кадри ги определуваат како безбедносни лица, се издвојуваат постојаните напори насочени кон

[47] National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004, p. 6.

зачувување на домашната безбедност и стабилност, високата контрола на заканите и ризиците од криминалот и соодветна превенција на тоа, воспоставување и применување на тезата безбедност за секого, безбедност насекаде.

Се претпоставува дека во најголемите приватни компании за обезбедување, како прв фактор во однос на најбитните квалификации претставува степенот на образование. Ова не го исклучува фактот дека образованието е изоставен дел од јавниот безбедносен сектор, но ја потенцира неговата нагласеност во приватниот сектор. Сепак секоја улога е темел на способноста која ја делат обете страни. Секое искористување на ресурсите се зголемува, во насока на намалување на потрошувачката, а притоа искористување на можноста за постигнување на стабилност и безбедност во средината.

## 9. ПРЕДНОСТИ ВО СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО

Во претходните содржини од овој истражувачки труд, видовме дека ползата од соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор, изобилува со низа на позитивни карактеристики, дел од нив се издвојуваат како најбитни, и нагласени како предности, врз база на нивното дејствување. Полицијата денес е под огромен притисок во однос на барањето за постојано извршување на превенција од криминалот и терористички дела, како и носител на значителна одговорност за домашната безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на нацијата во целост, при тоа извршувајќи го тоа во исклучително тежок период на ограничени буџети, ресурси и време. Истото може да се каже и за приватните безбедносни организации, кои го делат истиот притисок во вршење на нивните активности за заштита на луѓето, имотот, информациите кои се од витално значење, и како споделување на исклучителен интерес во извршување на обидите кои придонесуваат за заштитата на земјата од надворешни закани и ризици, иако тие активности стриктно не подлежат на реализација од нивна страна, а сепак го прават тоа. Обезбедувањето и заштита на критичната инфраструктура, е еден од главните фактори, кои ја претводат тезата за постоењето на приватното – јавно партнерство. Се тврди дека се повеќе средства и сектори, се одземени на јавната безбедност во корист на приватниот безбедносен сектор.[48]

[48] White Paper and Guidelines by CoESS, And its Working Committee Critical Infrastructure, Critical Infrastructure Security and Protection, The Public-Private Opportunity, December 2010, p. 10

Според CoESS, сите европски земји се сведоци на постојано зголемување на присуството на приватните безбедносни компании и приватниот безбедносен персонал во јавниот домен. Ова е поттикнато пред се од зголемување на чувството на несигурност, проследено со постојан страв и сомнителност во државните органи, ограниченост на средствата со кои располага полицијата и соодветно на тоа пропаѓање во тотален колапс на определени функции кои се од големо значење. Како соодветна спротивност на ова, се јавува позитивниот знак за приватните комапнии за обезбедување во однос на постојано зголемување на ефикасноста во извршувањето на активностите и задачите кои подлежат на нивната дејност, како и клучниот квалитет проследен со континуирано надоградување на професионализмот кој го нудат. Со ова се обезбедува иновативна и флексибилна работа, заснована на цврсти предиспозиции и цели, кои се темелат на оградување на партнерски односи во полза на постојано интервенирање во безбедноста. Ова покажува дека добро дефинираните и добро управуваните јавни – приватни партнерства располагаат со високо ниво на ефикасност, ефективност, при што резултатот се гледа во зголемувањето на безбедноста на критичната инфраструктура.

Со зголеменото инфилтрирање на улогата на приватните компании за безбедност, доаѓа до вкупен раст на бројот на субјекти, кои учествуваат во борбата против криминалот. Главна цел кон која постојано се тежнее е целосно подобрување на безбедносната ситуација, кое би се постигнало со зголемено ангажирање на човечки и материјални ресурси, во секторот за безбедност. Ова би дошло до точка на реализација, доколку односите помеѓу владиниот и невладиниот сектор во однос на приватната безбедност би се карактеризирале со високо ниво на соработка, доверба и заедничка ориентација. Доколку помеѓу нив постои добар баланс и адекватна регулација на односите, како и подготвеност за соработка, прецизно дефинирани надлежности, одговорности и поделба на работата, се создаваат услови за репродукција на нивниот капацитет и резултирање со поголеми ефекти, како во превенција, така и во сузбивањето на криминалните дела[49]. Ангажирањето на приватните безбедносни компании во соработка со полицијата, врши ослободување на голем дел полициски ресурси и нивна реалокација кон тешки облици на криминал.[50]

Од интерес на двете страни е да работат заедно. Јавното партнерство може:

[49] Revija za bezbednost, Strucni casopis o korupciji I organizovanom kriminalu, Novembar 2007, str. 38
[50] Исто.

- Да ја овозможи подготовката на приватното обезбедување, во релација на репродуцирање на двојна сила за комплетно и навремено дејствување во однос на решавањето и справувањето со одредени итни случаи;
- Координација во областите, каде што дејствуваат приватните агенции за обезбедување, во однос на заштита на критичната инфраструктура на нацијата или мнозинството, а која е во надлежност на приватниот сектор и осигурана со приватното обезбедување;
- Добивање на бесплатна обука и услуги, кои се составен дел од постојаните активности и се на врвот на листата на приоритетни квалификации, кои треба да ги поседува секој, кој е дел од овие структури;
- Стекнување на дополнителен персонал, ресурси и експертиза, со што се зголемуваат шансите за непобедливост во дејствувањето и нераскинлива сила на моќ и знаење. Врз основа на тој факт, се гради цврста структура поткрепена со високо ниво на организација, каде постои целосна искористливост на потенцијалот, ресурсите и континуирана контрола на финансиските средства;
- Дополнителен корпус на знаење и искуство во области кои се еден вид "слабост" на полицијата, како резултат на постојаниот напредок на технологијата, а која за да се разбере треба да располага со кадар специјализиран за тоа, вклучувајќи и собирање на докази за одреден вид на истраги, добиени токму преку користење на напредната технологија.[51]

Придобивките кои ги има јавниот сектор, во однос на градење на соработка и партнерство со приватниот сектор, изобилуваат. Потврдено е сознанието дека успешноста лежи на две страни, откако тие ќе се спојат делот ќе може да се прочита. Така е и овде, со нивното спојување приватнта безбедност, добива на значење, но исто така добива и во големина и ефикасност. Приватните безбедносни организации, потребата од соработка ја истакнуваат преку:

- Зголемување на потребните инструкции за дејствување од страна на високо искусен кадар, кој години наназад има совладано голем број на

[51] National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004, p. 14

пречки од овој вид, и заедничко одржување на рамнотежата на стабилната безбедносна состојба;

- Вклопување на своите планови и идеи со јавниот сектор, кои би се одвивале во насока на спречување на криминални дела и активности кои претат на приватната безбедност, меѓусебно надополнување во однос на преземање мерки во вонредни и воени состојби;
- Нивниот облик на организација ќе наликува на еден вид државна организација, бидејќи ќе ја имаат целосната заштита од јавниот сектор, како соодветен партнер;
- Стекнување на доверба од државата и нацијата, како сериозна институција, која се грижи и работи за нивно добро;
- Добивање на значајни информации за закани, криминални трендови, поврзани со законот и одредбите од него;

Заедничките придобивки вклучуваат:

- Кративно решавање на проблеми;
- Зголемување на можностите за обука;
- Информации, податоци и размена на разузнавачки информации;
- Искористување можности преку "повеќекратна сила";
- Пристап до заедницата преку современата комуникациска технологија и приватниот сектор;
- Намалување на времето за обновување по катастрофи.[52]

Со цел да имаат меѓусебни заеднички придобивки, приватното – јавно партнерство мора да исполни одредени критериуми. Тие критериуми треба да се почитуваат од обете страни, за да се постигне партнерство, во согласност со нормите и барањата на една држава, кои кореспондираат со безбедносната состојба. Треба да постои отворен дијалог помеѓу полицијата и приватните безбедносни служби и јасни инструкции во врска со улогата на секој од партнерите поединечно, меѓусебно надополнување во однос на подобрувањата кога и каде е потребно. Оваа интеракција треба да се одвива во формализирани заеднички структури, кои се формирани во

[52] National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004, p. 15

поглед на зедничкото партнерство. Секој партнер треба целосно да ги разбира своите одговорности, улоги и ограничувања. Комуникацијата е клучниот аспект за одржување на стабилноста во партнерството. Како таа ќе се одвива помеѓу кадарот, зависи од свеста и начинот на размислување кај секоја индивидуа. Но, работните обврски треба да се извршуваат постојано, и да се тежнее кон воспоставување на стабилна врска од почит и меѓусебно разбирање. Членовите на јавниот и приватниот сектор мора да се чувствуваат прифатени едни од други, да покажат чувство на доверба и поддршка.

Како соодветни предности, кои се постигнати како резултат на взаемното партнерство може да се констатира дека е создаден заштитен штит од тероризмот, криминалот и други современи закани насочени кон безбедноста, вклучувајќи го и компјутерскиот криминал како денешен модерен тренд во полза на последиците од напредната технологија, создавање на нов поглед кон безбедноста и нови програми за нејзина надградба и усовршување. Значи се создава прифаќање на законот, низ традиционално извршување на задачите како активен дел од професионализмот со кој располагаат. Бидејќи приватната безбедност се карактеризира како дополнителен пар на "очи и уши", приватните безбедносни компании како нејзини следбеници се дополнителен пар на способности за технолошко откривање и предвидување на можностите и заканите.

## 10. ПРИЧИНИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ КОН НЕУСПЕХ НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО

Тешкотиите во соградувањето на едно партнерство изобилуваат со многу напор, кој за жал како резултат на неколку фактори може да биде прекинат. Традиционално се следат многу насоки, во кои се верува дека ќе придонесат кон успех на партнерството, но всушност тие го назадуваат неговото постоење и ја ограничуваат можноста за употреба на нови програми, за спроведување на многу идеи. Фактори кои можат да придонесат кон неуспех на партнерството се:

- Неспособноста за решавање на заеднички проблеми, кои иницираат неуспех и колапс на партнерството;
- Ограничување на практиката во однос на размена на информации помеѓу приватното обезбедување и полицијата, поради уверувањата дека

информациите подлежат на тајност, и таа тајност никако не смее да биде издадена. Се верува дека приватните компании не се согласуваат на споделување на важни информации со полицијата, поради одреден вид на сомнение дека информациите можат да станат плен на јавноста. Комјутерите со кои се извршува пријавување на компјутерскиот криминал, според нив можат да бидат запленети од страна на полицијата;

- Промени во раководството, без претходен план, а кои можат да предизвикаат бура на реакции кои би значеле несериозност на партнерството како законска структура;
- Финансирање кое се одвива врз база на неприфатливи услови при што доаѓа до присуство на неадекватни ресурси, и отсуство на залиха на потребните материјални средства, со самото тоа доаѓа до недостаток на финансиски средства и персонал;
- Голема празнина, во однос на недостиг од иновативни размислувања, кои би можеле да го кренат партнерството на високо ниво, кое би резултирало со доловен успех и соработка со партнерства од други земји;
- Ограничувања во однос на времето, што може да резултира со реализирање на определени активности од кои зависи безбедносната состојба;
- Незалагање во однос на потребата да се постигне усогласување на меѓусебните интереси и цели;
- Мерење на ефикасноста, кое може да резултира со страв од неуспех, и ненамерно правење на грешки, посакувајќи постигнување на спротивен ефект.[53]

Односот помеѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор може да биде проблематичен поради различни причини, како резултат на мнозинството на начини на кои јавниот и приватниот сектор во безбедноста, комуницирале. Главна причина за тоа претставува конфликтот на интереси кои можат да се најдат во акомулацијата на јавно – приватните работни места од страна на приватните компании за безбедност и

[53] National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004, p. 18.

вработените во полицијата.[54] Друга област на можен судир помеѓу полицијата како дел од јавниот сектор и приватните безбедносни компании постојат доколку тие се во конкуренција во однос на ист договор, потоа ако работат во иста област или ист настан. Проблемот на конкуренција и конфликт помеѓу полицијата и приватните безбедносни компании е влошена, доколку полицијата е претставена и спроведена како институција за надзор која што ја издава лиценцата за работа и врши контрола дали приватните безбедносни компании дејствуваат во согласност со законот. Ова може да доведе до конфликт на интереси во случај каде полицијата и приватните безбедносни компании се конкуренти. Сликата станува посложена кога политичарите се вклучени во овие прашања. Како трета причина се јавува што голем дел од поранешниот воен и полициски персонал работат за приватните безбедносни компании. Ако приватните безбедносни компании се управувани и раководени во согласност со законот, тоа не претставува никаков проблем. Ако законите не се спроведуваат, постои сомнеж дека поранешниот полициски и воен персонал може да влијае несоодветно, во однос на услугите и обврските помеѓу сегашните полицајци и нивните поранешни колеги кои работат во приватните безбедносни компании.[55]

[54] http://www.fvv.uni-mb.si/varstvoslovje/Articles/VS_2009-2_Bakreski_Milosevska.pdf, p.287, преземено на 09.10.2014г.
[55] Исто.

## ГЛАВА III

## ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО И НАПОРИТЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛОТ И КРИМИНАЛНИТЕ ДЕЛА

## 1. ОПШТА РЕТРОСПЕКТИВА ЗА КРИМИНАЛОТ И НЕГОВОТО РАЗОРНО ДЕЈСТВО ВРЗ ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА ВООПШТО

Во последните децении на XX век, криминалот почнува да се третира како сериозен меѓународен проблем кој привлекува голем број на иницијативи за ефективна борба против него. Развојот на технологијата ги зголемува шансите за понатамошен развој на нови, но и поопасни видови на криминал. Во зависност од материјалните средства и можности со кои располагаат криминалните организации, зависи и досегот на нивни активности. Соработката помеѓу криминалните организации е многу поефикасна отколку соработката во самите држави. Организираниот криминал има длабоко навлезено во сите пори на општеството и генерално помалку или повеќе денес тој е предизвик за сите држави.[56] Тој со својата голема виталност и прилагодливост и со големите финансиски средства кои ги има на располагање е еден од најсилните центри на моќ во сенка на легалните национални и меѓународни институции.

Како важна основа за економската и социјалната состојба (битието врз кое почива еден народ) на една држава е безбедноста од криминалот, стравот и разните терористички дела. Како што е наведено во упатствата на ОН[57] , за спречување на криминалот државите ја имаат примарната улога, но јавната безбедност и спречувањето на криминалот не се единствена одговорност на Владата и јавното право. Со самото тоа, се изразува големата улога која ја имаат останатите приватни и јавни организации во негова превенција. Поединци, заедници, невладини организации, граѓанското општество и приватниот сектор сите играат улога во подобрување на сигурноста и безбедноста на заедницата[58]. Со акцентирањето на улогата на различните актери и чинители во подобрување на безбедноста во заедницата и спречување на криминалот, се развиени национални политики за негова превенција. Зголемената соработка и партнерство резултираат со зголемени можности и шанси за фаќање на сторителите на кривичните дела. Од една глобална перспектива постои растечка свест за навремено реагирање, откривање и подготовка за справување со домашни и

[56] Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Зборник на трудови, Меѓународна научна конференција Балканот – безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Охрид, 1 и 2 октомври, 2010 г., Конгресен центар на УКИМ, стр. 101-102

[57] Economic and Social Council resolution 2002/13, annex.

[58] UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME Vienna, CRIMINAL JUSTICE HANDBOOK SERIES, State Regulation concerning Civilian Private Security Services and their Contribution to Crime Prevention and Community Safety, UNITED NATIONS New York, 2014, p. 1

меѓународни безбедносни закани, со што се зголемува и побарувачката за високо – квалитетни приватни безбедносни служби.

Анализирајќи го фактот дека обемот на криминалните организации постојано е во подем, доаѓа во предвид и реализацијата на напорите на безбедносните организации. Секако, дека бројот на случаи кои се преземени и превентивно заштитени е голем, но не е за занемарување и бројот на случаи каде, поразот е наш. Со оглед на фактот дека постојаната потреба од контрола и зголемување на силата за елиминација на штетните дејства од него постојано се во тенденција на растење, сплотеноста на приватните и јавни сили за безбедност, може да алармираат со врвни резултати.

## 2. СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО ОДНОС НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЕДЕНИ КРИМИНАЛНИ ДЕЛА

Кога некоја страна ќе располага со информации кои се движат во насока за извршување на некое криминално дело, треба да ги извести останатите страни за заедничка подготовка за справување со истото. Известувањето може да се одвива, во релација на однапред смислен план, во однос на претходните обуки и вежби, кои се извршувани со цел за подготвеност во вакви ситуации.

Приватните сектор мора да го извести јавниот сектор (одделот за полиција) за:

- Непредвидливи околности, информации кои се однесуваат на превенција, одржување или обновување на јавната безбедност;
- Во врска со сите кривични дела, за кои на располагање имаат информации, здобиени од претходни активности или функции, извршени со цел откривање на сторители на кривични дела, докази поврзани со нив и сл.[59]

Исто така може да се достават информации кои ќе користат за помош во проценката на ризикот и последователното спроведување на превентивни мерки. Со самото тоа ќе се спречи извршување на кривични дела, и искористување на значително помал спектар на потребни ресурси.

[59] UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME Vienna, CRIMINAL JUSTICE HANDBOOK SERIES, State Regulation concerning Civilian Private Security Services and their Contribution to Crime Prevention and Community Safety, UNITED NATIONS New York, 2014, p. 17

Во интерес на заштитата на приватната безбедност следува:

- Пренасочување на сите информации од витално значење, кои се собрени од страна на приватните компании за безбедност до институциите кои се авторизирани за примање на истите;
- Полицијата може да има пристап до системи инсталирани од страна на приватните безбедносни компании кои ќе овозможат верификација на информации во реално време, кога е потребно да се спречи реална опасност за јавната или приватната безбедност или сузбивање на кривичните дела.[60]

Со откривањето и пренасочувањето на информациите, од една кон друга страна, не се прекршува некоја одредба од откривање на тајноста со која располагаат, туку сè се одвива во фаза на спречување на посериозно криминално дело, кое може да биде проследено со висока нестабилна состојба и жртви. Размената на информации се одвива само во рамките на партнерството, со што приватната безбедност во значителна мера е заштитена.

Откако сите информации ќе бидат складирани, акцијата се пренасочува кон следење на планот за успешна деактивација на криминалните активности. Во согласност со новата и современа технологија, се создаваат легални компјутерски програми, за влегување во системите на криминалните организации, со што се откриваат активностите кои се планирани да се извршат. Таквиот пристап ја кочи можноста за извршување на злодела, и ја истакнува подготвеноста на експертскиот тим од соодветното безбедносно партнерство во соочување со нив. Програмите и стратегиите кон кои се насочува партнерството преку споделување на информации се следните:

- По добивање на информациите следува превенција на криминалните дела;
- Употреба на безбедносни технологии во спречување на криминалот, прашања за приватната безбедност и нивно исклучување;
- Превземање на мерки за спречување на криминалот, како доказ за поддршка на заедницата и "спасување" на концептот на приватна безбедност;

---

[60] UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME Vienna, CRIMINAL JUSTICE HANDBOOK SERIES, State Regulation concerning Civilian Private Security Services and their Contribution to Crime Prevention and Community Safety, UNITED NATIONS New York, 2014, p. 17.

- Ситуациона превенција, која подразбира постојано сузбивање на ниски криминални дела, се додека истите не ескалираат во сериозни криминални дела и влијаат лошо на приватната безбедност;
- Зајакнување на темелите на партнерството, со што доаѓа до успешно зајакнување на капацитетот и моќта со кои располагаат.[61]

## 3. ЈАВНОТО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО СПРАВУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА КРИМИНАЛНИТЕ ДЕЛА

Во однос на решавањето на криминалот, јавното – приватно партнерство може да биде поделено во три групи:

- Повеќенаменско;
- Со единствена цел;
- Еволуција на повеќенаменско.[62]

Повеќенаменското партнерство се фокусира на решавање на проблеми, кои опфаќаат поголем спектар на прекршочни дела. Тука спаѓаат решавање на криминални трендови, проблеми со приватната безбедност, безбедносната методологија, управување со кризи, тероризам, природни катастрофи и сл. Релацијата на постојан ангажман и напор за решавање и елиминирање на криминалните дела, се прави во согласност со законот, и со чиста одговорност кон тимот во партнерството. Овде може да постои и поделеност во однос на сектори, каде секој оддел располага со свој лидер, кој ги презема сите оперативни одговорности во однос на решавање на криминалните дела и активности[63].

Некои партнерства се формирани за решавање на еден проблем и се во тенденција на постојано решавање на истиот, без притоа да преземаат иницијативи за проширување на дејноста која ја извршуваат. Иако справувањето со секое криминално дело, зазема високо место, ориентацијата треба да се насочи кон решавање на повеќе закани и воспоставување на систем за оренатационо набљудување на секоја закана. Во

[61] U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership, trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington, p. 67-69.
[62] U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership, trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington, p. 55
[63] Исто.

поголем дел се насочуваат кон итната подготвеност која треба да се изврши, што претставува позитивен предзнак за успешно извршена цел. Тие се фокусирани на конкретен инцидент, без притоа своите активности да ги насочат и кон сите други безбедносни и криминални проблеми.

Кога партнерството се насочува кон решавање на едно криминално дело, од тоа може да произлезат многу односи, кои би се покажале корисни во решавањето на други проблеми. Иако не планирано, само по себе решавањето на еден проблем, создава шанси за решавање на голем број на други проблеми. Ако партнерството е насочено кон решавање на определен вид на криминално дело, по решавање и справување со истото, се отвораат можности за справување со нови ризици. Кога еднаш таквата состојба ќе биде прифатена, потоа многу такви ситуации ќе следат сами по себе. Доколку односите се одвиваат во ограничен фокус, можноста за комплетна мисија со друго партнерство е возможна но и ограничена.[64]

Сигурноста и безбедноста на општеството е од клучно значење за развој на континуиран просперитет во кој како приоритет се наметнува постигнувањето и одржувањето на постојаниот мир и развој. Напорите на приватното – јавно партнерство во осигурување на приватната безбедност, помогнаа во соочувањето со социјалните проблеми, а со тој чин се надополнуваат позитивните трендови кон севкупниот развој на една заедница. Главната иницијатива се одвива кон постојано намалување на несигурноста и спречување на насилството, што влијае на квалитетот на животот на една земја.

Соработката помеѓу приватниот и јавен сектор, ја потврдува тезата за мултидисциплинарност во однос на спречување на криминалните дела и активности. Овде е застапен приодот на вкрстување на активностите од обете страни со цел, приватната безбедност да претставува клучен симпозиум во отстранување на секакви ризици и закани. Токму кон тоа се насочени и дејностите на клучните субјекти во полицијата и агенциите за обезбедување. Потребно е давање на приоритет за превенција и решавање на делата. Наместо да се дејствува откако ќе се појави проблемот, приоритет треба да се даде на разбирање на причините и динамиката на насилство со цел да се дизајнираат акции кои ќе интервенираат кон спречувањето на

[64] U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership, trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington, p. 55

новите кривични дела или насилни ситуации. Потребна е детална дијагноза за секоја насилна ситуација, во која во преден план ќе преовладуваат информациите како клучна алатка во одредувањето на идната безбедносна состојба. Контролата на криминалот е неопходна, и мора да биде подобрена. Конкретно за полицијата, се наведува дека опсегот на сила мора да биде значително намален, во однос на зголемена соработка со приватните безбедносни корпорации, и зголемен квантум на кадар за спроведување на висока технологија и интелегенција. Ова се наметнува како современа парадигма и иновативен начин во разбирање на проблемите поврзани со насилството и криминалот, и нивно соодветно решавање за постигнување на состојба на безбедност во општеството.[65]

Бобата против ова современо зло, ја поддржуваат и многу меѓународни организации. Тие се свесни за разорната моќ од него и ризикот кој го носи сам по себе. Токму и затоа ја поддржуваат идејата за приватното – јавно партнерство, каде силите од приватниот сектор ќе ги сплотат своите идеи со силите од јавниот сектор, со акцентирање на најголемата улога која ја има полицијата. Се претендира кон постојано зајакнување на организацијата, поддршка за подигање и вмрежување во свеста за придобивките од јавното – приватно партнерство во спречувањето и контролата на криминалот.

"Ние ја препознаваме важноста од зајакнувањето на јавното приватно партнерство за спречување и борба против криминалот и сите негови форми и манифестации. Убедени сме дека преку заедничка и ефектива размена на информации, знаење и искуство, и преку заеднички и координирани активности, можат да се развијат, подобрат и спроведат мерки за да се спречи гонење и казнување за криминалот, вклучувајќи ги и новите предизвици."[66]

[65] U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership, trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington, p. 56

[66] Salvador Declaration on Comprehensive Strategies for Global Challenges: Crime Prevention and Criminal Justice Systems and their Development in a Changing World. 12th Crime Congress on Crime Prevention and Criminal Justice, 12-19 April 2010 www.unodc.org

## 4. УЛОГАТА НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ

Според упатствата на ОН за спречување на криминалот, посебно се нагласува улогата на приватниот сектор во безбедноста на заедницата, како партнери со националните и локалните власти (преку обезбедување на услуги во полицијата).[67] Овде се истакнати голем број на пристапи кои се насочени кон криминалот и справувањето со насилството, притоа вклучувајќи ги и социјалниот и економскиот развој. Исто така се истакнува големата улога која ја има приватниот сектор во однос на иницијативите кои позитивно влијаат врз справувањето со различните кривични дела.

Во прирачникот за насоки за справување со криминалот на ОН, во делот за јавното – приватно партнерство, се укажува на начините за кои приватниот сектор може да направи значителен и позитивен придонес за подобрување на безбедноста и безбедносната политика:

- Придонес кон социјалните програми кои се однесуваат на причините за насилство и ризикот фактори поврзани со него;
- Помага да се намалат можностите и мотивацијата да се стори кривично дело со контекстуални промени;
- Да придонесе за реставрација и подобра употреба на јавните и полу-јавните површини;
- Учество во обнова на урбани проекти;
- Помага во спречување на криминалот преку развивање на програми за обука и учење, за успешно справување со последиците од него.[68]

Кога на ова ќе се додат и сите активности на јавниот сектор во однос на спречување на криминалните и терористичките дела, би се добила совршена компилација на стратегии и програми, кои спроведени заедно ќе претставуваат симпозиум на сила и моќ. Клучните аспекти кои ќе придонесат кон ефикасноста од

[67] United Nations Guidelines for the Prevention of Urban Crime. ECOSOC Res. 1995/9 Annex; United Nations Guidelines for the Prevention of Crime. ECOSOC Res. 2002/13 Annex; see also UNODC. (2010). The Handbook on the Crime Prevention Guidelines: Making them Work. New York: UNODC

[68] International Centre for the Prevention of Crime (ICPC), Public-Private Partnerships and Community Safety: Guide to Action, September 2011, p. 27

приватното – јавно партнерство треба да се одвиваат во насока на активна консултација и учество на сите сектори, како и превенција во насока на развој на програма за предвремено откривање на криминални дела, план за акција проследен низ долгорочна посветеност, споделување на претходни искуства кои можат да откријат нови траги и предизвици кон нарушување на безбедноста. Севкупната размена на информации, предвреме поставените планови на функционирање во кризни ситуации, ќе резултира со полесно, но и поефикасно справување со кривичните дела. Секоја држава е предмет на закана од криминалот. Приватното- јавно партнерство, треба да се подготви за целокупна заштита на економскиот и социјалниот систем на државата каде криминалот настојува да стане нивна конкуренција, за негово инволвирање во државни исцтитуции со преземање на функции во однос на директно извршување на повреди кон човековите права, со што директно се засегнува и приватната безбедност.

Напорите на приватното – јавно партнерство треба да се одвиваат во насока на:

- Постојано одржување на институционална рамка за навремено и ефикасно спречување на криминалот и делата, како сериозна последица од него;
- Зајакнување на партнерството, како и проширување на истото, кое би се одвивало во насока на заемна соработка и создавање на заедничко гледиште за заканите кои имаат влијание врз приватната безбедност;
- Достапност на ресурсите, како соодветен показател за оддржување на програми кои ќе се достапни во однос на одговорноста за финансирање, имплементација и постигнување на поставените цели и идеали;
- Широк мулидимензионален спектар на знаење, искреирано во стратегии, политики и програми, како и користење на знаењето и искуството од претходно во однос на справување со одредени криминогени фактори;
- Познавање на криминалот како „модерен тренд" и сите негови импликации, кои ги загрозуваат правата на секој граѓанин;
- Спречување или откривање на упад, неовластен влез, поминување на приватен имот;
- Заштита на поединци од телесни повреди.[69]

[69] International Centre for the Prevention of Crime (ICPC), Public-Private Partnerships and Community Safety: Guide to Action, September 2011, p. 27-30.

# ГЛАВА IV

## ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МОЖНОСТИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВАТНОТО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО

# 1. ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 90-тите години, на Македонија се гледаше како на едно стабилно подрачје, кое го зазема централниот дел на Балканскиот Полуостров. Нејзината географска положба е поволна од аспект на нејзино поврзување со соседните држави, а просторната сместеност на Балканскиот Полуостров и овозможува пошироко комуницирање и со другите држави и региони[70]. Со тоа "централно јаболко" се гордееше и меѓународната заедница. Од основањето како суверена, самостојна држава, Република Македонија, создава една безбедносна рамка, во која уште од 1991 година - значајна за нејзиното осамостојување, продира идејата за приватната безбедност.

Уште од почетокот на осамостојувањето, една бескрајна листа на проблеми ги придружуваше напорите на Македонија во градењето на државата. Таа наследи слаба економска основа, речиси непостоечки државни и демократски традиции, неразвиена политичка култура, и турбулентно и не секогаш пријателски настроено соседство[71]. Меѓутоа делумно "стабилната" состојба траеше до 1999 година, кога се распламти тензијата помеѓу македонците и албанците. Како резултат на недоволниот ангажман и напор на полето на безбедноста, доаѓа до нарушување на стабилната и мирна состојба, проследено со конфликт во 2001 година. Тоа создаде причина плус за развој на приватниот сектор во безбедноста, и зајакнување и оптегање на конците за стабилност и мир.

Со грозоморниот чин од 2001 година, доаѓа до севкупна промена на системот на функционирање на државата, неговите одредби, начела, при што најголема преобразба претпре економскиот систем на државата. Тоа го покажуваше следбеникот на целото дејство, а кој се насочи кон создавање на приватни безбедносни компании, и зголемена употреба на концептот на приватна безбедност. Со тоа, човековите права беа ставени во еден агол на поголема заштита, а секое дело насочено кон минимизирање и целосно отстранување на негативните последици од конфликтот. Токму тој бран на внатрешни конфликти доведе до нова појава позната како приватизација на безбедносните функции. Приватната безбедност е резултат на бројните идеи, концепти, историски услови и општествени ситуации, а денес е составен дел во секојдневното работење на

[70] Оливер Бакрески, Милан Милошевиќ, Современи безбедносни системи, Компаративна анализа на земјите од Југоисточна Европа, Скопје 2010, стр. 230
[71] Исто.

институциите, бизнис заедницата, индустријата и воопшто при организирањето на општеството. Во основа приватниот безбедносен сектор ги опфаќа компаниите кои даваат услуги за безбедност и/или произведуваат намалена безбедност.[72]

## 2. ПРИВАТНИ АГЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Трансформацијата на политичкиот систем во Република Македонија како резултат на низата негативни појави кои што се случија, се карактеризираше со влегување во турбулентна транзиција кон приватизација. Делот од приватниот сектор кој претрпе големи промени во однос на финансирањето, го проследи патот кон создавање на нови приватни компании за обезбедување.

Бројот на компании за обезбедување е во постојан опад и раст, со оглед на фактот дека одреден број на компании се уште постојат на пазарот, но има и такви кои допрва почнуваат, но и на кои им завршила работната дејност. Според Конфедерацијата на евопски безбедносни компании, се претпоставува дека вкупниот број на компании за обезбедување во Република Македонија (во периодот до 2010г.) изнесува 165, од кои 139 се карактеризираат со активно спроведување на приватни безбедносни активности. Како основен предуслов за работа во приватните компании за обезбедување, претставува поседување на лиценца, издадена од страна на Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот. Постојат информации кои укажуваат на добрата опременост со оружје, кое го истакнува и негативниот предзнак во однос на лесната достапност до него, и неефикасната котрола во однос на нелегалната трговија со истото.

Приватно обезбедување во вид на давање на услуги се врши како:

1. Физичко обезбедување и

2. Техничко обезбедување[73].

[72] Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год., стр. 141
[73] ЗАКОН ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, Објавен во Службен весник број: 166/2012, Датум на објавување: 26.12.12

Приватното обезбедување во вид на давање на услуги се врши како:

1. Физичко обезбедување;
2. Техничко обезбедување[74].

*Физичкото обезбедување* се врши како:

- телесна заштита;
- мониторинг-патролно обезбедување;
- обезбедување на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки и
- обезбедување на јавни собири и други настани[75].

Според Законот за приватно обезбедување, член 9, став 3, приватното обезбедување за сопствени потреби се врши како физичко обезбедување, и тоа како телесна заштита и мониторинг обезбедување.

Техничкото обезбедување е обезбедување со употреба на технички средства и уреди, со цел да се спречат против правни дејства насочени кон лица и имот, за заштита од:

- недозволен пристап во објекти и простории што се обезбедуваат;
- неовластено користење и отуѓување на предмети што се обезбедуваат;
- неовластено внесување на огнено оружје, експлозивни, радиоактивни, запалливи и
- отровни материи;
- провалување, диверзија или насилен напад на објектот што се обезбедува;
- неовластен пристап до податоци и документација;

[74] ЗАКОН ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, Објавен во Службен весник број: 166/2012, Датум на објавување: 26.12.12
[75] Исто.

- напад на возила за транспорт на пари и други вредносни пратки и
- напад на работници за обезбедување кои вршат пренос на пари и други вредносни пратки.[76]

Работата на приватните агенции за обезбедување во Република Македонија е регулирана со Законот за приватно обезбедување. Во Македонија постои и подзаконска регулатива која се состои од четири правилника во однос на полагање на стручниот испит за вршење на приватно обезбедување. Работи за обезбедување на лица и имот можат да вршат само лица кои имаат лиценца за работа. За вршење на дејноста за приватно обезбедување, Комората врши евиденција на лицата на која им е издадена лиценца за работа.

## 3. ДЕЈНОСТИ КОИ ГИ ВРШАТ ПРИВАТНИТЕ АГЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија приватните агенции за обезбедување, вршат голем број на услуги, кои се доволно побарувани, и најчесто користени од разни субјекти. Како дел од тие корисници се јавуваат дипломатските претставништва, финансискиот сектор – каде обезбедувањето се одвива како задолжителен процес, канцеларии на меѓународните одрганизации и сл. Со оглед на важноста на овие институции, се огледува и важноста на услугите кои ги нуди приватното обезбедување. Со самото тоа основната цел се одвива во насока на заштита на лица, имот, како еден дел од глобалната лепеза за спречување на крвични и криминални дела. Нивното користење постојано расте и се зголемува, со оглед на фактот дека потребата од сигурност на одредени компании и институции го надминува нивото на државна безбедност и го достигнува квантумот на сила кој е потребен од страна на приватното обезбедување.

Главно услугите кои ги нудат, се во рамките на обезбедување на одредени предмети, објекти, корпорации кои соработуваат со големи финансиски средства. Така, услугите кои моментално ги нуди овој сектор опфаќаат:

- Обезбедување на банки и финансиски институции (заштита на капитал, имот, контрола на пристап на вработените);

[76] ЗАКОН ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, Објавен во Службен весник број: 166/2012, Датум на објавување: 26.12.12

- Хотелско обезбедување;
- Обезбедување на културни настани;
- Комерцијално обезбедување;
- Обезбедување на индустријата и производството;
- Обезбедување на здравствените институции;
- Придружба;
- Локално обезбедување;
- Обезбедување на странски лица.[77]

Во Македонија, во последните две-три години се нагласува и потребата од приватно обезбедување во рамки на основните, средните училишта, со оглед на фактот дека бројот на нерекни инциденти, постојано се зголемува, што резултитра со висока нетрпелливост помеѓу младите генрации, особено во земја која што е мултиетничка.

Како дел од услугите се вбројува и ВИП обезбедувањето, кое го извршува персонал кој се квалификува со највисоко ниво на подготвеност во однос на справување со сите закани во текот на извршување на своите задачи. Овие активности ги извршуваат лица кои се повеќе од десет години во браншата на приватното обезбедување, или располагаат со големо воено и полициско искуство. Брзината и ефикасноста се карактеристики со кои се проценува квалитетот на услугата која се нуди. Па во зависност од тоа се зголемува и нивото на побарувачка на истите.

Транспорт на пари и вредносни пратки, со блендирани возила опремени со современи дигитални криптирани радиокомуникациски системи, како и системи за глобално позиционирање(GPS). Движењето на транспортните возила се следи од 24 часовниот Мониторинг центар.[78]

Исто така како едни од пософистицирани услуги кои ги нудат дел од агенциите за обезбедување во Република Македонија се мониторинг со мобилни патролни единици и инсталација на безбедносни системи.

Дел од агенциите за обезбедување покрај тоа што ги извршуваат овие работи, се занимаваат и со извршување на детективски услуги, што обезбедува чекор плус во

[77] Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год., стр. 146
[78] http://nikob.com.mk/uslugi/transport-na-pari-i-vrednosni-pratki/

потрагата по осомничени лица, лица извршители на кривични дела, докази за соодветни приватни потреби и други законски процедури.

Добро е да се напомене дека и покрај големиот број на агенции за приватно обезбедување, кои нудат услуги за заштита на клиентите и покрај релативно ниската стапка на криминал во земјата, стравот од криминал е релативно голем.

## 4. НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ПРИВАТНИТЕ АГЕНЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Како што беше спомнато претходно, главиот надзор над работата на агенциите за обезбедување го врши соодветното Министерство за внатрешни работи, како единствен орган кој врши надзор врз работата на агенциите. Тие својата работа треба да ја извршуваат во согласност со Законот за приватна безбедност. Редовен надзор над работата на Комората и правните лица за приватно обезбедување се врши најмалку еднаш во календарската година[79]. За сите неправилности, несогласности Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, треба да го извести ресорното министерство, во овој случај Министерството за внатрешни работи, и да му овозможи комплетен надзор над активностите со кои треба да се дејствува. Доколку министерството побара соодветна документација, истата треба да се приложи и на повидок да се овозможи преглед на сите податоци и известувања, кои се од корист за комплетна контрола на работните задачи.

При вршењето на надзорот, доколку се откријат одредени неправилности во врска со работата на Комората, или пак во врска со одредено лице – дел од вработениот кадар, Министерството укажува на неправилноста, донесува решение за отстранување на недостатоците по што дава рок не подолг од шеесет дена од денот на прием на решението.[80] Доколку Комората не постапи согласно на укажаните недостатоци од Министерството, тоа има моќ да пристапи соодветно и да го одземе нејзиното овластување. Во случај на одземање на јавни овластувања на Комората,

[79] ЗАКОН ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, Објавен во Службен весник број: 166/2012, Датум на објавување: 26.12.12

[80] Исто.

јавните овластувања ги врши Министерството, сé до отстранувањето на недостатоците од страна на Комората.[81] Доколку Комората или лицето не го исполниле она што се бара од нив, или пак не постапуваат во согласност со законот, може да им се одземе лиценцата за работа. Против констатираното решение, во согласност со Законот за приватно обезбедување, оштетениот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на неговото доставување (Законот за приватно обезбедување, член 71).[82]

Како што спомнавме, контролата врз активностите и законитоста на работа на приватните безбедносни компании се остварува од страна на Комората за приватно обезбедување. Комората може да спроведе дисциплински постапки против некој од членовите. Со тој чин може да се одземе лиценцата за работа, но неможе да го надгледува начинот и пристапот кон работа на приватните безбедносни компании во однос на законитоста. Министерството за внатрешни работи, како друга надлежна институција која ја контролира работата на приватните безбедносни компании, ги прима извештаите за секоја инстанца кога била употребена сила или оружје, за време на активностите на приватните безбедносни компании. Тие исто така се обврзани да се јават во полицијата секогаш кога има насилни инциденти.

## 5. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНО – ЈАВНО ПАРТНЕРСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Концептот на приватно – јавно партнерство во Република Македонија се базира на воспоставување на меѓусебни односи, висок степен на соработка и комуникација помеѓу овие два сектори. Со овозможената соработка би се овозможила превенција од криминалот, елиминација на современите закани и ризици, ослободување од стравот на граѓаните од криминалот, присутен години station наназад. Функционално – безбедносниот аспект на проблемот на приватното обезбедување во Република Македонија, се огледува на ниво на функционалност/контрибуција на овој сектор на јавна безбедност во вкупниот придонес/ефект на јавната безбедност воопшто. Ова ниво зависи од

[81] ЗАКОН ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, Објавен во Службен весник број: 166/2012, Датум на објавување: 26.12.12

[82] Исто.

неколку фактори: од нивото на обученост на кадрите вработени во овој приватен сектор, од нивото на техничка и материјална опременост на приватните агенции за обезбедување, од постоењето/непостоењето на стандарди за вршење на овие работи, од карактерот и интензитетот на комуникацијата со полицијата и воопшто со државните органи од областа на јавната безбедност и од кракterот и барањата на клиентите на приватниот сектор на безбедност.[83]

За да се достигне степенот на соработка помеѓу овие институции, доволно е да се поврзат заедничките активности и идеи, бидејќи тие се одвиваат кон една иста насока – безбедноста. Без оглед дали тоа ќе е безбедноста на одредени лица, објекти или настани, главниот и постојан акцент се става на превенција и спречување на криминалот и разни видови на криминални дела.

Иако соработката помеѓу во овој случај полицијата и приватните агенции за обезбедување не го достигнува нивото за длабока дискусија, треба да се пренасочат идеите кон обете страни, со цел да се дојде до заеднички осознавања на вредностите кои ги нуди взаемната соработка. Со самиот тој чин безбедноста значително би се зголемила и би резултирала со виско ниво на рационално искористување на ресурсите.

Единствената врска која е воспоставена и постои помеѓу овие две институции е претходното работно искуство во полицијата или војската, кое го имаат одредени вработени во агенциите за обезбедување во Македонија. Ова е резултат на зголемување на бројот на вработени во Министерството за внатрешни работи, за време на кризата во 2001 година, и отпуштање на тој кадар по завршување на кризата. Истите својата работна дејност ја продолжуваат во приватните агенции за вработување, притоа нудејќи им се поголем кредибилитет во однос на метеријалните и фанансиските средства. Странски фирми за обезбедување, не можат да работат во Република Македонија.

Потребата за постоење на приватното јавно партнерство е неопходна, со негово остварување ќе се овозможи реализирање на меѓусебните комплементарни функции кои ги имаат приватниот и јавниот безбедносен сектор, а се насочени кон воспоставување на стабилна безбедносна состојба, со самото тоа ќе се истакне нивната важност, сплотеното дејствување кон една заедничка цел, како и реализирање на

[83] Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год., стр. 144

поставените идеи, задачи и насоки. Релацијата на дејствување треба да се одвива кон постојано, континуирано решавање на заедничките проблеми во насока на намалување на заканите од криминалот, порастот на корупцијата, кои се карактеризираат со директно влијание врз безбедноста на граѓаните. Токму безбедноста на поединецот ги истакнува вкрстените интреси на приватните и јавни безбедносни служби.

Со заедничка соработка, се цели кон заедничко решавање на проблемите, но и подобро решавање на истите, со оглед на фактот дека секоја идеја, и секое искуство, се гаранција плус за успешно завршена работа. Кога безбедноста е во прашање, сметам дека Македонија како една мала земја, својот иден правец на движење треба да го насочи кон заедничко вклопување на активностите, со што ќе се утврди високиот степен на успех кој следува.

## ГЛАВА V

## КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД БАЛКАНОТ – КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА

# 1. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ НА БАЛКАНОТ

Приватната безбедносна индустрија на Баканот се појави во почетокот на 1990 – тите, заедно со излезот од комунизмот. Земјите во регионот, од кои некои имаат искусено вооружени конфликти и мнозинството е сеуште во транзиција, во последниве години често се соочуваат со тешкотии во обезбедувањето адекватна безбедност за своите граѓани. Сите земји во регионот се соочуваат со проблеми како што се слабите државни институции, традиционалната авторитарна корупција на полицијата и државните органи и високи стапки на организиран и ситен криминал. Овие фактори резултираат со намалена доверба кај јавноста во Владата и органите за безбедност и создаде побарувачка за приватно обезбедување. Заедно со повлекување на органите на државна безбедност со неодамна приватизираните средства, се создадоа услови за значителен развој на приватните компании за безбедност во целиот регион. Важен секундарен фактор во еволуцијата на оваа индустрија во поранешна Југославија, беше почетокот на конфликти со етничка основа, кои често се решаваат со помош на недржавни актери. Овие конфликти создадоа атмосфера на меѓусебна недоверба што доведе до дополнителна побарувачка за заштита на одредени елементи на општеството. По завршувањето на конфликтот, имало голем број на ветерани кои барале работа, а кои најдоа во приватната безбедносна индустрија.[84]

Токму во овој регион, започна еден процес на брзо ширење на приватната безбедност, што резултираше со постојано основање на компании за приватно обезбедување скоро во сите земји од овој регион.

# 2. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

## 2.1 Развојот на приватната безбедност во Србија

Србија претставува една од најзостанатите земји во однос на развојот на концепот на приватна безбедност, која дваесет години немала закон за приватна безбедност. Приватната безбедност во Република Србија за прв пат се појавува во почетокот на деведесетите години, кога се појавила потребата за заштита на

[84] SALW i firme za privatno obezbeđenje u jugoistočnoj Evropi:uzrok ili posledica nesigurnosti? (15. 08. 2008)

приватната сопственост, поради забавеното и несоодветно дејствување на државните органи за безбедност. Поголем број на фирми, биле формирани со цел да ги исполнат овие барања, меѓутоа главно тие се карактеризирале како неформални групи на вооружени поединци, кои не биле вклучени во рекетот на работни места, перење пари и нелегална трговија.[85] Во актуелната стратегија за национална безбедност на Република Србија, усвоена во април 2009 година, по прв пат во историјата на Србија, приватното обезбедување е вклучено како составен дел од структурата на системот за национална безбедност, со обврска оваа област нормативно да се уреди. Со усвојување на Законот за вонредни ситуации, се предвидува одделите за вонредни ситуации на локалната самоуправа, да номинираат фирма од областа на приватното обезбедување за извршување задачи за заштита и спасување во вонредни ситуации. На иницијатива на самата институција, усвоена е серија на национални стандардни услуги кои ги нуди приватното обезбедување. Од 2007 година до денес секторот за приватна безбедност во Србија, бележи континуиран раст. Забележан е зголемен раст во однос на зголемување на бројот на вработени во приватниот сектор, а намалување на бројот на лица кои се невработени[86].

Очигледен е преминот на голем број на приватни фирми за обезбедување, во "сивата зона на работа", така што поголемиот број на вработени во приватниот сектор за разлика од војската и полицијата, допринесува како до губиток на државата во расположливите буџетски средства, така и до создавање на сериозни ризици во смисла на кршење на човековите права и намалување на степенот на безбедност на државата и нејзините граѓани, низ намалениот квалитет на услуги кои им се пружени[87].

Владата на Република Србија го усвоила предлог законот за приватна безбедност, на седница одржана на 30 април 2013 година.[88] Усвојувањето на предлог законот е обид да се одговори на сериозната потреба за сеопфатно регулирање на услугите за физичко и техничко обезбедување во Србија. На 26. 11. 2013 година, е донесен Законот за приватна безбедност, со што се прави првиот чекор во уредувањето на задолжителното законско обезбедување и заштита на одредени објекти, работа и

---

[85] Simpson, J.: "Private security in Serbia: Industry growth is offset by poor legislation, creating a dangerous vacuum", (Neobjavljeni materijal), 16. mart 2005, str. 5.
[86] http://ceas-serbia.org/root/images/U_korak_sa_privatnim_sektorom.pdf
[87] Исто.
[88] http://ceas-serbia.org/root/prilozi/CEAS-analiza-regulisan-privatni-sektor-bezbednosti-bezbedniji-zivot-gradjana.pdf

активности на правните и физички лица во областа на приватното обезбедување, условите за лиценца, начинот на вршење на работата и контрола над нејзиното извршување.[89]

## 2.2 Приватни агенции за обезбедување во Република Србија

Како што спомнавме Србија 20 години немала закон (1993 - 2013) за приватна безбедност кој на единствен начин нормативно би ги уредил најважните области на овој сектор – кој може да основа и води фирми за приватно обезбедување, кој може да работи во неа, кои овластувања ги имаат вработените во агенциите за приватно обезбедување и кога ги применуваат, низ каква обука поминуваат, дали и кога можат да носат и користат оружје. Тоа е последица за основање на приватни фирми кои имаат лоша позадина и се основани од криминалци кои ги користеле за рекетирање и други нелегални активности. [90]

Според податоците на стопанската комора на Србија бројот на регистрирани компании кои работат во приватниот безбедносен сектор ја надминува бројката над 3000, иако нема прецизни податоци за тоа колку од нив се активни. Според проценките на Министерството за внатрешни работи приватниот сектор за безбедност вработува од 30.000 до 60.000 луѓе, и располага со капацитет на оружје од 50.000 комада, додека Министерството за внатрешни работи располага со 53.000 комада оружје, и вработени од околу 45.000 – 46.000 особи, од кои 35.000 се полицајци (овластени службени лица). Српската армија располага со 200.000 комада мало оружје, и 580. 000 парчиња различно оружје со голем калибар. Вредноста на приватниот безбедносен сектор во Србија се проценува на околу 150 милиони евра. Незнајниот фактор за големината и капацитетот на приватниот безбедносен сектор го зголемил сомнежот во однос на тоа дали приватните безбедносни компании во Србија се пријател на граѓаните или закана за нив и нивната безбедност.[91]

Целокупната работа околу приватното обезбедување можат да ја извршуваат само лица кои имаат дозвола/лиценца за вршење на таа дејност. Лиценцата за работа

[89] ZAKON O PRIVATNOM OBEZBEĐENJU (Sl. glasnik RS br. 104/13)
[90] http://www.bezbednost.org/Sve-publikacije/5602/Cinjenicama-do-boljeg-privatnog-obezbedjenja.shtml
[91] Sonja Stojanović,O potrebi istraživanja privatnog sektora bezbednosti u Srbiji, OEBS 2008

може да ја издаде Министерството за внатрешни работи на Србија. Постојат неколку видови на лиценци, кои се издаваат од страна на соодветното министерство. Тука спаѓаат лиценците за заштита на имот, лица и работа, кои ја вклучуваат дејноста во однос на обезбедување на имотот, постојана сигурност на одреденото лице како во начинот на неговиот живот така и при вршење на неговата работа. Лиценца за вршење на физичко – техничка заштита, која се состои од заштита на лица и имот, како и одржување на виско ниво на сигурност и стабилност, во однос на одржување на редот на спортски манифестации, јавни настани. Потоа лиценца за вршење на транспорт на вредни материјали, суровини и пари. Исто така постои и лиценца за работа на системот за техничка заштита, лиценца за вршење надзор и контрола над проектирање на системот за техничка заштита, како и лиценца за извршување на монтажа, пуштање и користење на системот на техничка заштита, како и обука за нови корисници.

Со оглед на фактот за спориот раст на концептот на приватна безбедност во Србија, може да констатираме дека бројот на компании за обезбедување е значително голем, но спорен е фактот дали и како тие функционираат. Откако е донесен Законот за приватна безбедност, се претендира кон решавање на тој проблем.

## 2.3 Услуги кои ги извршуваат приватните компании за обезбедување

Работните задачи кои ги извршуваат приватните агенции за обезбедување во Република Србија, во согласност со одредбите од Законот за приватна безбедност, не треба да се одвиваат во насока на заштита на лица и имот кои се во исклучителна надлежност и заштита на државните органи, ниту пак да применуваат методи и средства, вклучувајќи и програми кои ги применуваат тие органи врз основа на посебни прописи.

Во согласност со разните видови на лиценци за работа кои се издадени од Министерството за внатрешни работи, постојат и четири групи на активности кои може да ги извршуваат лицата вработени во агенциите за приватно обезбедување:

- Да извршуваат процена на ризикот во заштита на луѓе, средства и операции;
- Заштита на лица и имот, физички и технички средства, како и одржување на редот и мирот на јавни собири, спортски настани и други места каде се собрани граѓаните, во делот кој не е во надлежност на Министерството за внатрешни работи;
- Планирање, проектирање и надзор над системите за безбедност, инсталација, пуштање и одржување на системите и обука на корисниците;
- Обезбедување на транспорт и пренос на пари, во делот за кој не е надлежно Министерството за внатрешни работи.[92]

Приватните безбедносни компании овозможуваат услуги за физичко – техничка заштита и извршуваат детективски работи.

### 2.4 Надзор над активностите и работата на агенциите за приватно обезбедување во Република Србија

Органот кој ја издава лиценцата за работа на агенциите за обезбедување, тој ја врши и целокупната контрола и надзор над нивната работа. Овде се јавуваат неколку противречности во однос на тоа, дали органот правилно ќе го осуди работењето на агенцијата, со фактот дека истиот тој ја издал дозволата за негова работа. И кој би можел да ја контролира неговата улога во донесувањето на одлуката, дали постои некој надлежен над него. Исто така Министерството ја има клучната функција во однос на информациите кои се од витално значење за државата, а се добиени од страна на приватните агенции за обезбедување. Овластени полициски службеници имаат право, во вршењето надзор во однос на спроведување на Законот за приватна безбедност, кој се состои и од проверка на начинот за чување и носење на огнено оружје, психофизичката способност и способноста за управување со оружје, како и

[92] http://ceas-serbia.org/root/prilozi/CEAS-analiza-regulisan-privatni-sektor-bezbednosti-bezbedniji-zivot-gradjana.pdf

извршување на ненајавена контрола на припадниците на агенциите за приватно обезбедување.[93]

## 2.5 Концептот на приватното-јавно партнерство во однос на приватна безбедност во Србија

И во Србија примарната улога во однос на безбедноста ја има полицијата, како важен дел од јавниот сектор. Уште многу одамна таа се истакнала како водечка компонента во системот за безбедност, но години подоцна доаѓа до реструктуирање на системот за безбедност. Во таа насока се јавува потреба за дополнителен корпус на безбедност, спорведена низ приватните безбедносни корпорации. Со основањето на приватните компании, се обезбедува двоен капацитет на сила, во однос на справување со потенцијалните ризици и закани проследени од проширувањето на криминалот. Како очекуван инсход од ангажирањето на голем број човечки и материјални ресурси е намалување на бројот на кривични дела и постигнување на состојба на безбедност. Меѓутоа за се ова да се оствари онака како што се предвидува и очекува, потребна е соработка помеѓу приватните агенции за обезбедување и полицијата.

Според истражувањата, Србија е далеку од овој концепт на меѓусебна доверба и соработка, помеѓу јавниот и приватниот сектор. Безбедноста е сконцентрирана на ниво на државата, докажано и со самиот факт дека Законот за приватна безбедност, е усвоен пред една година. Поинаку не може ниту да се очекува. Работата која ја извршува полицијата и работата која ја извршуваат приватните компании за обезбедување, се одвиваат паралелно, иако односите помеѓу нив не се регулирани, сепак некои активности се одвиваат спонтано, при што доаѓа до соработка која не е планирана туку е настаната по пат на случајност или пак е заснована на лични односи и врски. Ова не може да се смета како причина плус која ќе овозможи одржливост на нивото на соработка, која во буквална смисла на зборот не постои.

Непостоењето на соработката помеѓу приватниот и јавниот сектор во Србија, па и во некои други земји, доаѓа како резултат на традиционалното сфаќање за безбедноста, за која клучна улога има државата и нејзините институции. Нивото на подготвеност не ги задоволува соодветните критериуми во однос на заедничка

[93] ZAKON O PRIVATNOM OBEZBEĐENJU (Sl. glasnik RS br. 104/13)

соработка и создавање на сплет од партнерства кои ќе бидат од полза како за државата, така и за нејзиното битие – народот. Меѓутоа мразот се крши со оглед на порастот на важноста на приватните компании за безбедност, како и напредокот на државно ниво од аспект на усвојување на Законот за приватна безбедност. Овде се оградува линијата која ја дели ангажираноста околу безбедноста, и ја прави полицијата орган одоворен за се, но и уште поподготвен за справување со евентуалните ризици и закани, во однос на постојаното проширување на улогите на приватните безбедносни компании. Приватните безбедносни компании зајакнувајќи ја својата улога, треба да се препознаат во однос на сериозни играчи во осигурување на безбедноста, притоа вклопувајќи ги и своите напори во оградување на взаемно партнерство. Но, и нивната позадина и целокупното криминално досие кое го имаат позади себе, да се исчисти, и да се окарактеризираат како сериозни безбедносни институции.

Со оглед на фактот дека бројот на вработени во приватните агенции е приближно идентичен со бројот на вработени во полицијата, се потенцира моќта на заедничката соработка. Меѓутоа како што видовме, пропустот во однос на законот за приватна безбедност (со оглед на фактот за негово скоро усвојување), е релевантен негативен показател за несредени правни односи во државата. Според законот за полиција, член 6[94], утврдено е дека полицијата треба да соработува со други органи и установи, невладини и други организации, малцински и други организирани групи и самоорганизирани поединци поради развивање на партнерства во превенција на криминалот разоткривање на кривични дела и др. Агенциите за приватно обезбедување овде не се спомнати, што го покажува целиот негативен показател во меѓусебните односи. Кога интересите не се обострани, резултат нема.

Може да се констатира дека е забележан напредок на идејата за поставување на стаблини односи во приватното – јавно партнерство и негово проширување со оглед на фактот дека, министерот во согласност со прописите со кои се регулира јавната администрација, а со цел постигнување на соработка со здруженија на правни лица и претприемачи за активностите со приватното обезбедување, како и спроведување иницијатива за унапредување на работата во таа област во склад со новите стандарди,

[94] http://www.mup.gov.rs/cms/resursi.nsf/Zakon%20o%20policiji-lat.pdf

основа посебна работна група – Стручен совет за напредок на приватната безбедност и јавно – приватните партнерства во безбедносниот сектор[95].

## 3. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

### 3.1 Општи одредби за приватната безбедност во Хрватска

Приватниот сектор за безбедност во Хрватска постои од 1991 година, меѓутоа целосно воведување на концептот за приватна безбедност се карактеризираше со донесување на Законот за заштита на лица и имот од 1996 година. Во меѓувреме законот претрпе промени, па и донесување на нов, со цел усклaдување со законодавството на ЕУ. Меѓутоа Република Хрватска во 2003 година донесува нов закон, Закон за приватна безбедност, со кој престанува да важи претходниот закон освен одредбите кои се однесувале на детективската дејност и приватните детективи (член 39 - 59)[96].

Според Законот за приватна безбедност, областа на приватното обезбедување се регулира со бројни подзаконски акти, меѓу кои најважни се: Правилник за просторни и технички услови во кои се вршат безбедносните услуги и детективска работа, Уредба за условите и модалитетите на примена на техничко обезбедување, Правилник за постојано носење на лична идентификација од страна на вработениот кадар, Уредба за обука и стручен испит и сл. Република Хрватска приватниот сектор го усогласува со барањата на ЕУ, како соодветна членка.

[95] ZAKON O PRIVATNOM OBEZBEĐENJU (Sl. glasnik RS br. 104/13)

[96] Doc. dr Zdravko Skakavac, Privatni sektor bezbednosti u Republici Srbiji - u susret zakonskoj regulativi, časopis „Civitas", Fakultet za pravne i poslovne studije Novi Sad, 2011, str. 150

## 3.2 Приватни агенции за обезбедување во Република Хрватска

Според официјалните податоци на Министерството за внатрешни работи во Република Хрватска, приватната безбедност се врши во 180 овластени регистрирани фирми, 250 внатрешни безбедносни служби кои се основани од страна на компании за свои потреби извршувајќи безбедносни операции, 87 овластени агенции и 8 детективски агенции. Ова значи дека во оваа земја има околу 17.500 вработени во приватиот сектор за безбедност[97].

Работата во приватните агенции за обезбедување во Хрватска, можат да ја вршат само лица кои имаат лиценца за работа. Лиценцата ја издава Секторот за приватна безбедност, при Министерството за внатрешни работи, кое покрај лиценцирање на вработените врши и регистрација на огненото оружје. Доколку полициската управа го одбила барањето за издавање на лиценца, дозволена е жалба до Министерството за внатрешни работи. Истите лица мора да поминат соодветна обука и курсеви, за дополнителна професионализација во извршување на своите дејности.

За една компанија да биде регистрирана како приватна компанија, потребно е да ги исполнува следните услови[98]:

- Да бидат регистрирани како правен субјект во Стопанскиот суд;
- Да има регистрирано одоговорно лице кое мора да биде полнолетно, здравствено способно, со место на живеалиште во Хрватска, да не е кривично гонен или осудуван, да ги исполнува безбедносните проверки и да има завршено најмалку високо образование;
- Да располага со акт за систематизација на работните места, со листа на одогворни лица т.е. ја формира организационата структура;
- Да има општ акт за заштитен знак на фирмата и опш акт за соодветни работни униформи;
- Да располага со соодветен простор за чување и складирање на оружјето, соодветна заштита од пожари, кражба и други злоупотреби.

---

[97] Prof.Vladimir Čolović, Ph.D, LAW OF THE COUNTRIES IN THE REGION, Institute of Comparative Law, Beograd 2010, p. 119-120

[98] Исто.

Употреба на физичка сила е дозволено во случај на незаконски напад на предмети, лица или имот кои се заштитени. Користење на одредени средства за одбрана, како лисици, полициски палки не се дозволени за употреба. Сите работници во Агенцијата за обезбедување, мора да добијат дозвола за носење и управување со оружје во согласност со Законот за оружје, и можат да бида вооружени само доколку треба да се интервеира во заштитата на финансиска институција, во заштита на личност, заштита на објекти кои содржат радиоактивни материјали и други штетни материи, заштита при транспорт на пари, скапоцености и други вредности како и за заштита на објекти на национална одбрана. За соодветна дозвола за носење и користење на оружје на одредено работно место, потребна е дозвола од Министерството за внатрешни работи.

### 3.3 Услуги кои ги извршуваат приватните агенции за обезбедување

Во однос на приватната безбедност во Хрватска, и постоењето на приватните компании за обезбедување, како нејзини дејности се сметаат активностите кои се состојат од висока заштита на лица и имот, односно физичка или техничка заштита. Телесната заштита се врши од страна на поединци кои вршат осигурување на лица и имот, притоа без употреба на технички средства. Заштита на имот, ја гарантира заштитата на одредени објекти, установи, додека заштитата на лице, се однесува на обезбедување на експерти, научници, лица од големо значење за одредена област, преносители на пари и сл.

Најчести услуги понудени од приватните безбедносни компании се физичка безбедност, физичка контрола на влез и излез, техничка безбедност во однос на системи за видео надзор, телевизори, електронски уреди и механички или електромагнетски и други направи. Во однос на овозможување на техничката безбедност, напорите се одвиваат кон спречување на нелегална работа која е насолена кон лицата и објектите кои се заштитени. Овде се вбројуваат и заштита на човекот, човековите права како и соодветна заштита на човековата околина, заштита на недозволен пристап во установи, објекти, претпријатија кои се под постојана заштита и контрола во однос на потребното ниво на безбедност, заштита на соодветна

документација, како и контрола и заштита во однос на внесување на соодветни запалливи материи.

Како дополнителен степен на извршување на услуги се јавува и заштита на транспорт на пари и вредности, со користење на оклопни возила.

Во извршување и спроведување на физичка заштита може да се користат и посебно дресирани кучиња – чувари, и тоа за чување на објекти. Кучињата може да се користат и како средство за принуда, но само од страната на стражарот, и тоа кога се исполнети законските услови за користење на телесната сила или огненото оружје. Во фокусот на употреба на физичка сила спаѓа корпусот на боречки вештини, меѓутоа пред да се премине на ова, треба да постои предупредување, се разбира доколку тоа го дозволува конкретниот случај.

### 3.4 Надзор над активностите и работата на агенциите за обезбедување во Република Хрватска

За соодветно извршување на обврските и задачите од страна на агенциите за приватно обезбедување, мора да постои соодветен надзор и контрола. Сама по себе контролата ги дава резултатите на ефикасност и ефективност во остварувањето на определените активности. Видовме дека во Република Хрватска, дозволата/лиценцата за постоење и организирање на прватни агенции за безбедност, ја издава полицијата, па според тоа таа врши контролен, управен надзор над спроведување на одредбите и прописите од Законот за приватно обезбедување. Инспекцискиот надзор за преглед на извршената работа го извршуваат овластени лица-инспектори од Министерството за внатрешни работи, врз основа на сложеноста на одреден проблем со кој ќе се сретнат при извршување на својата дејност, тие можат да побараат помош и од други полициски службеници.

Контролата на Министерството за внатрешни работи над приватниот сектор за безбедност, е строга и детална. Компаниите мора да го известат министерството за значајни настани, како што се напади од страна на вработено лице – чувар, во рок до 24

часа. Министерството потоа одлучува дали таа активност која ја има преземено лицето е во согласност со законот, и врши соопштување на донесената одлука.

### 3.5 Коцептот на приватно – јавно партнерство во однос на приватната безбедност во Хрватска

Неформалните врски помеѓу полицијата и приватниот сектор се вообичаени, бидејќи сопствениците, главните извршни службеници и административниот персонал, често доаѓаат од редовите на полицијата. Анализирајќи определени ставови во врска со ова, се констатира дека оваа релација на односи е неизбежна со оглед на фактот дека овој оддел привлекува искусни кадри со минато од оваа област. Иако постои оваа поврзаност и еден вид "соработка", војската како одбранбена институција нема никаква врска со приватните агенции за обезбедување. Мал е бројот на членови од армијата кои се ангажирани, како во однос на извршување на определени должности, така и во однос на сопственичка титула. Неформални врски помеѓу политиката и безбедносниот сектор, може да се очекува во мали општества во транзиции, каде елитите бараат постојано балансирање меѓу приватниот и јавниот сектор.

Како соодветен пример и најдобар начин кој ја отсликува ситуацијата во Хрватска се наведува преминувањето на советникот на претседателот на Република Хрватска, Стипе Месиќ, од јавниот во приватниот сектор, и тоа четири пати[99].

Врската помеѓу приватниот и јавниот сектор, може да резултира со разгорување на ривалството помеѓу полицијата и членовите на приватните агенции за обезбедување. Како соодветен поттик за тоа може да претставува и преземањето на дел од активностите, кои биле во надлежност на полицијата. Се забележува и зголемена нетрпеливост помеѓу вработените во државниот и приватниот сектор за безбедност, при што зголемување на улогата на приватните агенции за обезбедување е причина за намалување и отпуштање на кадарот вработен во полицијата. Перцепцијата за конкуренција помеѓу јавниот и приватниот сектор, може да влијае на влошување на односите помеѓу овие два сектора и да ги разниша професионалните работни врски.

[99] SALW i firme za privatno obezbeđenje u jugoistočnoj Evropi:uzrok ili posledica nesigurnosti? (15. 08. 2008)

# 4. КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

## 4.1 Општи одредби за концептот на приватна безбедност во Босна и Херцеговина

Приватниот сектор за безбедност во Босна и Херцеговина, бил утврден со тековната социоекономска и политичка состојба на земјата. Се констатирало дека во одредени периоди, приватната безбедност била надвор од законските прописи на државата и не постоеле прописи за регулирање на овој сектор. Периодот на празнина во однос на приватната безбедност траел повеќе од дваесет години во далечниот период на 1951 – 1974 година, кога Босна и Херцеговина во кругот на СФРЈ, донела Закон за општествена самозаштита. Со овој закон била регулирана работата на полицијата. Овој вид на самозаштита е напуштен после завршувањето на војната во БиХ, односно во периодот од 1996 до 2002 година се бележи организација на приватни безбедносни компании. Послевоениот период е означен како темел на развивањето на приватните безбедносни компании во однос на приватното обезбедување.

2002 година, претставува година каде приватизацијата во БиХ, бележи значителен напредок. Ова е година, од која почнува да се следи постоењето на приватниот безбедносен сектор, бидејќи е проследено со донесување на соодветен закон, и регулирање на дејноста на работата. Донесен е закон кој на сеопфатен начин, врши регулација на активностите и работењето на приватните компании за обезбедување, начинот за основање на компании, како и надзорот во однос на вршењето на нивната работа. Ова резултирало со значително зголемување на процесот на приватизација на безбедносниот сектор, и дел од преголемиот број на припадници во војската и полицијата на оваа земја, својот труд го валоризирале во приватните компании за обезбедување.[100]

Искуството од грозоморната војна, говори дека приватизацијата на безбедносниот сектор, а со самото тоа и развојот на приватната безбедност, се клучна основа за комплетно осигурување на безбедносната состојба во државата.

Кон структурата на приватните агенции за обезбедување, се приклучувале и поранешни припадници на војската и полицијата. Како дополнителен фактор за развој на концептот за приватна безбедност, е зголемување на стапката на криминал и

[100] Dr. sci. Armin Kržalić, STANJE PRIVATNE SIGURNOSTI U BOSNI I HERCEGOVINI, Cenar za sigurnosne studije – BiH, Septembar 2009, s. 14

неможноста на државните институции соодветно и навремено да одговорат на заканата.

### 4.2 Приватни агенции за обезбедување во Босна и Херцеговина

Приватни агенции за обезбедување за прв пат се појавиле во 1995 година, непосредно после завршетокот на војната. Како прва фирма за која се констатира дека функционирала во БиХ, била хрватската копманија "Соко" која е основана во 1995 година. А како прва босанска агенција за обезбедување е БЛОК, која својата работа ја започнала во 1996 година[101]. Во однос на бројот на приватни агенции за обезбедување, може да се констатира дека бројот на приватни агенции за обезбедување изнесува 169, за чии потреби се вработени околу 4. 207 луѓе, статистички податоци кои се добиени од страна на Министерствата за внатрешни работи на Федерацијата Босна и Херцеговина, Центрите за јавна безбедност во република Српска, податоците добиени од полицијата во Брчко како и податоците добиени од надлежните судови за регистрација на приватни лица. Се тврди дека агенциите располагаат со капацитет на оружје, кој се состои од 1075 комади на оружје.

Работата на приватните агенции за обезбедување, е регулирана и уредена со Закон за заштита на агенциите за обезбедување на лица и имот од 2002 година. Законот последен пат претрпел измени во 2008 година, при што е преименуван во Закон за агенции и внатрешни служби за заштита на луѓе и имот, во федерацијата БиХ. При основањето на агенциите во федерацијата БиХ, основачот е должен да поседува одобрение за работа или лиценца, набавена од надлежниот контролен орган за внатрешни работи, а потоа надлежниот суд да поднесе барање за внес во судскиот регистар. Основачот или сопственикот не смее да биде осудуван за кривични дела, ниту пак против него да се води кривична постапка, да не е казнуван во однос на прекршување на јавниот ред и мир. Соодветното одобрение е доказ за исполнување на условите кои се предвидени со законот за основање на приватни безбедносни компании. Ниту една агенција, нема да добие дозвола за работа, доколку не донесе на повидок доказ за запис во судскиот регистар. Уписот на агенции во судскиот регистар, како што спомнавме го извршува надлежниот суд во зависност од седиштето на

[101] SALW i firme za privatno obezbeđenje u jugoistočnoj Evropi:uzrok ili posledica nesigurnosti? (15. 08. 2008)

агенцијата. Контролата и надзорот над работата на приватните агенции за обезбедување го извршуваат полициските органи.

Република Српска и областа Брчко имаат друг редослед, така што кај нив компаниите прво се запишуваат во судскиот регистар, а потоа следува барањето на одобренија од полициските органи, со што компанијата би можела да почне со работа. Она што е заедничко за трите закони кои ја регулираат приватната безбедност е дека одобренијата за работа на агенциите за обезбедување ги издаваат полициските органи (во федерацијата Босна и Херцеговина тоа се катоналните органи за внатрешни работи, во Република Српска тоа се центрите за јавна безбедност, и во областа Брчко, соодветната полиција во надлежноста на истата област).

Приватната безбедност во Република Српска е регулирана со Законот за агенции за обезбедување на лица и имот и приватни детективски активности во Република Српска. Законот е донесен во 2002 година, при што ги уредува условите за формирање на приватни безбедносни компании, односно извршување на активности во делот на обезбедување на лица и имот, како и надзорот од страна на Министерството за внатрешни работи, попрецизно полицијата за работата на агенциите за обезбедување. Од 2002 до 2009 година, основани се и активно работат 37 приватни безбедносни компании.

Приватната безбедност на подрачјето на областа Брчко е воспоставена на 14 јули 2004 година, со донесување на Законот за агенции за обезбедување на лица и имот и приватни детективски активности. Полицијата во областа Брчко е овластена за издавање на лиценца за работа на приватните безбедносни компании и одобренија за работа на лицата вработени во секторот за безбедност. Полицијата врши управен, односно инспекциски надзор над спроведување на соодветниот закон. Денес на подрачјето на Брчко, има 11 приватни безбедносни компании.

Во однос на употребата на огненото оружје, се потврдува дека во согласност со потребите на приватните безбедносни компании, истите можат да употребуваат огнено оружје за повеќе од половина од своите вработени (Федерација БиХ, и Република Српска) и до една третина од вработените во областа Брчко.

### 4.3 Услуги кои ги извршуваат приватните агенции за обезбедување

Работата која ја извршуваат приватните агенции за обезбедување во Босна и Херцеговина, се различно дефинирани, во однос на два ентитета за приватно обезбедување и една област во Босна. Двата[102] ентитета ги сочинуваат Федерацијата Босна и Херцеговина (51%), лабава федерација составена од десет кантони-области и Република Српска (49%) која административно се дели на региони, а потоа и на општини, како и областа Брчко. Во федерацијата Босна и Херцеговина, Законот за агенции и внатрешни служби за заштита на лица и имот, член 2, укажува на фактот дека приватните безбедносни компании ги извршуваат услугите кои се одвиваат во дијапазонот на заштита на луѓето и имотот, живеалиштата, меѓутоа не може да извршуваат задачи за заштита на луѓето и имотот кои се во надлежност на органите за јавниот ред и мир, вооружените сили на БиХ и управните органи. Меѓутоа во новиот закон од 2008 година, на ниво на ферација на БиХ е овозможено извршување на физичка и техничка безбедност на објекти кои се користат од страна на администрациите на федерацијата, кантони, градови и општини, ако поинаку не е одредено со посебна регулатива. Со тоа би се создало подобро ниво на безбедност во однос на администрацијата и создавање на повеќе работни места.

Законот за агенциите за обезбедување на лица и имот и приватни детективски активности, во Република Српска и областа Брчко, скоро идентично ги одредуваат активностите на приватните агенции за обезбедување, кои се насочени кон обезбедување на лица и имот. Со овој закон се дефинирани активностите за обезбедување на лица и имот со посредство на физичка и техничка заштита, како и активностите во однос на детективската дејност, и правата и обврските на приватните детективи.

Кај самите активности кои се регулирани со закон, постојат разлики помеѓу Република Српска и областа Брчко од една страна и федерацијата Босна и Херцеговина од друга страна. Тоа се огледува во фактот дека Република Српска и областа Брчко немаат работа и активности поврзани со внатрешните служби, додека пак федерацијата Босна нема активности, во однос на приватни детективи. Би било добро доколку овие разлики се елиминираат на ниво на цела република Босна и Херцеговина.

[102] Оливер Бакрески, Милан Милошевиќ, Современи безбедносни системи, Компаративна анализа на земјите од југоисточна Европа, Скопје, 2010, стр. 123

Редок е случајот граѓаните да ангажираат приватни агенции за обезбедување, во однос на нивната сигурност. Клучната работа се одвива во однос на обезбедување на бакарскиот сектор, индустријата за производство, секторот за малопродажба, локалните амбасади и сл. амбасадите и меѓународните агенции кои се со седиште во Босна, се клучни меѓународни корисници на услугите на приватните агенции за обезбедување. Огромен дел од индустријата за приватна безбедност е ангажиран за извршување на својата дејност во комерцијалниот и фанансискиот сектор.

Тие се ангажирани и вршат услуги на обезбедување во однос на спортски и културни манифестации. Се забележува се поголема ангажираност поради обезбедување на индустриската база на клиентела.

### 4.4 Надзор над работата на приватните агенции за обезбедување во Босна и Херцеговина

Како што беше презентирано главниот надзор над работата на приватните агенции за обезбедување го извршуваат полициските органи, како дел од Министерствата за внатрешни работи. Од аспект на вршењето на надзор над работата и спроведувањето на пропишаните законски процедури, овластените службени лица односно инспектори на Министерството за внатрешни работи, може да побараат помош од други службеници. Доколку се откријат одредени недостатоци во функционирањето на приватните безбедносни компании, се дава дополнителен временски период за отстранување на овие недостатоци. Навреме корегираните грешки само ќе го зајакнат целокупното функционирање на приватните компании за обезбедување.

Се тежнее кон почесто вршење на надзор на работата на приватните компании за обезбедување, со цел достигнување на степен на совршеност и навремено откривање на ризиците и заканите од криминал, кои всушност имаа лош одраз, и оставија белег со предизвиканата војна.

### 4.5 Концептот на приватно – јавно партнерство во однос на приватната безбедност во Босна и Херцеговина

Приватната безбедност, а со самото тоа и приватните агенции за обезбедување се поврзани со работата на полицијата, која пред се се состои од издавање на дозвола/лиценца за работа и основање на работна дејност. Полицијата ја зазема главната улога во однос на издавање на дозвола за приватните компании за безбедност, како и соодветни лиценци за лица вработени во овој сектор. Како одговорен орган, таа ги извршува контролата и надзорот над спроведување на прописите и нормите од законите за приватна безбедност. Проблемот произлегува од партнерскиот однос помеѓу обете страни, окарактеризиран со недостаток на меѓусебна почит. Ова е како резултат на нецелосно разбирање на улогата и функциите кои ги извршуваат обата сектори. Полицијата треба да го нокаутира негативниот став  кон приватните агенции за обезбедување, и да ја земе како позитивен знак можноста за намалување на криминалот и кривичните дела.

Во последно време е забележана соработка како во однос на постојаниот зголемен интензитет на криминалот, така и во напорите за откривање и спречување на кривични дела.

## 5. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА ЗА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА, РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Како што беа опишани целокупните активности во однос на постоењето или не постоењето на приватната безбедност, можеме да констатираме дека повторно се докажа тезата за неопходноста од нејзино постоење и постојано надоградување. Доволен е фактот, што приватната безбедност го зазема врвот на пирамидата во однос на обезбедување на стабилна безбедносна состојба и истакнување на големиот удел во спречување на криминални дела и активности.

Проследено низ искуствата на овие држави, се тежнее кон постојано надоградување на концептот на приватна безбедност и воспоставување на соодветни

режими и правила кои би го зајакнале неговото постоење и функционирање. Жална е ситуацијата во Србија, каде приватната безбедност воопшто не напредува, ниту пак се забележуваат посериозни напори за зголемување на нејзиниот удел во безбедноста и сигурноста на државно, национално и индивидуално ниво. После толку долг временски период конечно се усвои Предлог законот за приватна безбедност, а после извесен период се донесе и Законот за приватна безбедност. Оваа несирозност го потокопува јазот помеѓу полицијата на државно ниво и приватните агенции за обезбедување. Воспоставувањето на соработка е невозможно со оглед на фактот дека се уште не се воспоставени цврсти ставови за нормите и првилата на дејствување на приватниот сектор за безбедност.

Во споредба со дејствувањето на приватниот сектор за безбедност во Хрватаска, може да се констатира дека таа навистина го заслужи и членството во ЕУ, бидејќи независно од другите области, таа забележува значителен напредок во полето на приватната безбедност. Каков е обемот на разлика помеѓу Србија и Хрватска? – Огромен.

Додека овде се функционира во рамки на строга организираност и правила кои треба да се почитуваат, во Србија настанува тотален хаос со оглед на фактот дека концептот на безбедност и понатаму е центриран на државно ниво. Се забележува голем недостаток на волја за проширување, односно основање на цврста подлога за стабилен развој на приватната безбедност. Целосното дистанцирање на приватните агенции за обезбедување, доведе до ситуација каде тие сеуште не се гледаат како рамноправен субјект во однос на извршување на безбедносни задачи, поврзани со спречување на обемот на ризици и закани.

Босна и Херцеговина која ја зафати голем бран на конфликти од поширок размер, успеа во една скромна мера да воспостави систем на приватна безбедност, регулиран со законски прописи и процедури. Иако е поделена на два ентитета и една област, се забележува добар напредок во функционирањето на приватните агенции за обезбедување. Може кон ова зајакнување придонеле и последиците од војната. Во секој случај Хрватска и Босна, коцептот на приватна безбедност постојано го надоградува, што се забележува и во соработката на приватните агенции за обезбедување и полицијата. Успехот произлегува од самиот факт што активностите кои се извршуваат подлежат на висок степен на контрола, и елиминирање на сите

негативности и недостатоци кои се присутни. А како би била успешна Србија, кога приватниот сектор е запоставен и целата моќ е фокусирана на полицијата. Контрола над приватните агенции за обезбедување воопшто не постои, па така и воопшто не се забележува напор за истиот да се воспостави. Ваквата ситуација најмногу негативно се одразува на човекот, бидејќи тој е најголема жртва на несериозноста, па во одреден степен и корумпираноста на државните органи и институции. Изненадувачки е фактот што БиХ, се стреми кон постојан развој на концептот за приватна безбедност, а со самото тоа и создавање на слика за една сериозна држава која од своите грешки научи многу.

Во однос на услугите кои ги даваат приватните агенции за безбедност, се забележува дека тие се насочуваат кон ист фокус на активности, што до некаде претставува и поволност во однос на разграничување на активностите со полицијата, и зголемување на соработката со агенциите за обезбедување од другите земји.

# ГЛАВА VI

# ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИОТ АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

# 1. АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ВО ВРСКА СО СФАЌАЊЕТО НА КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЈАВНОТО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

## 1.1 Опфат на истражувањето

Истражувањето за овој магистерски труд, го опфаќаше научното сознание и секојдневното размислување за концептот на приватна безбедност и коцептот на приватното – јавно партнерство. Прашалникот беше наменет за 20 испитаника, претежно од средниот менаџмент во агенциите за обезбедување, се со цел да се направи увид како истите го сфаќаат концептот на приватна безбедност и какво мислење имаат за јавното – приватно партнерство. Целта беше насочена кон тоа да се увиди дали тие го разбираат концептот на приватна безбедност и дали имаат и чувствуваат потреба од истиот, дали мислат дека со взаемна соработка помеѓу приватниот и јавниот сектор во безбедноста, би се остварило едно повиско ниво на стабилност и сигурност.

## 1.2 Интерпретација на прашањата и одговорите од спроведениот прашалник

За концептот на приватна безбедност низ симпозиумот на приватното – јавно партнерство, беа поставени неколку прашања на кои подетално ќе се осврнеме. Како што напоменавме одоговорите се давани од обичните граѓани.

1. Како прво беше поставено прашањето: **Како Вие го сфаќате концептот на приватна безбедност?**

На прашањето се бараше да се избере еден од следните одговори:

a) Како соодветна заштита на институциите на нацијата, на системите на критичната инфраструктура и заштита на интелектуалната сопственост и чувствителните корпоративни информации;

b) Како соодветна превенција од криминал, загуби или оштетувања на одредени поединци, организации или установи;

c) Како мал корпус на активности претежно поврзани со приватните потреби на граѓаните.

Одговорите сликовито се прикажани подолу на графичкиот цртеж:




Слика бр. 1

На ова прашање 60% од испитаниците се изјаснија за првиот понуден одговор (под а), односно дека концептот на приватна безбедност го сфаќаат како заштита на нацијата, системите на критична инфраструктура и заштита на интелектуалната сопственост и чувствителните корпоративни информации. 30% од испитаниците за изјаснија за вториот понуден одговор (под b) како соодветна превенција од криминал, а само 10% се изјаснија за третата понудена варијанта.

Ова покажува дека концептот на приватна безбедност е многу добро сфатен од страна на граѓаните, врз кои тој придава клучно значење.

2. На второто прашање: **Дали Вие мислите дека концептот на приватна безбедност зазема сериозно место во однос на воспоставување на стабилна безбедносна состојба?**

На прашањето се бараше да се одговори со: да, не или не знам

Одговорот на испитаниците сликовито изгледа вака:




Слика бр. 2

На ова прашање иако беше поставена солуција за три можни одговори, само два беа конкретно искористени. Така што, 75% од испитаниците на ова прашање се изјаснија позитивно во однос на тоа дека концептот на приватна безбедност зазема сериозно место во однос на воспоставување на стабилна безбедносна состојба, а 25% се изјаснија негативно по ова прашање.

Клучен предзнак во однос на ова прашање е ставот на испитаниците кој се движи кон постојано зголемување на нивната доверба во приватната безбедност спроведена низ приватните агенции за обезбедување.

3. Третото гласеше: **Дали полицијата како главен орган на јавната безбедност, успешно ги извршува работите од нејзина надлежност поврзани со целокупната заштита на граѓаните?**

На истото прашање се бараше да се избере еден од следните одговори:

a) Многу ретко;

b) Секогаш, во согласност со пропишаните прописи и правила;

c) Понекогаш ја извршува, понекогаш не, во зависност од присутниот кадар на терен;

d) Ја извршува, но откако ќе настане сериозно кривично дело, претходна превенција не постои.

Графичкиот приказ на одговорите на прашањето се претставени на слика број 3:




Слика бр. 3

Како што можеме да забележиме најголем процентуален одзив 45% добива третиот понуден одговор (c), во однос на тоа дека полицијата делумно ги извршува своите задачи, во однос на заштита на граѓаните. 30% од испитаниците го делат мислењето со понудената варијанта на одоговор под d, во насока на задоцнета реакција. Втората солуција за одговор (b) ја избрале само 20% од испитаниците, додека првата опција (a) само 5 %.

Позитивниот став за приватната безбедност, резултира со делумно негативен став во однос на безбедноста понудена од страна на полициските органи.

4. Четвртото прашање гласеше: **Што подразбирате под концептот на приватно – јавно партнерство за остварување на приватната безбедност?**

Графичкиот приказ на одговорите од прашањето се претставени на слика број 4:




Слика бр. 4

Во однос на ова прашање 75% од испитаниците одговорија дека под концептот на приватно – јавно партнерство се подразбираат збир на меѓусебни односи помеѓу приватните агенции за обезбедување и полицијата, во однос на справување со закани и ризици, додека 25% одговорија дека под приватно – јавно партнерство подразбираат соработка помеѓу сите сектори во државата, со што би се оставрила целокупната безбедност на државно, национално и регионало ниво.

5. Петтото прашање гласи: **Дали приватното-јавно партнерство ќе влијае успешно во справување со постојаните нови предизвици на технологијата во однос на стабилната безбедносна состојба?**

На прашањето се бараше да се одговори со: да, не или не знам.

Најголем дел од испитаниците 90% сметаат дека заедничката соработка ќе резултира со зголемен напор, на кој нема да биде имун постојаниот развој на технологијата. Зголемениот капацитет, значи зголемена моќ на знаење, напор и интелегенција. Само 10% од испитаниците одговориле со не знам.

Графичкиот приказ на одговорите од прашањето се претставени на слика 5:




Слика бр. 5

6. Како шесто беше поставено прашањето: **Дали со приватното – јавно партнерство ќе се зголеми степенот на превенција во однос на криминалот и криминалните активности?**

На прашањето се бараше да се изврши избор на еден од понудените одговори:

a) Да, ќе се зголеми, но затоа пак ќе се намали улогата на полицијата како најмоќна сила за безбедност и заштита во општеството, во однос на поделба на капацитетот на големина и моќ;

b) Да, ќе се зголеми и активностите кои се извршени од страна на полицијата и приватните агенции за обезбедување, ќе водат кон зајакнување на партнерството и осигурување на стабилна безбедносна состојба;

c) Нема да се зголеми, бидејќи криминалот постојано е во раст и не постои сила која може да го совлада.

Во однос на ова прашање, 35% од испитаниците имаат одговорено со првата солуција (под а) односно дека со приватното – јавно партнерство ќе се зголеми превенцијата во однос на криминалот и криминалните дела, но затоа ќе се намали улогата на полицијата во општеството, како најмоќна сила. Истиот процент, односно

35% се согласуваат со вториот понуден одговор (под b), а 30% од испитаниците го имаат потврдено третиот понуден одговор (под c).

Приближноста на процентите во однос на ова прашање, ја истакнува важноста на приватното – јавно партнерство, но и негативните показатели во однос на негово успешно функционирање и опстојување. Сепак двоумењето се одвива и во насока на конкретно извршување на задачите, при што се тргнува од најважната основа – осигурување на безбедносната состојба, помал е процентот, но и доста голем во однос на скептицизмот дека се уште не постои сила за справување со криминалот.

Графичкиот приказ на одговорите од прашањето се претставени на слика 6:




Слика бр. 6

7. Како седмо беше поставено прашањето: **Како концептот на приватно – јавно партнерство би влијаел во однос на можноста за слобода и сигурност на граѓаните, во подрачја каде степенот на безбедносни ризици и закани, забележува високо ниво?**

За прашањето се бараше да се изврши избор на еден од следните понудени одговори:

а) Неговото влијание би се одразило со висок степен на постојана контрола на засегнатите подрачја, со што би било овозможено успешно справување со претстојните закани и ризици, со што би се гарантирала сигурноста на граѓаните;

b) Во такви подрачја делувањето на ова партнерство би било во делумно мирување, со што би се побарало дополнителна помош и засилување за дејствување против сите видови на опасности;

c) Би влијаел негативно, во однос на неможноста за остварување на својата дејност.

Во однос на ова прашање 95% од испитаниците имаат одговорено дека соодветната контрола на засегнатите подрачја ќе го даде и соодветниот резултат. Додека само 5% имаат одговорено дека дејствувањето во вакви случаи би требало да е поткрепено со дополнителна помош и засилување. За третата солуција не се одлучи никој.

Графичкиот приказ на одговорите од прашањето се претставени на слика 7:




Слика бр. 7

8. Осмото прашање гласеше: **Дали концептот на соработка помеѓу полицијата и приватните агенции за обезбедување може да се пренасочи како негативна сила за рушење на системот на државата?**

На прашањето се бараше да се одговори со: да, не или можеби.

Најголем дел од испитаниците со 50%, одоговорија со солуцијата дека можеби може да се случи ваква состојба. Додека 35% затстапуваат мислениците дека таква

состојба може да се случи, а 15% се согласија со ставот дека таква состојба не може да се случи.

Графичкиот приказ на одговорите од прашањето се претставени на слика 8:




Слика бр. 8

9. Деветото прашање гласаше: **Дали мислите дека коцептот на приватна безбедност, треба постојано да се надоградува, со цел успешно спроведување на истата и соодветна интерпретација на постигнатите резултати?**

Графичкиот приказ на одговорите од прашањето се претставени на слика број 9:




Слика бр. 9

Во однос на ова прашање 85% од испитаниците одговорија дека концептот на приватна безбедност треба постојано да се надоградува, така што со самото тоа се диктираат условите за постигнување на успех и негова соодветна интерпретација. Покрај тоа се зголемуваат шансите за воспоставување на соодветен систем за постојана заштита. Додека 15% од испитаниците одговорија дека без разлика на обемот на средства кои ќе бидат издвоени за потребите на приватната безбедност, сепак главниот збор и главната улога секогаш ќе ја има јавниот сектор.

10. Десетото прашање гласеше: **Што мислите, дали во иднина ќе постои уште посилен мотив за соградување на партнерството помеѓу приватниот и јавниот сектор во безбедноста, како соодветен парадокс за стабилна безбедносна состојба?**

На прашањето се бараше да се одговори со: да, не или можеби.

Одговорите на прашањето го дадоа конечниот резултат дека концептот на приватното – јавно партнерство и во иднина треба да се надоградува, како клулна алтернатива во справувањето со современите ризици и закани. Сите испитаници, одговорија позитивно (под а).

Графичкиот приказ на одговорите од прашањето се претставени на слика број 10:




Слика бр. 10

### 1.3 Заклучок од спроведениот прашалник

Со оглед на одговорите кои се добиени, можеме да констатираме дека анкетниот прашалник е (околу 90%) позитивен и базиран на сличните одговори на испитаниците. Тоа претставува добра карактеристика во однос на зголемувањето и проширувањето на улогата на приватната безбедност и приватното – јавно партнерство. Податоците добиени од истражувањето се релавантни и се одраз на ставот кој го имаат испитаниците од средниот менаџмент во агенциите за обезбедување, во поглед на приватниот безбедносен концепт. Покрај прикажаниот факт дека истражувањето зазема позитивна страна, може да се констатира дека очекувањата на јавноста од примената на приватната безбедност се големи, при што е застапен истиот став и за во иднина.

Се потврди тезата дека концептот на приватна безбедност станува се поприсутен во глобалната светска лепеза со интерпретација на фактот дека граѓаните се запознаени со неговата суштина, карактеристики, начини на дејствување... Тоа ја одразува позитивната страна на проширување на идејата за приватна безбедност, и нејзино соодветно вреднување. Дури и при одговорот на прашањето за концептот на приватната безбедност, се забележува високиот процент од 60% и 30%, кој укажува на ефективноста од неговото прифаќање и разбирање на неговата суштина, како и високиот резултат на ефикасност во делот на постојано извршување на определените работни активности.

Иако во поедини земји концептот на приватна безбедност се уште не е развиен во онаа мера, која би го карактеризирала како врвна безбедносна институција, сепак неговите карактеристики го достигнуваат соодветниот степен на прифатливост и оддржливост. Можеби една нација не го искусила директниот ефект од постоењето на приватното-јавно партнерство, но посакуваните резултати го прават партнерството исклучиво позитивно и вредно за постоење.

Во однос на безбедносната состојба, напорите кон постигнување на истата се во преден план. Високиот процент на согледани аспекти од употребата на приватната безбедност, го долови резултатот дека таа зазема сериозно место во однос на воспоставување на стабилна безбедносна состојба. Во таква состојба, би биле заштитени целокупните слободи и права на граѓаните, и во голема мера постигнато

спроведување и почитување на одредбите од соодветниот закон за приватна безбедност.

За развојот на концептот на приватна безбедност, во голема мера придонесува и ставот, дека народот ја гледа секоја активност на полицијата, во однос на справување со настанатата тензична состојба. Во овој прашалник дури 60% од испитаниците се изјасниле, дека полицијата понекогаш ја извршува, а понекогаш не ја извршува својата работа. Самиот тој факт го наговестува предизвикот дека потребата од соработка помеѓу полицијата и приватните агенции за обезбедување, станува неопходна, со што се потврдува тезата за поуспешно спаравување со ризиците и заканите, доколку постои приватното – јавно партнерство во безбедноста. Во тој контекст би се одвивале низа на позитивни промени и настани, кои континуирано би влијаеле на подобрување на безбедносната состојба.

Ако гоземеме предвид фактот, дека вработените од приватните агенции за обезбедување, располагаат со висок степен на познавање на развојот на современата технологија, тогаш клучен би бил ставот дека приватното – јавно партнерство би водело во борбата против современата технологија и негативните страни кои се во корист на криминалните организации. Истиот став, се дели и во ова истражување, каде поголемото процентуално потврдување на споменатата теза е гарантирано со високиот процент на позитивни размислувања во врска со оваа тематика.

Загрижувачки е фактот, во однос на справувањето со криминалните дела и активности. Поделено е мислењето во можноста, односно неможноста за справување со овој вид на закани. Тоа значи дека заканите се толку сериозни, што на нив не може да се пристапи од блиска перпектива. Меѓутоа приватното – јавно партнерство, и понатаму својата сила ќе ја црпи од идејата за превенција на криминалот и криминалните дела, истакнувајќи се себе си како сериозна институција каде на педестал се наоѓа заштитата и сигурноста.

Поделено е мислењето во однос на заедничката сплотеност на полицијата и прватните агенции за обезбедување, како компетентна сила во однос на рушење на системот на функционирање на самата држава. Скептицизмот кон оваа појава само ја отфрла реалноста можен конфликт доколку дојде до спротивставеност на идеите со јавното – приватно партнерство.

Високиот резултат за понатамошно надоградување на концептот на приватната безбедност спроведена низ јавното-приватно партнерство, го потврдува фактот дека се тежнее кон нејзино понатамошно исполнување и интерпретирање. Ваквиот став, сигурно дека произлегува од потребата за нејзино постоење во однос на исполнување на одредени критериуми за постојана заштита и безбедност.

Од спроведениот анкетен прашалник, можеме да заклучиме дека концептот на приватна безбедност низ призмата на јавното и приватно партнерство зазема високо место во однос на постигнување на позитивна безбедносна состојба. Кога овој резултат е позитивен, значи дека тој резултат е многу вреден, вреден во смисла на човековиот живот, вреден во стабилноста на животот и идејата за него, и вреден во ризикот да се постигне повеќе за доброто на сите. Доброто на сите е тој ограничувачки фактор кој го интерпретира мотото за "приватно око", каде погледот е насочен секаде, во секое време и во секое место.

За да се постигне чувство на безбедност институциите треба адекватно да одговорат на променетата природа на внатрешните и на надворешните ризици, закани и предизвици. Токму кон тоа е насочена потребата за постоење на приватното – јавно партнерство. Дополнителната сила на моќ и храброст е причина плус за стабилност, истрајност и верба во можностите за понатамошно дејствување

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Концептот на приватна безбедност опфаќа збир на активности, поврзани со превенција, следење, собирање податоци и информации, советување, контрола околу активностите кои спаѓаат во нејзиниот домен. Како невладин приватен сектор, практикува заштита на луѓето, имотот, спроведување на истраги и заштита на средствата на организација. Организирањето на самостојни или заеднички систематски и плански активности, се одвиваат од страна на поединец, организација или приватна професионална компанија за обезбедување на лична заштита или заштита на другите, меѓутоа субјекти и предмети кои не се во надлежност на државните органи.

Појавата на концептот на приватна безбедност датира многу години наназад, окарактеризирано уште со развојот на човекот. Како најзначајна гранка на безбедноста, од тогаш па наваму таа се развива како соодветен концепт, кој ги прифаќа условите за борба против криминалот и зголемување на напорите за создавање на стабилна безбедносна состојба. Како многу стар и значаен поим, подоцна таа еволура како сегментиран ентитет во безбедноста, со посебна и сериозна организациона структура, со врвни нивоа на раководење и умешност во извршување на конкретни и сложени проблематики.

Потребата од приватна безбедност може да се измери со помош на три варијабли:

- Приватното обезбедување е неопходно во општеството;
- Важноста на приватната безбедност во општеството;
- Присуството на приватната безбедност и човековите права.

Резултатот од овие варијабли се одвива во насока на истакнување на целосната потреба од постоењето на приватната безбедност и давање на акцент за значајната улога која што ја има истата во однос на обезбедување на соодветна состојба на безбедност во рамките на едно општество, држава. Ова не е само резултат на теориски поставени варијабли, туку и реална потреба во денешно време.

Можеме да заклучиме дека концептот на приватна безбедност ја зазема улогата на сериозен играч во однос на справување со современите закани, и ја поддржува основната идеаја за воспоставување на состојба на безбедност, сигурност и стабилност.

Како поширок поим таа подлежи на голем број категоризации, кои претставуваат соодветен симбол за определување на делот на функции извршени одделно од страна на нејзините подсектори. Така што приватната безбедносна индустрија најчесто се дели на физичка безбедност, безбедност на информациите, персонал за безбедност и сигурност на информациските системи. Ова води кон заклучно сознание дека фокусот е насочен токму кон овие четири подрачја, кои претставуваат основа за постоење на креативна и стабилна организациона состојба.

Врз основа на успешното функционирање приватната безбедносна индустрија подлежи на определени концепти кои се од суштинско значење. Како дел од најважните се вбројуваат: управувањето со ризик – како клучна основа за понатамошно извршување на предвидената акција, но пред тоа задолжителна анализа и проценка на истиот, безбедносна анкета чија цел е соодветна анализа за утврдување на безбедносната состојба во една држава, со што би се лоцирале слабостите во одредени системи на одбраната, и би се утврдил степенот на заштита кој што е потребен, комерцијален договор за безбедност изработен од страна на персоналот и вработените во соодветната институција, отворено или тајно извршување на одреден вид на задачи, воспоставена контрола за успешно извршување на планираните активности, со што ќе се допринесе до дополнителен степен на ефикасност, потоа следува тимот за управување со кризи, чија основна задача произлегува од пронаоѓање на "кризното јадро", поставување на лавиринт на движење, претходни обуки за начинот на дејствување во итни случаи. Врз основа на овие концепти, се определува сериозноста на работата која ја извршува приватниот безбедносен сектор. Доколку вака е поставена организационата структура и се фунционира во согласност со неа, напредокот ќе доаѓа последователно.

Потребата за јавно – приватно партнерство се развива од почетокот на осумдесетите години на XX век, како резултат на револтот од незадоволството од спроведените јавни услуги. Токму напорот за негов развој се одвивал во насока на адекватно одговарање на потребите на нацијата. Односите помеѓу овие два сектора, секогаш не биле силни и подлегнувале на низа на промени, со цел зголемување на

односот на соработка помеѓу истите. Дури и денес, можеме да забележиме, но и да констатираме во прилог на овој истражувачки труд, дека приватната безбедност зазема едно нормално ниво на опстојување, со оглед на фактот дека постои во сите земји, но и да потенцираме дека и покрај тоа што постои, напорите не се одвиваат во насока на нејзино зајакнување и сплотување на заедничките активности на приватното – јавно партнерство.

Овој факт, говори за неадекватното прифаќање на улогата на приватната безбедност. Како основни проблеми кои стојат на патот на соработка помеѓу полицијата и приватните агенции за обезбедување, се истакнува недовербата помеѓу засегнатите страни, зголеменото ниво на конкуренција, нејасното дефинирање на улогите и одговорностите, особено во однос на приватното обезбедување поради што се појавуваат низа на неадекватни постулати во релација на извршување на задачите и одговорност спрема истите. Од друга страна приватниот безбедносен сектор, смета дека јавниот сектор има ограничено познавање за приватната безбедносна индустрија и не го ценат напорот и улогата кои тие ја играат во решавање и спречување на криминалот и криминалните дела.

Вредно е да се спомене и сплетот на заеднички интереси кои ги имаат полицијата и приватните агенции за обезбедување. Приватниот и јавниот сектор може да ги координираат заедничките напори за заштита на критичната инфраструктура за која приватната безбедност е одговорна, координација на плановите во врска со евакуација, поголема заштита на луѓето во однос на обезбедување на стабилен напредок, и целосно ужзивање во човековите права и слободи. Видовме дека развојот на приватното-јавно партнерство поминало во период на прелазност на две генерациски фази, со што се истакнува неговата значајна улога во развојот и функционирањето на самото општество и самата држава.

Напорите од минатото, како и голем дел од несогласувањата во однос на заедничко сплотување и соработка, денес се показател на голем број на склучени партнерства помеѓу приватниот и јавниот сектор. Некои партнерства од минатото биле прекинати, но бројот на долгата листа на партнерства бележи значителен раст во текот на изминатата деценија. Може да се констатира дека постои значителен напредок на оваа соработка после грозоморниот чин од 9/11. Од тогаш па наваму, неофицијално, се склучени голем број на партнерства, како клучен аспект во однос на "држење под

контрола" на безбедносната ситуација во една земја. Овде говори фактот за сериозната сложеност на проблемот со криминалот и криминалните дела.

Видовме дека важноста на партнерството се одвива во насока на постојана координација на заедничките интереси, како и меѓусебно надополнување во делот на спроведување на активностите. Слабостите кај едната страна, се предност кај другата, од ова можеме да заклучиме дека соработката помеѓу нив е неопходна, и резултира со скплопување на мозаикот од заеднички идеи за остварување на секоја планирана цел. Функционирањето на ова партнерство прилагодено на концептот на приватна безбедност, црпи енергија за понатамошно опстојување врз основа на поставена успешна визија за тоа што би се случило во иднина од аспект на постојаните кризи. Со какви предизвици би се соочувале и што би сториле во врска со тоа? Но, за целосно и успешно да ја завршат својата работа покрај тоа што самите ќе придонесуваат во нивниот ангажман, потребна е и надворешна поддршка на нивните идеи срочени во сечија индивидуална безбедност. Безбедноста би се одржала доколку нивото на комуникација е високо, идеите споделени и поддржани, а ресурсите искористени на најрационален начин. Понатамошната енергија ќе доаѓа сама по себе како резултат на постигнување на рани успеси во однос на спречување на кривични дела. Добрата волја ќе резултира со меѓусебна почит и разбирање.

Приватното – јавно партнерство како следбеник на постојаниот развој на современата технологија, користи непосредна размена на информации за кривични дела и други закани кои претат како на јавната така и на приватната безбедност. Споделените информации се во насока на спречување на криминалот и тероризмот.

Од ова можеме да заклучиме дека со постоењето на ова партнерство ќе постои безбедносна состојба, окарактеризирана со висок степен на стабилност. Позитивните ефекти во однос на спречување на криминалот, тероризмот би биле предзнак за понатамошно проширување на истиот. Успешното јавно – приватно партнерство, видовме дека има дванаесет основни компоненти: заеднички цели (договор за заеднички цели уште на самиот почеток) и изјава за посветеност, заеднички задачи, познавање на способностите и мисиите на агенциите кои се вклучени во заедничката соработка, добро дефинирани проектирани резултати, распоред, образование, за сите кои се вклучени во партнерството, материјални цели, јасно идентификувани лидери, оперативно планирање, договор од страна на сите партнери за тоа како партнерството

ќе продолжи, взаемна заложба за обезбедување на потребните ресурси, проценка и известување. Тие се соодветен поттик и показател за важноста на неговото понатамошно функционирање.

Се добива двојна сила, дополнителен персонал и услуги, како и дополнително искуство во справување со сите проблематики од областа на приватната безбедност. Дали ова може да биде заменето со нечија научна публикација, некоја книга, некој разговор, некое истражување? Дали со овие средства би се постигнале позитивните резултати од сградувањето на концептот на приватна безбедност? Како соодветен заклучок, доаѓа нормативот дека приватното – јавно партнерство ја гради стабилноста на општеството, а приватната безбедност ја става како најважна гранка во корпусот на безбедноста. Па зарем и не е така, животот и потребите на човекот за негово дејствување, пред се? Заедничкото дејствување овозможува низа на позитивни причини, насочени кон: креативно решавање на проблеми, зголемување на можностите за обука, размена на разузнавачки информации во корист на безбедноста на државата, степен на повеќекратна сила во справување со можните ризици и закани.

Со истражувањето се потврди дека приватната безбедност во Република Македонија е во развој. Лош е фактот што не постои соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор за безбедност, а исходот од тоа, би бил значаен во воздигнување на приватната безбедност. Ситуацијата овде е многу подобра отколку реалната состојба во Србија, каде неодамна е усвоен Предлог законот за приватна безбедност, а до каде се развива таа, со оглед на овој факт? Не постои ниту една граница која може да го означи нејзиното дејство. Односите во приватната безбедност во Хрватска и Босна, го зазема највисокото место во однос на овие четири земји. И покрај бранот на тешки кризи со кои се соочувала секоја од нив, тие го направиле вистинскиот чекор, вистинскиот напор за остварување на соодветна идна безбедносна состојба.

Се потврди дека јавното – приватно партнерство не е толку изразено, но има симболична улога. Од тука сметам дека концептот на приватната безбедност низ призмата на приватното – јавно партнерство, треба да се развие бидејќи покрај тоа што ќе има придонес во подобрување на безбедносната состојба, ќе ја истакне својата значајност во справување со современите ризици и закани кои претат на секое општество.

Во западно – европските земји, приватното – јавно партнерство се базира на активна соработка, конкретни активности, заеднички дејства насочени во борбата против криминалот, криминалните дела и активности. Затоа доаѓа до израз и поголем степен на безбедност, и ангажирање во насока на постојано неутрализирање на заканите, како постојана опасност. Овде не се гледа на конкуренција, овде постои сплотеност на активностите, и ставање приоритет на приватната безбедност, а не на професијата.

Јавниот безбедносен сектор, не треба да гледа на конкуренција на приватниот сектор, бидејќи нивните комплементарни функции се насочени кон исполнување на заеднички цели. Недовербата кон приватниот сектор, во значителна мера треба да се намали, со што ќе стивне и ставот дека персоналот во приватниот безбедносен сектор е некомпетентен и тие треба сами да функционираат.

Со нивно заедничко дејствување се добива дополнителна сила на моќ, храброст и борбеност во справување со многу ризици и опасности кои се дел од широкиот спектар на разурнувачки дејства на криминалот. Ќе постои рационално искористување на ресурсите, високо ниво на соработка и подобри резултати од споделените идеи, размислувања, искуства.

Според мене, треба да се преземат низа на сериозни мерки и постапки, кои во голема мера ќе придонесат кон сплотување на јавниот и приватниот безбедносен сектор. Со ова ќе се создаде цврста и добра организираност во извршување на безбедносните задачи како и создавање на одбранбен штит за справување со безбедносните предизвици, а на самото тоа следбеник ќе биде воспоставувањето на стабилна безбедносна состојба. Значи концептот на приватна безбедност низ призмата на приватното и јавно партнерство, полека, но сигурно се остварува. Дали ова ќе продолжи ќе покаже времето и идните безбедносни/кризни ситуации.

## БИБЛИОГРАФИЈА:


1. Alison Wakefield, The Public Surveillance Functions of Private Security.

2. Armin Kržalić, STANJE PRIVATNE SIGURNOSTI U BOSNI I HERCEGOVINI, Cenar za sigurnosne studije – BiH, Septembar 2009.

3. Andrew Morabito and Sheldon Greenberg, Engaging the Private Sector To Promote Homeland Security: Law Enforcement-Private Security Partnerships, U.S. Department of Justice, Office of Justice Programs, Bureau of Justice Assistance.

4. Adizes I., Kako resti krizu upravljanja, Globus, Zagreb, 1999.

5. Aleksia T., Škuliá M., Kriminalistika, Dosije, Beograd, 2002.

6. Albrecht Schnabel and Vanessa Farr, Back to the Roots: Security Sector Reform and Development, 2012.

7. Bayley, H.D., Shearing D.C. The New Structure of Policing - research report, Washington:National Institute of Justice, 2001.

8. Benjamin S. Buckland, Theodor H. Winkler, Public Private Cooperation: Challenges and Opportunities in Security Governance.

9. Билјана Ванковска, Меѓународна безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2011.

10. Bill Smith Bowers and Tony Manzi, Private Security and Public Space: New Approaches to the Theory and Practice of Gated Communities, 2006.

11. Vladimir Čolović, Ph.D, LAW OF THE COUNTRIES IN THE REGION, Institute of Comparative Law, Beograd 2010.

12. В. Камбовски, Правната држава и организираниот криминал, Скопје, 1996.

13. William C. Cunningham, John J. Strauchs, and Clifford W.Van Meter, The Hallcrest Report II: Private Security Trends:1970–2000 (Boston: Butterworth-Heinemann 1990).

14. Generic crisis management, Handbook, 2000, II-1.

15. DOUW GERBRAND STEENKAMP, MA (UNIZUL), THE ROLE OF PRIVATE SECURITY IN CRIME PREVENTION, In the Department of Criminal Justice University of Zululand, January 2002.

16. Dusan Damjanovic, Tatijana Pavlovic – Krizanic, Gabor Peteri, Partnerstvo javnog I privatnog sektora, Dobra I losa iskustva u odabranim zemljama u tranziciji, Beograd, 2010.

17. Edward J. Maggio, Private Security in the 21st Century: Concepts and Applications, 2008.

18. Елисавета Стикова, Ризик и анализа на ризикот на работното место, Медицински факултет, Скопје 2007.

19. Zdravko Skakavac, Privatni sektor bezbednosti u Republici Srbiji - u susret zakonskoj regulativi, časopis „Civitas", Fakultet za pravne i poslovne studije Novi Sad, 2011.

20. International Centre for the Prevention of Crime (ICPC), Public-Private Partnerships and Community Safety: Guide to Action, September 2011.

21. Jorma Hakala, WHY REGULATE MANNED PRIVATE SECURITY?, 2008.

22. Johan S. Dempsey, Introduction to private security (second edition), USA, 2011.

23. J. Simpson: "Private security in Serbia: Industry growth is offset by poor legislation, creating a dangerous vacuum", (Neobjavljeni materijal), 16. mart 2005.

24. Јордан Спасески, Пере Алимоски, Саше Герасимоски, Приватна безбедност, Полициска академија-Скопје и Факултет за туризам и угостителство-Охрид/2008.

25. Јордан Спасески, Марјан Николовски, Саше Герасимоски, Безбедносни системи, Трет дел – Безбедносни системи на Република Македонија, Скопје, 2010.

26. Kevin Strom, PhD; Marcus Berzofsky, MS; Bonnie Shook-Sa, MAS; Kelle Barrick, PhD; Crystal Daye, MPA; Nicole Horstmann, BS; Susan Kinsey, BS, The Private Security Industry: A Review of the Definitions, Available Data Sources, and Paths Moving Forward, December 2010.

27. Karen Verpoest, Maarten van Dijck,Ghent University, Inventory and evaluation of private security sector contributions, 31 Aug, 2005.

28. Kotter, John P., Leading Change, Boston: Harvard Business School Press, 1996.

29. Kristin Valasek, Reforma sektora bezbjednosti i rodna pitanja, 2008.

30. Lindsey Cameron, Vincent Chetail, Privatizing war,, Private military and security companies under Public International Law, 2013.

31. Љубомир Стајић, "Правни оквир приватне безбедности", Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, бр. 1-2/2008.

32. Mark Golsby MSc CPP, POLICE AND PRIVATE SECURITY WORKING TOGETHER IN A CO-OPERATIVE APPROACH TO CRIME PREVENTION AND PUBLIC SAFETY, 1998.

33. Monica den Boer, Department of Governance Studies, VU University Amsterdam, A report on the ethical issues raised by the increasing role of private security professionals in security analysis and provision, December 2009.

34. Министерство за одбрана, современа македонска одбрана, Април 2010.

35. Митко Котовчевски, Национална безбедност на Република Македонија – II дел.

36. National policy summit: Building Private Security/Public Policing Partnerships to prevent and respond to Terrorism and Public Disorder, Private security/Public Policing, 2004.

37. Nicole Deitelhoff and Klaus Dieter Wolf,SecurityResponsibility? Corporate Governance Contributions to Peace and Security in Zones of Conflict, 2010.

38. Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год.

39. Оливер Бакрески, Драган Триван, Сашо Митевски, Корпорациски безбедносен систем, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Скопје 2012.

40. Оливер Бакрески, Милан Милошевиќ, Современи безбедносни системи, Компаративна анализа на земјите од југоисточна Европа, Скопје, 2010.

41. Paul Almond, The Palgrave Macmillan Corporate Manslaughter andRegulatory Reform.

42. Ralph F. Brislin, Module II.A, Public Relations (Community & Customer).

43. Revija za bezbednost, Strucni casopis o korupciji I organizovanom kriminalu, Novembar 2007.

44. Security Sector Reform and Intergovernmental Organisations, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces, 05/2009.

45. С. Славески , Безбедносен систем, Европски универзитет, Скопје, 2009.

46. Salvador Declaration on Comprehensive Strategies for Global Challenges: Crime Prevention and Criminal Justice Systems and their Development in a Changing World. 12th Crime Congress on Crime Prevention and Criminal Justice, 12-19 April 2010.

47. SALW i firme za privatno obezbeđenje u jugoistočnoj Evropi:uzrok ili posledica nesigurnosti? (15. 08. 2008).

48. Sonja Stojanović,O potrebi istraživanja privatnog sektora bezbednosti u Srbiji, OEBS 2008.

49. U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services, Operation partnership – Trends and practices in Law Enforcement and Private Security Collaborations, Washington.

50. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Зборник на трудови, Меѓународна научна конференција Балканот – безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Охрид, 1 и 2 октомври, 2010 г., Конгресен центар на УКИМ.

51. UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME Vienna, CRIMINAL JUSTICE HANDBOOK SERIES, State Regulation concerning Civilian Private Security Services and their Contribution to Crime Prevention and Community Safety, UNITED NATIONS New York, 2014.

52. United Nations Guidelines for the Prevention of Urban Crime. ECOSOC Res. 1995/9 Annex; United Nations Guidelines for the Prevention of Crime. ECOSOC Res. 2002/13 Annex; see also UNODC, (2010).

53. Филозофски факултет, Скопје, Институт за безбедност, одбарана и мир, Безбедносни дијалози, Списание од областа на безбедноста, одбраната и мировнните науки, број 2, година I, 2010.

54. F. Schreier and M. Caparini, Privatising Security: Law, Practise and Governance of Private Military and Security Companies, Geneva, DCAF, 2005.

55. 4th European conference private security "Towards a European Model of Private Security" Joint declaration by CoESS and UNI-Europa, Madrid, 14&15 October 2004.

56. Hans Born, Marina Caparini, and Eden Cole, GENEVA CENTRE FOR THE DEMOCRATIC CONTROL OF ARMED FORCES (DCAF)Regulating Private Security in Europe: Status and Prospects, 2007.

57. CoESS, An Open and Safe Europe – What's next?

Private Security Services Industry views to the European Commission public consultation on the Future of DG HOME Policies.

58. CoESS, Private Security Services in Europe, 2011.

59. CoESS, Critical Infrastructure Security and Protection, The Public-Private Opportunity.

60. Clifford E. Simonsen, Private Security in America: An Introduction (Upper Saddle River, NJ: Prentice Hall, 1998).

61. Christoph Bleiker and Marc Krupanski, The Rule of Law and Security Sector Reform

Conceptualising a Complex Relationship, 2012.

**Законски и подзаконски акти:**

1. Закон за приватно обезбедување (Службен весник број: 166/2012, 26.12.12).

2. Закон за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување (Службен весник број: 164/2013, 27.11.2013).

3. Закон за обезбедување на лица и имот (Службен весник на РМ" бр.80/99), 09.03.2010).

4. Закон за внатрешни работи (Службен весник на Република Македонија, бр. 41/14, 07.08.2014).

5. Закон за полиција (Службен весник на Република Македонија, бр. 41/14, 07.03.2014).

6. Закон за оружје (Службен весник на Република Македонија, бр. 7/05, 20.11.2012)

7. Zakon o policiji ("Službeni glasnik RS", br. 101/2005, 63/2009).

8. Economic and Social Council resolution 2002/13, annex.

9. ZAKON O PRIVATNOM OBEZBEĐENJU (Sl. glasnik RS br. 104/13)

**Интернет страни:**

1. http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/public consultation/2013/pdf/0027/organisations/coess-confederation-of-european-security-services_en.pdf

2. http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/publicconsultation/2013/pdf/0027/organisations/coess-confederation-of-european-security-services_en.pdf

3.http://www.coess.eu/_Uploads/dbsAttachedFiles/Inventory_and_evaluation_of_private_security_sector_contributions.pdf

4.http://www.katastar.gov.mk/userfiles/file/NSDI/Plan%20za%20implementacija/D7.4%20Risk%20 Management%20231111_mk.pdf

5. https://www.ncjrs.gov/pdffiles1/bja/210678.pdf

6. http://www.fvv.uni-mb.si/varstvoslovje/Articles/VS_2009-2_Bakreski_Milosevska.pdf

7. http://nikob.com.mk/uslugi/transport-na-pari-i-vrednosni-pratki/

8. http://ceas-serbia.org/root/images/U_korak_sa_privatnim_sektorom.pdf

9. http://ceas-serbia.org/root/prilozi/CEAS-analiza-regulisan-privatni-sektor-bezbednosti-bezbedniji-zivot-gradjana.pdf

10. http://www.bezbednost.org/Sve-publikacije/5602/Cinjenicama-do-boljeg-privatnog-obezbedjenja.shtml

11. http://www.mup.gov.rs/cms/resursi.nsf/Zakon%20o%20policiji-lat.pdf

12. http://www.obezbeduvanje.org.mk//Main.aspx

13. http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=71

14. https://www.ncjrs.gov/

15. http://www.coess.eu/

16. http://ec.europa.eu/index_en.htm

17. http://www.fbi.gov/

18. http://www.stabilitypact.org/wt3/SSRYork.asp